UNODC
United Nations Office on Drugs and Crime

ПРИРАЧНИК СО АЛАТКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ВО ПРОЦЕСОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ДРОГА И КРИМИНАЛ

ПРИРАЧНИК СО АЛАТКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ВО ПРОЦЕСОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
Виена, 2023

БЛАГОДАРНОСТ

Овој прирачник со алатки го изработи Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ), Глобалната програма за спроведување на Конвенцијата за организиран криминал во Одделот за поддршка на конференциите на Огранокот за организиран криминал и недозволена трговија на Одделот за меѓународни договори, со великодушна поддршка на Владата на Канада.

Прирачникот го изработиМарика МекАдам, со поддршка од Сесилија Фарфан-Мендез и следниот персонал на УНОДЦ: (по абецеден редослед): Магдалена Хауланд, Дмитриј Орлов и Риика Путонен. УНОДЦ исто така сака да им се заблагодари на следните лица за нивниот придонес: Џулиен Баструп-Бирк, Димостенис Хрисикос, Маргот Дениер, Роксана-Андреа Мастор, Роксана Милот, Марија Кристина Монтефуско, Елена Пол, Маријан Салема, Хана Сендс и Ерин Јанц.

УНОДЦ, исто така, сака да им се заблагодари на следните експерти кои присуствуваа на состанокот на експертската група за поддршка на развојот на Прирачникот со алатки и кои придонесоа за истражувањето (по азбучен ред): Фелија Алум (Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска), Јана Арсовска (Соединети Американски Држави), Азизхон Бахадиров (Регионална канцеларија на УНОДЦ за Централна Азија), Дора Бјамукама (Уганда), Едвин Канту (Канцеларија за врски и партнерства на УНОДЦ во Мексико), Анабела Коридони (ИНТЕРПОЛ), Сантани Дицајабут (Тајланд), Мариса Даусвел (Канада), Серена Форлати (Италија), Стен Гилмур (Обединето Кралство), Џон Гитонго (Кенија), Роберт Хенри (Канада), Емили Кени (UN Women), Тарик Хоса (Пакистан), Јумна Махлуф (Либан), Кетрин Малдонадо (Соединети Американски Држави), Сара Мекавити (Обединето Кралство), Клаудија Каталина Монтањез Руиз (УНОДЦ), Жак Мухиндо (Демократска Република Конго), Салила Наратарукса (Регионална канцеларија на УНОДЦ за Југоисточна Азија и Пацифик), Морган Никот (УНОДЦ), Ана Паула Оливеира (Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал), Рохан Ричардс (Јамајка), Сара Есперанза Родригез Силва (УНОДЦ), Андреа де Силва (UN Women), Џејми Смит (Шведска), Хавиер Ортиз Саливан (Мексико).

Издавачка продукција: англиски јазик, Секција за издавачки и библиотекарски дејности, Канцеларија на Обединетите нации во Виена.

СОДРЖИНА

ВОВЕД

ПРЕГЛЕД

Целта на овој Прирачник со алатки е да го поддржи вклучувањето на интерсекциските размислувања за родовите и човековите права во законите, политиките и стратегиите против организираниот криминал, во согласност со Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал (Конвенција за организиран криминал) на Обединетите нации и со другите релевантни меѓународни инструменти.

Вклучувањето на интерсекциските родови и човекови права во законите, политиките и стратегиите ги зајакнува напорите против организираниот криминал.

Димензиите на родовите и на човековите права на организираниот криминал се релевантни за:

- *Причините,* затоа што родовата нееднаквост и злоупотребата и прекршувањето на човековите права создаваат плодна почва за организираниот криминал;
- *Последиците,* од организираниот криминал, во сите негови форми, влијаат врз родовите и човековите права на засегнатите поединци ;
- *Решенијата,* со оглед на тоа што аспектот на родовите и човековите права е клучен за ефективноста на одговорите.

Целта на овој Прирачник со алатки е да покаже на кој начин законодавството и политиките, кои одговараат на различните искуства на луѓето од сите родови, возрасти, способности и попреченості, обезбедуваат адаптирани и ефективни одговори на сложениот и еволутивниот пејзаж на организираниот криминал.[1]

КОЈА Е УЛОГАТА НА ПРИРАЧНИКОТ СО АЛАТКИ

Овој Прирачник служи како поддршка за изготвувачите на законите и креаторите на политики во процесот на вклучување на аспектите на родовите и човековите права во законодавството, политиките и стратегиите за спроведување на Конвенцијата за организиран криминал и другите релевантни меѓународни инструменти.[2]

- Во воведот е даден преглед за тоа како да се користи Прирачникот со алатки

[1] Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ), Издание: *Организиран криминал и род – прашања поврзани со Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022), стр. 8–13; и УНОДЦ, „Стратегија за родова еднаквост и зајакнување на жените (2022–2026)“ (Виена, 2022).

[2] Види меѓу другото, CTOC/COP/2022/9, гл. I, дел. A, резолуција 11/1, анекс I; резолуција 11/2, анекс II; и резолуција 11/5. Иако прирачникот не ги опфаќа експлицитно трите протоколи кон Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, тој може да се примени на напорите за спроведување на тие инструменти.

- Глава 1 е даден преглед за тоа како да се користи Прирачникот со алатки
- Глава 2 ги прикажува меѓусебно поврзаните човекови права и родовите аспекти со кои се насочува толкувањето и спроведувањето на Конвенцијата
- Глава 3 ја објаснува улогата на законот и креирањето политики во вклучувањето на интерсекциските родови и човекови права во мерките против организираниот криминал
- Глава 4 дава практични насоки за клучните цели во превенцијата и борбата против организираниот криминал во согласност со Конвенцијата
- Глава 5 нуди предлози за финансирање и индикатори за прилагодување за следењето, евалуацијата, учењето и отчетноста на законите и политиките
- Глава 6 дава списоци за проверка за ревизија на политиките и законите во контекст на аспектите за родовите и човековите права

Во Анексот се дадени неколку поенти за застапување кои можат да им послужат на корисниците при нивното залагањето за родово-одговорни пристапи и пристапи засновани на човекови права, како и влезни точки преку кои аспектите за родовите и човековите права можат да бидат вклучени во Механизмот за преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и неговите протоколи.

КАКО ДА СЕ КОРИСТИ ПРИРАЧНИКОТ СО АЛАТКИ

Иако родовите и човековите права мора да се земат предвид во текот на сите фази во процесот на изготвување на политиките и законите, кои делови од Прирачникот со алатки корисниците ќе ги сметаат за релевантни ќе зависи од нивниот специфичен контекст, целите и предизвиците. Некои делови може да бидат порелевантни за креаторите на политиките, а други за подготвувачите на законите.[3] Сите согледувања, аналитички прашања, студии на случаи, најдобри практики и составни елементи на родовите аспекти и човековите права во главните политики на корисниците им се нудат за да научат од нив и за да ги приспособат според нивниот контекст. Списоците за проверка, содржани во Глава 6, може да бидат целосно или делумно корисни, во зависност од тоа кои делови од законот или политиките се предмет на анализа.

Важноста на контекстуализацијата: Човековите права и родовата еднаквост се речиси универзална цел, но законите и политиките што се преземаат за да се постигнат овие цели се разликуваат од земја до земја. Разликите во правните системи на државите, институциите, капацитетот и рамката на законодавството и политиките покажуваат дека не постои единствен пристап за ова. Навистина, пристапот со кои се штиклира квадратчето кое ги споменува човековите права и родот во законите и документите за политиките веројатно ќе биде неделотворен, па дури и штетен за луѓето на кои тие се однесуваат. Затоа, корисниците ќе мора да ги прилагодат практичните упатства понудени овде на нивниот сопствен контекст.[4]

Однос со други ресурси на УНОДЦ: Прирачникот со алатки ги надополнува другите ресурси развиени од страна на УНОДЦ како поддршка за државите во спречувањето и борбата против организираниот криминал (види Дополнителни ресурси). За да се постигне сеопфатно разбирање на димензиите на родовите и човековите права при спроведувањето на Конвенцијата, корисниците се поттикнуваат да се повикаат на документите наведени подолу и кои во Прирачникот со алатки се споменуваат како референтни.

[3] На пример, на креаторите на политики кои работат на политиките за спречување на криминалот ќе им биде корисно глава 4.1 (и делот 4.2 помалку релевантен). Подготвувачите на законодавството кои сакаат да го преиспитаат постојното законодавство во согласност со обврските за човековите права може да најдат корисна почетна точка од Анекс II.

[4] Притоа, корисниците можеби ќе сакаат да побараат техничка помош од Глобалната програма на УНОДЦ за спроведување на Конвенцијата за организиран криминал: од теорија до пракса (е-пошта: implement.untoc@un.org).

УНОДЦ, *Алатка за стратегии за организиран криминал за развој на стратегии со големо влијание* (Виена, 2021 година) помага во развојот и спроведувањето на националните и регионалните стратегии за борба против организираниот криминал

Издание: Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права (Виена, 2022 година) ја обработува врската помеѓу Конвенцијата и меѓународното право за човекови права

Издание: *Организираниот криминал и родот - прашања поврзани со Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022) ја објаснува концептуалната рамка за вклучување на родовите аспекти во главните политики за одредени прашања во спроведувањето на Конвенцијата

Модел на законодавни одредби против организираниот криминал, второ издание, (Виена, 2021 година) нуди модел на одредби и објаснувачки белешки за различни аспекти на изготвување закони за спроведување на Конвенцијата

Понатаму, порталот за управување со знаење „*Sharing Electronic Resources and Laws on Crime*“ (SHERLOC) служи како база на законодавства, политики, судска практика и други алатки од целиот свет. Корисниците можат бесплатно да пристапат до порталот и да придонесуваат со сопствени ресурси во корист на другите, како дел од напорите за поддршка на соработката против транснационалниот организиран криминал.

Прирачникот со алатки се потпира на овие и на други ресурси, а ги користи и согледувањата добиени на состанокот на експертската група одржан во Виена од 27 до 29 март 2023 година.[5]

[5] Прирачникот е изработен врз основа на меѓусекторските цели на Обединетите нации во областа на родовата еднаквост и човековите права, што претставуваат основа за работата на УНОДЦ за поддршка на ефективниот одговор на државите при спроведувањето на Конвенцијата. Види УНОДЦ, „Стратегија за родови прашања и еднаквост“ и анекс A/67/775-C/2013/110.

Глава I.

КОНВЕНЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ ПРОТИВ ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Конвенцијата се однесува на спречување, истраги и прогон на низа кривични дела кои се од транснационална природа и вклучуваат организирана криминална група.

Слика 1. Опфат на Конвенцијата

Разбирањето на организираните криминални групи како групи кои дејствуваат со цел да се добие финансиска или друга материјална корист ги исклучува терористичките организации, хуманитарните актери или политичките или социјалните групи чиишто активности не се мотивираани со финансиска или материјална корист. Затоа, овој елемент претставува важна заштита на човековите права од злоупотреба на Конвенцијата за елиминирање на политичките ривали, криминализирање на протестите и застапување или за забранување на социјалните групи.[6]

Табела 1. Човековите права и родот во Конвенцијата

Конвенцијата против трансационалниот организиран криминал и...	
ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА	**РОД**
Меѓусебната врска помеѓу Конвенцијата за организиран криминал и човековите права произлезе од загриженоста за негативните влијанија на организираниот криминал врз човековите права, што подоцна беше изразено во голем број резолуции на Конференцијата на страните на Конвенцијата.*	Родот и другите интерсекциски атрибути (вклучувајќи возраст, пол, етничка припадност, социо-економски статус, меѓу другото), се релевантни за искуствата на различни луѓе со организираниот криминал, како и од кого е извршен организираниот криминал, какво е неговото влијание и колку се ефикасни мерките против него.
Таму каде што законите, политиките и стратегиите не реагираат на оваа интерсекциска динамика, таму напорите за имплементација на Конвенцијата може да се покажат како неделотворни, контрапродуктивни и штетни.	

* Види, меѓу другото, резолуциите 5/1, 6/1, 10/6, 9/3 и 11.2 од Конференцијата на страните на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.

Постои циклична, заемно корисна врска помеѓу обврските содржани во Конвенцијата и оние содржани во меѓународното право за човекови права. Борбата против организираниот криминал и унапредувањето на родовата еднаквост и човековите права се цел сами по себе, но и средство со кое може да се постигне другото. Како што е прикажано во овој Прирачник и во ресурсите содржани во него, законите, политиките и стратегиите кои го опфаќаат прашањето на родот и се усогласени со човековите права се, генерално, поефикасни од оние што не се такви.[7]

Постои циклична, заемно корисна врска меѓу обврските содржани во Конвенцијата и обврските содржани во меѓународното право во областа на човековите права. Борбата против организираниот криминал и унапредувањето на родовата еднаквост и човековите права сами по себе се цели и средства со помош на кои може да се постигне она другото. Како што се покажува во овој прирачник и во изворите наведени во него, законите, политиките и стратегиите кои се родово одговорни и усогласени со човековите права се, генерално, поефикасни од оние кои што не се.

Конвенцијата нуди рамка за спречување на организираниот криминал: криминализација, истрага, гонење и пресудување на сродни дела; заштита и помош на сведоците, жртвите, осомничените и сторителите; и соработка против организираниот криминал. Организирањето на овие цели во рамката

[6] УНОДЦ, Издание: Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права (Виена, 2022), стр. 28 и 29.

[7] Обврските произлегуваат од неколку меѓународни договори за човекови права, вклучувајќи ја Универзалната декларација за човекови права и Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација против жените.

„ППЗУ“, втемелена врз целите на Конвенцијата, нуди структуриран начин за идентификување на влезните точки преку кои родовите аспекти и човековите права ќе бидат вклучени во политиките за:

- Превенција на организираниот криминал
- Прогон на организираните криминални групи
- Заштита на лицата погодени од организиран криминал
- Унапредување на соработката за овие цели

Изолираното промовирање на овие цели е неефикасно; тие се интегрални и меѓусебно поврзани компоненти на еден сеопфатен одговор кои меѓусебно се зајакнуваат, вклучувајќи ги (но, не ограничувајќи се на) на начините наведени на сликата подолу.

Слика 2. Сеопфатна правна рамка на политиките против организираниот криминал

Глава 2.

ИНТЕРСЕКЦИСКИ ПРИСТАП ЗАСНОВАН НА РОДОВИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

2.1 РАЗБИРАЊЕ НА ПОИМОТ ИНТЕРСЕКЦИОНАЛНОСТ

Интерсекционалноста претставува рамка со која се анализира начинот на кој моќта и идентитетот се вкрстуваат за да влијаат на социјалните односи и индивидуалните искуства.[8] Со неа се истакнува дека искуствата на мажите, жените и родово-различните поединци се во интеракција со нивната класа, раса, возраст, етничка припадност, сексуален или друг идентитет, со што се обликува начинот на кој луѓето се перцепирани во општеството. Интерсекционалноста е секогаш контекстуална: на пример, каста, клан, племе, етничкиот идентитет или идентитетот на заедницата во некои контексти може да бидат одлучувачки фактор, а во други да имаат помала релевантост.

Термините „жени, мажи и родово различни луѓе“ и „жени, мажи, девојчиња и момчиња“ во Прирачникот со алатки се користат наизменично. Важно е да се напомене дека намерата не е да се фокусираме на бинарни категории или да ја игнорираме реалноста на другите родови, туку да ја подигнеме видливоста на родот во Прирачникот со алатки.

„Тркалото на интерсекционалност“ прикажано подолу е корисен ресурс со кој се покажува како интерсекционалноста влијае врз начинот на кој законодавците и креаторите на политики пристапуваат кон нивната работа. Размислувањето за тоа кој има привилегија и моќ и под кои околности – а кој нема – овозможува пореален и поефективен развој на законските политики и стратегии против организираниот криминал.

[8] УНОДЦ, Издание: *Организираниот криминал и родот*, стр. 7 (види фуснота 1). Види исто така, Партнерство на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост и Ентитетот на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN-Women), *Водич и алатки за ресурси за интерсекција: Интерсекциски пристап никој да не е изоставен* (2021), стр. 8, и Кимберле Креншо, „*Демаргинализирање на пресекот на расата и полот: црна феминистичка критика на антидискриминациската доктрина, феминистичка теорија и антирасистичка политика*“, Правен форум на Универзитетот во Чикаго, кн. 1989, бр.1, чл. 8 (1989).

Слика 3. Тркалото на интерсекционалност



Извор: Преземено од Партнерството на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост и Ентитетот на Обединетите Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN-Women), Водич за ресурси и алатки за интерсекционалност: Интерсекциски пристап Никој да не биде изоставен (2021), стр. 8, адаптирана од верзијата на Тркалото за интерсекционалност на Институтот за еднаквост.

За речникот на клучни термини за родот, види издание: *Организираниот криминал и родот – Прашања во врска со Конвенцијата на ОН против организираниот криминал* (Виена, 2022), стр. 6 и 7

Вежба: Саморазмислување за привилегиите и моќта

„Тркалото на привилегиите и моќта“ прикажано подолу, е специјално дизајнирано за канадскиот контекст, како почетна точка за размислување за интерсекциските фактори кои одредуваат кој има моќ во општеството.[a]

Тркало на привилегија и моќ

(колку што сте поблиску до центарот, толку сте попривилегирани)



Забелешка: Категориите дадени во тркалото се примери релевантни за канадскиот контекст и како такви не треба да не ограничуваат. Интерсекционалноста е широк концепт, а ова тркало е само почетна точка.

Прашања за саморазмислување:

1. Кои елементи не се применливи во контекст на вашата земја и зошто?
2. Што треба да се додаде за да се направи оваа алатка применлива во вашата земја?
3. Дали вашата позиција во тркалото го одразува вашето чувство за моќта што ја имате во (а) вашето семејство, (б) вашата заедница и (в) вашето работно место?
4. Дали мислите дека вашата позиција во тркалото е праведна? Зошто да или зошто не? До која мерка факторите што се однесуваат на вас, влијаеле врз изборите што сте ги направиле?
5. Како може нерамнотежата на моќта што ја идентификувавте да се реши во законот и политиките?

[a] *ИРЦЦ Стратегија против расизмот 2.0 (2021-2024) – Управување со промени*, (Влада на Канада, 2022).

2.2 ПРИМЕНАТА НА ИНТЕРСЕКЦИОНАЛНОСТА ВО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Интерсекциските фактори, како што се локацијата, социо-економскиот статус, етничката припадност, родот и автохтоноста, влијаат на начинот на кој луѓето се засегнати од организираниот криминал и на нивната интеракција со него.

Табела 2. Примери на интерсекциска дискриминација и штетата на организираниот криминал врз човековите права

ВИД	ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА	ШТЕТА ПО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Насилство од криминални банди	Претежно од и против момчиња врз основа на етничка припадност, род, место на живеење, социо-економски статус	Физички интегритет; право на образование; економски права
Злосторства против шумите и дивиот свет	Против домородното население и оние во руралните средини според местото на живеење, етничката припадност и родот	Деградација на природните ресурси на домородните, руралните и урбаните заедници; економски права вклучувајќи го и правото на соодветен животен стандард; учество во културниот живот
Нелегална трговија со отпад	Луѓе кои живеат во заедници во близина на депонии	Негативно влијание врз правото на здравје (рак, белодробни заболувања и вродени аномалии)[a]
Криминал со фалсификувани медицински производи	Врз основа на писменоста, економскиот статус и родот, што може да влијае на улогите, статусот и правата, пристапот до ресурси, грижата и поддршката и културните норми кои водат до здравствени ризици.[6]	Право на здравје; право на информации

[a] Види Филип Ј. Ландриган и други, „Комисијата на Миндеро-Монако за пластика и здравјето на луѓето“, Анали на глобалното здравје, кн. 89, бр. 1 (2023).

[6] Европскиот комитет за проблеми со криминалот откри дека жените се соочуваат со поголеми неповолности поради овие фактори, а со тоа се и повеќе изложени на ризик од фалсификувани медицински производи. Види УНОДЦ, Издание: *Организираниот криминал и родот: прашања поврзани со Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022), стр. 23.

Изготвувачите на законите и креаторите на политиките треба да спроведат родова анализа за тоа како органиизраниот криминал ги погодува мажите, жените, девојчињата и момчињата и лицата со разновиден род, за да можат на практичарите на кривичната правда да им понудат алатки кои ќе одговараат на реалноста. Интерсекционалноста влијае и на тоа каков ќе биде одговорот на организираниот криминал. Како дел од општеството, ниту законодавците и креаторите на политиките не се имуни на предрасуди, општествени вредности, културолошки шаблони и практики кои се вградени во родовото насилство. На пример, во некои земји, насилството врз жените не се третира како насилство што е подеднакво сериозно со другите форми на насилство.[9]

Понатаму, интерсекционалната перспектива им овозможува на практичарите увид дека жртвите и сторителите не се категории што меѓусебно се исклучуваат, бидејќи луѓето можат да бидат едно или друго или се и двете истовремено. Тинејџерка регрутирана во организирана криминална група може да изврши насилство како дел од нејзиното учество во криминалните активности, но може и самата

[9] Види Ажурирани модел стратегии и практични мерки за елиминирање на насилството врз жените во областа на спречување на криминалот и кривичната правда (Резолуција на Генералното собрание 65/228, анекс).

да биде жртва на насилство. Без родово-одговорни показатели кои се засноваат на докази, можно е властите да не успеат да ги идентификуваат жртвите или истите погрешно да ги идентификуваат како престапници. Покрај тоа, неуспехот да се увиди дека мажите можат да бидат жртви, а жените сторители, може да доведе до секундарна виктимизација од страна на правосудниот систем, со што ќе се оневозможи фаќањето на сериозните криминалци.

Со разгледување на клучните „овозможувачи“ на интерсекционалноста (нагласени во табела 3), законодавците и креаторите на политики можат - и треба - да го анализираат својот контекст и да се справат со своите (потсвесни) предрасуди, верувања и претпоставки.

Табела 3. Овозможувачи на интерсекционалноста[a]

ОВОЗМОЖУВАЧ	ПРАШАЊА ШТО ТРЕБА ДА СЕ РАЗГЛЕДААТ
1. Рефлексивност Сите ние имаме несвесни предрасуди и верувања. За да се минимизира нивното штетно влијание врз нашата работа и врз начинот на кој се поврзуваме со другите, неопходно е истите да ги испитаме. Рефлексивноста е процес со кој учиме за нашите несвесни предрасуди, верувања, судови и практики.	• Како го обликуваат родовите и другите стереотипи нашето разбирање за организираниот криминал? • На кој начин можеме критички да размислуваме за тоа како нашите предрасуди, ставови и верувања влијаат врз нашите мислења и постапки во врска со организираниот криминал? • На кој начин нашата привилегираност директно или индиректно ги доведува во неповолна положба другите со кои работиме или со кои се среќаваме во нашата работа против организираниот криминал, вклучувајќи ги и потенцијалните жртви и сторителите? • Што можеме да направиме за да ги решиме овие прашања при развојот и спроведувањето на законите и мерките на политиките?
2. Достоинство, избор и автономија Почитувајте го и поддржувајте го достоинството, изборот и автономијата на сите луѓе. Ова не може да се преземе во име на други, а донесувањето одлуки не се заменува.	• Кој е независен, а кој не во организираните криминални групи? Кој има целосна контрола врз тоа како да се живее животот, а кој не? Какво влијание има ова врз улогите на луѓето во организираниот криминал и нивниот ангажман во системот на кривичната правда? • Кој го споделува својот став за организираниот криминал и справувањето со него, а кој не? • Кој ги споделува своите ставови со практикантите на кривичната правда и зошто?
3. Пристапност и универзален дизајн Користете пристап за универзален дизајн, обезбедувајќи пристапност и разумно адаптирање.[6]	• Кој е составот на нашиот кривично-правен систем? На кој начин профилот на персоналот е сообразен со интерсекциските идентитети на луѓето со кои се среќаваме во нашата работа? На кој начин може овој состав да влијае на начинот на комуникација со луѓето што се надвор од кривично-правниот систем? • Како да ги прашаме луѓето што им е потребно за да се приклучат во напорите за борба со организираниот криминал? • Како можеме да ги отстраниме физичките, сообраќајните, информациските и комуникациските бариери или да обезбедиме разумни алтернативи за таквото учество? • Како можеме да се справиме со бариерите во ставовите, и со еколошките и институционалните пречки за таквото учество?

ОВОЗМОЖУВАЧ	ПРАШАЊА ШТО ТРЕБА ДА СЕ РАЗГЛЕДААТ
4. Различни форми на знаење Одредете ги приоритетите и учете од луѓето со различни форми на знаење кои обично се исклучени од експертски улоги. Постои врска помеѓу производството и дизајнот на моќ и на знаење.	• Како знаеме што мислиме дека знаеме за организираниот криминал? Кој ни кажал? • Кој бил и не бил консултиран? Дали се консултираме со различните заедници погодени од организираниот криминал? • Чиј глас недостига од дискусијата поради структурната нееднаквост?
5. Интерсекциски идентитети Размислете на кој начин различните идентитети комуницираат за да создадат единствен социјален ефект кој варира во зависност од времето и местото. Идентитетите не се поединечни и различни, ниту се адитивни.	• Кои се интерсекциските идентитети на лицата кои се вклучени во организираниот криминал како жртви, сторители и испитаници? • Кој недостига?
6. Релациска моќ Бидете свесни и предизвикајте ја релациската моќ, вклучително и вашата. Луѓето може да доживеат моќ во еден контекст/време, а угнетување во друг контекст.	• Кој и во кои околности ја има моќта и носи одлуки во организираните криминални групи? • Како се повикуваат на одговорност за нивните одлуки? • Кој и во кои околности ја има моќта во системот на кривичното правосудство? • Кој носи одлуки во системот на кривичното правосудство околу одговорот на организираниот криминал? • Како се повикуваат на одговорност носителите на одлуки во системите на кривичното правосудство за своите одлуки
7. Време и простор Препознајте го влијанието на времето и просторот. Ништо не е статично, привилегиите и недостатоците се флуидни и под влијание на социјалната положба и локација.	• Дали начинот на којшто перципираме кој *има привилегија и моќ* изгледа различно на оваа локација? Како влијае ова на учеството во организираните криминални групи, но и на зголемување на ранливоста за виктимизација? Дали оваа привилегија и моќ се менува кај различни видови организиран криминал и организирани криминални групи? • Дали *дискриминацијата* е поинаква на оваа локација? Во различни генерации? Кај различни видови на организиран криминал? Низ различни сектори од кривичното правосудство?
8. Трансформативно и засновано на права Да се промовираат човековите права и да се решат нееднаквостите преку трансформирање на општествените структури и менување на начинот на кој што се произведуваат и распределуваат ресурсите и односите.	• Како можеме да го подобриме начинот на кој се развиваат / или се спроведуваат законите и политиките како одговор на организираниот криминал? • Како можеме да го промениме начинот на кој се распределуваат ресурсите за да се решат нееднаквостите? • Како можеме да ги трансформираме односите во поширокото општество со кои се продолжуваат интерсекциските нееднаквости? На кој начин ова може да придонесе за спречување на организираниот криминал и постигнување на поправедно и родово одговорно кривично правосудство?

[a] Адаптирано од Партнерството на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост и Ентитетот на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women), Водич за ресурси и алатки за интерсекција: Интерсекциски пристап никој да не е изоставен (2021), (2021 година). стр. 13 и 14.

[6] Разумно адаптирање значи неопходна и соодветна модификација и прилагодувања со кои не се наметнува непропорционален или непотребен товар, онаму каде што е потребно, за да се обезбеди дека лицата со попреченост се третираат еднакво како и другите во однос на уживањето или остварувањето на човековите права и основните слободи. Универзален дизајн значи дизајн на производи, опкружување, програми и услуги што ќе можат да ги користат сите луѓе, во најголема можна мера, без потреба од адаптација или специјализиран дизајн. Универзалниот дизајн не ги исклучува помошните уреди за одредени групи на лица со попреченост тогаш кога тоа е потребно.

Собирањето податоци може да биде поддршка за анализата на овозможувачите на интерсекционалноста. Овде е спаѓа и периодично анализирање на начините на кои се манифестира организираниот криминал на национално ниво, но и одговорот на државата на него. Ваквите податоци, во идеални услови, би требало да се расчленат според факторите како што се род, возраст, расна или етничка група, националност, ниво на образование и статус на попреченост.

За да се обезбеди интерсекциски пристап, изготвувачите на законодавството и креаторите на политиките треба да се занимаваат со клучните прашања во врска со организираниот криминал, како што се:

2.2.1 ПРИЧИНИТЕЛИ

- Како интерсекциските идентитети, вклучувајќи ја етничката припадност, расата, религијата, културата, возраста, сексуалната ориентација, попреченоста, родовиот идентитет и класниот идентитет ја сочинуваат дискриминацијата и штетата врз човековите права врз основа на половите и родовите улоги и значењата што им се дадени?[10]
- Какви ставови имаат луѓето во општеството кон луѓето со различни интерсекциски идентитети (род, возраст, националност, етничка припадност, економски статус, итн.)?
- Каква улога играат овие фактори за тоа кој го врши организираниот криминал и кои се нивните улоги, како и за тоа кој е виктимизиран и кои се нивните искуства на виктимизација?
- Каква улога може да играат законот и политиките во справувањето со овие причинители?

2.2.2 ПОСЛЕДИЦИ

- Кои се искуствата, потребите, приоритетите и способностите на мажите, жените, момчињата, девојчињата и родово различните луѓе вклучени во организираниот криминал, како жртви или како сторители?
- Како влијаат нормативните рамки врз мажите, жените, родово различните луѓе и луѓето со различни способности заради нееднаквостите како што се способност, расизам, хомофобија, ксенофобија или дискриминација врз основа на здравствениот статус?[11]
- До кој степен овие интерсекциски фактори одредуваат кој работи во системот на кривичната правосудство и на кој начин тие соработуваат со луѓето со кои се среќаваат на работа?
- Каква улога можат да одиграат законот и политиките во справување со нерамнотежата и во обезбедување пристап до кривичната правда кој што се заснова на родовите и човековите права, како и за поправедно уживање на човековите права на оние што се во контакт со правосудниот систем?

2.2.3 РЕШЕНИЈА

- Како и дали се претставени или не овие фактори во постоечките закони и политики?
- Како можат политиките и законите за организиран криминал подобро да одговорат на овие фактори?
- Како можат мажите, жените, девојчињата, момчињата, родово-различните и луѓето со различни способности да бидат ангажирани во информирањето за нормативните рамки?

[10] УНОДЦ „Стратегија за еднаквост“, стр.8.
[11] Ibid., стр.. 8 и 9.

2.3 ВКЛУЧУВАЊЕТО НА РОДОВИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Вклучувањето на родовите и човековите права не е едноставно додавање на жените таму каде што мажите биле доминантни – или спомнувањето на родовите и човековите права во законите и политиките.[12] Наместо тоа, државите треба да преземат усогласени, конзистентни и обмислени мерки со кои ќе ги исполнат нивните обврски за да се справат со неказнивоста на организираните криминалци и да постигнат трансформативна промена во човековите права и родовата еднаквост. Изготвувачите на законодавството и креаторите на политиките мора да ги разберат нивните обврски за почитување, заштита и исполнување на човековите права, како и принципите на правичност, еднаквост, недискриминација и инклузија.[13]

За да се разбере концептуалната рамка за вклучување на родовите аспекти во применувањето на Конвенцијата, види *Издание*: *Организиранит криминал и родовите аспекти во контекст на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022), стр.8-13

Потребен е пристап на „двојна патека“ кој ги комбинира целните и интегрираните мерки за ефикасно решавање на повеќеслојните димензии на идентификуваните прашања.[14]

Слика 4. Пристап на двојна патека

[12] Пристапите кои одговараат на родот се релевантни за луѓето од сите родови, но бидејќи жените и девојчињата често се во поранливи ситуации во однос на мажите и момчињата, стремежот за родова еднаквост во одговорот на кривичната правда често го нагласува зајакнувањето на жените, а не на мажите.

[13] *Почитувај*: Негативна обврска да не се повредуваат или да се мешаат во човековите права (не прави штета). *Заштити*: Позитивна обврска за заштита на човековите права. *Исполни*: Позитивна обврска за донесување мерки за унапредување и остварување на човековите права.

[14] За повеќе околу вклучувањето на родовите аспекти во главните политики, види UN-Women, Прирачник за вклучување на родовите аспекти во главните политики за резултати за родова еднаквост (2022), стр. 18.

При утврдување на интегрираните и насочени пристапи потребни за решавање на идентификуваните празнини и бариери, корисни се следниве аналитички прашања:

- Обврски – кои се постоечките обврски на државата според меѓународното право?
- Празнини – какви празнини постојат во домашните закони за заштитата на човековите права?
- Бариери – кој се соочува со одредени бариери во уживањето на човековите права?

Види список за проверка 6.2.1 за мапирање на празнините во постоечките нормативни рамки за родови и човекови права

За повеќе компоненти околу меѓународните обврски за човековите права, видете Издание на УНОДЦ: *Конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права* (Виена, 2022) стр. 12–15

Глава 3.

ЗАКОНОТ И КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ

Можноста за воведување на родовите и човековите права постои во сите фази на креирање на законот и политиките - некои од нив се идентификувани на сликата подолу.

Слика 5. Циклус на креирање на законот и политиките



3.1 АНАЛИЗА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ

За да можат законите и политиките ефикасно да ја променат динамиката на транснационалниот организиран криминал и да постигнат трансформативни промени, мерките мора да бидат засновaат на докази. Анализата заснована на докази треба да ги идентификува ризици и празнините во контекст на човековите права и родовите прашања, како и можностите за измена или за донесување нови инструменти.[15] Без интерсекциски податоци, расчленети според родот, постои ризик дека претпоставките ќе останат неоспорени, а објаснувањата ќе бидат занемарени.[16]

[15] Политиката може да идентификува потреба од нов закон, или пак одреден владин оддел може да стане свесен дека има проблем кој законодавството треба да го реши. Другите заинтересирани групи, како што се меѓународните организации, приватниот сектор или групите на граѓанското општество, исто така, може да станат свесни за прашања кои можат да се решат преку законодавството.

[16] Податоците разделени според полот не се само разделени по пол, туку се однесуваат и на специфичните потреби, можности и придонеси на луѓето; концепти и дефиниции кои ја одразуваат различноста; и методи за собирање податоци кои ги земаат предвид родовите и другите предрасуди (УНОДЦ, Издание: *Организираниот криминал и родот*, стр. 13 (види фуснота 1)).

За повеќе информации околу родовата статистика и родово-одговорната анализа на податоците за вклучување на родовите прашања во спроведување на Конвенцијата, видете УНОДЦ, Издание: *Организираниот криминал и родот - прашања поврзани со Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022), стр. 13-15

Ако државите редовно ги собираат, анализираат и споредуваат податоците, тогаш тие можат да измерат како одредено прашање се менува со текот на времето, како и да утврдат дали законите и политиките се соодветни за целта што треба да ја постигнат и за луѓето на кои се однесуваат. Онаму каде што показателите откриваат зголемување или стагнирање на одреден вид организиран криминал, или пак дека напорите за борба со криминалот им штетат на родовата еднаквост и на човековите права, тогаш тоа може да укажува на фактот дека законите и политиките треба да се променат или дека нивното спроведување не е ефективно. Од клучна важност е истражувањето и собирањето податоци да се спроведува на начин кој сам по себе се заснова на човековите права и е одговорен кон родовите прашања. Табелата 4 нуди преглед на клучните чекори што треба да се преземат за постигнување на пристап во правото и политиката којшто е родово чувствителен и се заснова на човековите права.

Табела 4. Клучни чекори за вклучување на родовите и човековите права во правото и политиките[a]

1. Истражете	• Разберете ја интерсекционалноста (глава 2) и запознајте се со родовите димензии и димензиите на човековите права.
2. Прашувајте	• Поставувајте истражувачки прашања со кои ќе ги оспорите вашите предрасуди и претпоставки (глава 2) и ќе утврдите: На кого ќе влијае законот/политиката? Кој ќе биде изземен? Кои се можните несакани последици? Кои бариери постојат и како може да се надминат? Консултирајте се со оние кои се засегнати и кои имаат експертиза и искуство (види подолу).
3. Соберете	• Соберете разделени квалитативни и квантитативни податоци за идентитетските популации/групи засегнати од законот/политиката, опишувајќи и мерејќи го можното влијание на законот/политиката; и одговори на прашањата поставени погоре во чекор 2.
4. Анализирајте и развивајте	• Проценете го влијанието на законот/политиката врз родовата еднаквост и човековите права, преку анализа на податоците собрани во чекор 3 и одговорите на вашите прашања во однос на опциите што ги разгледувате. • Врз основа на горенаведената анализа, утврдете дали има различни влијанија врз различни групи луѓе. Истражете ги можните последици и разгледајте ги препораките за ублажување на потенцијалните негативни последици
5. Спроведувајте, следете и оценувајте	• Разгледајте го влијанието врз родовите права и човековите права во текот на спроведувањето, следењето и евалуацијата на законот/политиката. • Утврдете дали имплементацијата на законот/политиката ги унапредува човековите права и родовата еднаквост во засегнатите групи. • Размислете за несаканите влијанија и бариери врз основа на анализата на разделени податоци.
6. Известувајте	• Придржувајте се до сите барања за известување, вклучително и оние што се однесуваат на одговорноста за дискриминација или на кршењето на човековите права
7. Учете	• Документирајте ги процесите, наодите и користените податоци, како основа за да се утврди дали се потребни промени во законот, политиката или во нивното спроведување.

[a] Горенаведеното е адаптирано од Канада, Министерството за правда, „Политика за родова-базирана анализа плус: примена на интерсекциски пристап за поттикнување инклузија и справување со нееднаквостите“.

Покрај податоците на Владата, достапни се и независни истражувања и податоци од меѓународни организации, академици, групи на граѓанско општество, тинк-тенкови, истражувачки новинари, медиуми и други. Овој опсег на информации е вреден ресурс за развој кој се заснова на докази, за имплементација и евалуација на родово одговорните закони и политики засновани на човекови права. Законодавците и креаторите на политиките кои сериозно сакаат да постигнат промени треба да се консултираат и да користат различни, реномирани извори.

3.1.1 АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ИЗВОРИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА ПОДАТОЦИ

На законодавците и креаторите на политиките им се нудат следните прашања кои ќе им послужат за анализа на постоечките извори на податоци и за идентификација на влезните точки за вклучување на родовите и човековите права во главните политики.

Официјални (владини) извори:

- Кои се постоечките механизми за собирање податоци за организираниот криминал?
- Дали државата има национална база на податоци за инциденти од организиран криминал?
- Кои информации се евидентираат, како се евидентираат и кој има пристап до нив?
- Дали информациите собрани за жртвите и сторителите вклучуваат пол, возраст, етничка припадност, сексуалност, попреченост и други фактори за да се постигне интерсекциски пристап?
- Кој е одговорен за внесување и одржување на податоците?
- Кој е одговорен за анализа на податоците и со каква методологија?
- Дали анализата на податоците се споделува со оние кои ги дале?
- Со кои закони и политики се регулира управувањето со податоците и се штитат правата на субјектите на податоците?
- Дали се почитуваат размислувањата за приватност и суверенитет на податоците?
- Доколку бидат идентификувани празнини во податоците, кои ќе се решаваат, а кои не?
- Кои податоци се достапни за истражувачите надвор од владата?
- Како може системите за собирање податоци да станат повеќе родово-одговорни и засновани на човекови права?

Независни извори (академски, граѓански, меѓународни организации, медиуми):

- Кое независно истражување за човековите права и родовите аспекти на организираниот криминал е преземено, од кого и за кои аспекти е потребно дополнително истражување?
- Кои се клучните наоди и исходи од истражувањето од релевантните анализи, и каква релевантност имаат тие наоди за законот и политиката?
- Дали постојат системи за оценување и користење на информациите од овие извори за развој на политики и за донесување закони?

Студија на случај 1. Интерсекциска „Анализа заснована на родови Плус“ во Канада

Владата на Канада користи аналитички процес наречен „Анализа заснована на родови Плус“ (ГБА Плус), со кој се обезбедуваат одговорни и инклузивни закони, политики, програми и други иницијативи на федералната влада и во кои се отсликуваат различни искуства и реалности со цел да се решат нееднаквостите и бариерите. „Плус“ означува дека ригорозното оценување оди подалеку од прашањето на родот и половите и вклучува и други фактори на идентитет, како што се возраста, попреченоста, економскиот статус, образованието, родот, полот и сексуалната ориентација, географијата, јазикот, расата и етничката припадност, религијата и духовноста, меѓу другото. Министерството за правда одржува контролна табла на која се следат перформансите и која што дава преглед на состојбата со системот на кривичната правда, и тоа врз основа на податоци кои можат да се расчленат по пол и/или род, раса и други карактеристики за да се опфати подобро растечката разновидна популација на Канада и за да се поддржи посветеноста на ГБА Плус.[a]

[a] Видете Канада, Министерство за правда, „Политика за родова-базирана анализа плус: примена на интерсекциски пристап за поттикнување на вклученоста и справување со нееднаквостите“, 6 мај 2022 година; Канада, Министерство за правда, „Анализа заснована на родови Плус (ГБА Плус)“, 13 октомври 2022 година; и Јавна безбедност во Канада, „Анализа заснована на родови плус“, 29 јуни 2023 година.

Студија на случај 2. Употребата на податоци за влијание врз родово-информираната политика за огнено оружје

Во 2016 година, Центарот за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC) објави студија која нуди база на докази за родовото влијание на малото и лесно оружје во тој регион. Студијата го поддржа вклучувањето на родовата перспектива во регионалниот *Патоказ за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје и муниција за истото во Западен Балкан до 2024 година*.[a]

[a] УНОДЦ, „Поддршка за акцијата заснована на докази за борба против недозволената трговија со огнено оружје и сродните форми на криминал“ (Виена, 2020 година), стр. 5. Видете исто така резолуции 8/3, 9/2, 10/2 и 11/6 од Конференцијата на страните на Конвенцијата за организиран криминал, нагласувајќи ја итната потреба државите членки да ги земат предвид аспектите на род и возраст кај кривичните дела со огнено оружје.

3.2 КОНСУЛТАЦИИ

Законите и политиките мора да одговараат на реалноста на оние што се одговорни за нивното спроведување. Затоа, законодавците и креаторите на политики мора да се консултираат со практичарите, експертите, жртвите и засегнатите заедници, како и со луѓето што доживеале искуство, вклучително и мажи, жени и луѓе со различен род. Придонесот даден од страна на различни засегнати страни ќе доведе до поинформирани резултати што се засновани на докази и ќе им помогне на луѓето засегнати од организираниот криминал да се гледаат себеси како составен дел од одговорот на него. Консултациите може да ја олеснат операционализацијата на законите и политиките доколку бидат прифатени од оние што се одговорни за нивната имплементација.[17]

Законите и политиките кои се родово-одговорни и засновани на човекови права мора да се креираат преку процеси кои се, исто така, родово-одговорни и засновани на човекови права. Соодветно на тоа, консултациите мора да бидат партиципативни, инклузивни и достапни, така што луѓето кои се засегнати од законите и политиките и одговорни за нивното спроведување треба да се вклучени во нивниот развој. Клучен концепт овде *e nihil de nobis, sine nobis* или: „ништо за нас без нас“. Подолу е даден преглед на потенцијални засегнати страни.

Табела 5. Потенцијално релевантни засегнати страни што треба да се консултираат

ДРЖАВНИ ЧИНИТЕЛИ ОД РАЗЛИЧНИ ИНСТИТУЦИИ	НЕ-ДРЖАВНИ ЧИНИТЕЛИ
• •Изготвувачи на закони и креатори на политики • Практичари од кривичното право од органи со мандати релевантни за организираниот криминал (полиција, имиграција, царина, даноци, труд, затворски служби, обвинителство, и други) • Претставници на министерства и владини субјекти надвор од системот на кривичното право правда и спроведување на законот, чијашто работа има влијание врз динамиката на организираниот криминал (образование, здравство, социо-економски развој, итн.) • Претставници на други министерства вклучени во спроведувањето на законот и политиките	• Меѓународни организации, организации на граѓанското опптество[a] • Академски институции и истражувачи со стручно знаење за аспектите на криминалот • Претставници на приватниот сектор и индустрии погодени од организираниот криминал • Онлајн посредници кои се користат за олеснување на организираниот криминал • Локални заедници/домородни групи погодени од organisираниот криминал[6] • Младински групи, женски групи, мигрантски групи, групи на лица со попреченост • Верски и културни лидери • Жртви и преживеани од организиран криминал и групи за правата на жртвите • Притворски и затворски популации и/или други кои биле вклучени во извршување на организиран криминал

[a] Види исто така, подглава 4.4.1 „Национална координација“ за повеќе детали околу ангажманот на граѓанските организации.

[6] Primjerice, žene, djeca, autohtono stanovništvo, osobe sa invaliditetom, radnici, siromašni, migranti i manjine su osobito pogođeni trgovinom otpadom. (UNODC, Combating Waste Trafficking: A Guide to Good Legislative Practices (Беч, 2022), str. 19).

[17] Консултациите и барањето придонес од засегнатите страни не ги намалуваат или бришат одговорностите на владата. Владата ги задржува нејзините обврски кон човекови права во напорите против транснационалниот криминал.

3.2.1 КОЈ ТРЕБА ДА БИДЕ АНГАЖИРАН ВО ПРОЦЕСОТ НА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ПРАВОТО И ПОЛИТИКИТЕ?

На законодавците и креаторите на политиките им се нудат следните прашања кои ќе им послужат за да размислат кој треба да биде ангажиран во вклучувањето на родовите и човековите права во законите и политиките за организиран криминал:

- Кој има експертиза за родовите димензии на организираниот криминал?
- Кој има експертиза за импликациите на организираниот криминал врз човековите права?
- Кој има доживеано искуство за импликациите на на организираниот криминал врз родовите и човековите права?
- Кој има искуство во спроведување на законите и политиките против организираниот криминал?
- Кој е/ќе биде засегнат од законите и политиките за организиран криминал?
- Кои физички, економски, културни, општествени, политички и други бариери постојат за вклучување на овие луѓе во развојот на законот и политиките што се засноваат на човекови права и се родово одговорни?
- Како може да се отстранат тие бариери за да се овозможи нивно вклучување и учество во процесот на информирање на законите и политиките?

Кога одговарате на горенаведените прашања, важно е да се знае дека несвесните предрасуди може да влијаат на тоа кого го гледаме како клучен актер во развојот на правото и политиките. Онаму каде што е тоа релевантно, треба да се стремиме кон постигнување на родова еднаквост меѓу клучните чинители во процесот на креирање и спроведување на законот и политиката.

Студија на случај 3. Консултација со приватниот сектор за компјутерскиот криминал

Во 2019 година, Генералното собрание усвои резолуција за создавање на ад хок комитет за елаборирање на сеопфатна меѓународна конвенција за спречување на употребата на информатичките и комуникациските технологии за криминални цели. Беа побарани информации од различни засегнати страни, како граѓански организации, академски институции и организации од приватниот сектор. На третата консултација, одржана во ноември 2022 година, присуствуваа претставници на 61 повеќе засегнати страни. Учесниците дискутираа за аспектите на справување со сајбер криминалот, и тоа: како да се интегрира пристапот за човекови права во реакцијата на органите за спроведување на законот; за пристапи засновани на права за заштита на децата; за унапредување на улогата на приватниот сектор со поддршка и заштита на човековите права.[a]

[a] Документ на Конференцијата A/AC.291/CRP.14.

Глава 4.

ЦЕЛИТЕ НА ПРАВОТО И НА ПОЛИТИКАТА

Во овој дел од Прирачникот со алатки се даваат насоки за вклучување на родовите и човековите права во нормативните напори за спроведување на Конвенцијата, според целите за:

- ПРЕВЕНЦИЈА на организираниот криминал (4.1)
- ПРОГОН за организираните криминалци (4.2)
- ЗАШТИТА за жртвите, сведоците и другите засегнати лица (4.3)
- УНАПРЕДУВАЊЕ на партнерства и соработка на сите нивоа за овие цели (4.4)[18]

Човековите права и родовата еднаквост не се само крајна цел, туку се моќни средства со кои може да се постигнат овие цели.

Слика 6. Составни елементи на анализата на законите и политиките за имплементација на Конвенцијата

Анализирајте ги актуелните закони и политики за да се одговори на организираниот криминал како и степенот до кој тие ги вклучуваат родовите и човековите права.

Анализирајте го домашното право и политиките релевантни за одговор на кривичното право, како и степенот до кој тие ги вклучуваат родовите и човековите права.

Анализирајте ги законите и политиките релевантни за јавното здравје; еколошките и националните ресурси; финансиските, банкарските и даночните регулативи; имиграцијата и царината; работната сила; социјалните и инвалидските права; заштитата на децата; заштитата на приватноста и податоците; законот за човекови права.

Анализирајте на кој начин се применуваат законот и политиката во постигнувањето мултидисциплинарен одговор и дали тоа е направено на родово -чувствителен начин и во согласност со човековите права.

Одредете на кој начин се следи и оценува имплементацијата на законите и политиките и дали се оценува влијанието врз родовите и човековите права.

Идентификувајте ги празнините и можностите за измена на постоечките закони и политики или за донесување нови одредби/ инструменти за да се вклучат родовите и човековите права.

[18] Овие цели се втемелени во целите и одредбите на Конвенцијата (види глава 1) и нудат структуриран начин за нејзино транспонирање.

4.1
ЦЕЛ ПРЕВЕНЦИЈА

ДА СЕ ЗАПОМНИ:

- **Спречувањето на организираниот криминал значи зајакнување на интегритетот и отпорноста на луѓето, заедниците и институциите; подигање на свеста; и намалување на ранливоста.**
- **Законот и политиката за справување со основните причини за организираниот криминал мора да имаат долгорочен пристап и да ги ублажат штетите што можат да произлезат од напорите за спречување на криминалот.**
- **Оние кои се најмногу погодени од организираниот криминал, како што се маргинализираните групи и луѓето во ранливи ситуации, мора да бидат вклучени во развојот на законите и политиките за негово спречување.**
- **Примената на интерсекциска перспектива за родовите и човековите права помага во идентификацијата и разбирањето на специфичните потреби и во прилагодувањето на процесите на рехабилитација и реинтеграција на индивидуални престапници.**
- **За ефективни кампањи за информирање и подигање на свеста се сметаат оние кои се инклузивни, родово-одговорни и засновани на човекови права, кои пренесуваат пораки што промовираат родова еднаквост и човекови права и ја оснажуваат публика да дејствува.**

Слика од 4.1: Димензиите на холистичкиот пристап за спречување на организираниот криминал



Чекори за вклучување на човековите права и родовите аспекти во превенцијата

Чекор 1

Направете преглед на постојното законодавство и политика за превенција на организираниот криминал, вклучително и преку стратегии за спречување криминал, механизми за интегритет и отпорност, информации и подигање на свеста и стратегии за справување со основните причини.

Чекор 2

Анализирајте го степенот до кој постоечките инструменти ги интегрираат родовите и човековите права.

Идентификувајте ги празнините во превенцијата на организираниот криминал.

Идентификувајте ги родовите ризици и ризиците за човековите права кои произлегуваат од имплементацијата на постојните нормативни рамки.

Чекор 3

Утврдете како може да се пополнат идентификуваните празнини и како може да се ублажат ризиците преку ново и/или изменето законодавство, политики и стратегии за превенција.

4.1.1 УБЛАЖУВАЊЕ НА ГЛАВНИТЕ ПРИЧИНИТЕЛИ ЗА МАРГИНАЛИЗАЦИЈА И РАНЛИВОСТ

Човековите права и родовите аспекти во дијагностицирањето на главните причинители

Криминалитетот не се појавува во вакуум, туку во комплексен пејзаж на нееднаквост и недостаток на економски, културни, социјални, граѓански и политички права. На пример:

- Конфликтите, корупцијата и климатските промени ја зголемуваат ранливоста од организираниот криминал и криминалните можности.
- Исцрпувањето на средствата за живот (на пр. рибниот фонд) може да ги натера заедниците кои зависат од нив да бараат алтернативни извори на приход (на пр. нелегален, непријавен и нерегулиран риболов и пиратерија).
- Економската и политичката нестабилност во кревките држави погодени од криза, создава можности за незаконски активности кои може да станат неопходни.

Родовата димензија за тоа кој врши организиран криминал и кој е негова жртва мора да биде добро разбрана за да може истата да се спречи.

Разгледувањето на интерсекциските човекови права и родовите фактори (глава 2), и базата на докази и мултидисциплинарните консултации (глава 3) се вредни дијагностички алатки за разбирање и решавање на основните причинители.

Табела 6. Одлучувачки фактори за ранливост од организираниот криминал

СТРУКТУРНИ ФАКТОРИ	ИНДИВИДУАЛНИ ФАКТОРИ
Економски фактори: Недоволна регулација на ранливите сектори и индустрии; законите за финансии и даноци ранливи на злоупотреба; ограничен пристап до легалните економии	*Индивидуални фактори*: Интерсекциска возраст, род, етничка припадност, домородност, попреченост и други индивидуални особини кои не се заштитени/ разгледани во законодавството и политиката
Политички фактори: Недоволна законодавна и политичка заштита на политичките права за промовирање плурални перспективи и различни гласови во јавниот дискурс	*Социјални фактори*: Дискриминаторските закони, политики и практики ги зацврстуваат родовите норми, очекувања и нееднаквости; дискриминаторски пристап до заштита; недостаток на социјални услуги

Онаму каде што државата не е способна да создаде околности во кои човековите права можат подеднакво да се уживаат или каде што постои селективна примена на законот, организираните криминални групи може да ги пополнат пропустите што произлегуваат од таквата состојба. Организираните криминални групи може да обезбедат извори на стабилност, идентитет, припадност и можности за вработување и егзистенција кои државата не успеала да ги обезбеди или ги обезбедила само за некои. Законодавците и креаторите на политиките мора да се соочат со две предизвикувачки реалности:

- Прво, потребен е пристап за долгорочен развој за да се решат основните причини и
- Второ, борбата или разбивањето на организираниот криминал, кога не е обезбедена остварлива социо-економска алтернатива, може да има негативни влијанија врз човековите права на луѓето кои зависат од него.[19]

[19] Види Конвенција за организиран криминал, чл. 30.

Студија на случај 4. Климатските промени го влошуваат организираниот криминал во крајбрежните заедници

Во разни делови од светот како што се Сомалискиот полуостров (Рогот на Африка), Југоисточна Азија и Карибите, климатските промени и екстремните временски настани го уништија рибарството и рибарските бродови, принудувајќи ги рибарите да бараат алтернативни извори на приход, честопати свртувајќи се кон пиратеријата или нелегалниот, непријавен и нерегулиран риболов. Организираните криминални групи доаѓаат да ја монополизираат рибарската индустрија, поседувајќи моќ во крајбрежните заедници, па дури и во државните институции. Како што се намалуваат ресурсите и економските можности, така младите мажи имаат повеќе причини да ги прифатат понудите од групи кои работат во такви недозволени економии.[a]

[a] Види, меѓу другото,РУСИ, „*Нелегалниот, непријавен и нерегулиран риболов и климатски промени*“, 13 декември 2021 година; Кехинде Болаџи, „*Безбедносните ризици поврзани со климата и насилниот криминал во карипските „гранични“ крајбрежни заедници*: прашања, предизвици и политички опции“, Центар за управување на Програмата за развој на Обединетите нации во Осло, Бр. 15/2020 (ноември 2020 година); и Џеј Бахадур, *РИБАРСТВО: Нелегален риболов во Сомалија и заробување на државни институции* (Женева, Глобална иницијатива против организираниот криминал, 2021 година).

Човековите права и родовите аспеки во решавањето на главните причинители

Законодавците и креаторите на политики мора да донесат закони и политики со кои ќе се намали ранливоста на:

- *Поединците*, преку решавање на исклученоста, дискриминацијата и нееднаквоста
- *Политичките, економските и социјалните системи*, преку зајакнување на интегритетот и отпорноста

Законите и политиките мора да ги унапредуваат човековите права и родовата еднаквост, а не да ја влошуваат маргинализацијата и ранливоста. Накратко, законодавството и политиката треба да го трансформираат пејзажот во кој цвета организираниот криминал. Консултациите со засегнатите заедници, ангажманот со групите на граѓанското општество и силните докази информирани со родово-расчленети податоци за градење закони и политики се од клучно значење за вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права, на начин кој ќе им помогне на маргинализираните групи кои се погодени од организираниот криминал на специфичен начин (види глава 3).

Табелата 7 нуди преглед на разликите помеѓу политиките што го вклучуваат родот и човековите права во споредба со законите и политиките што ги исклучуваат истите.

Табела 7. Од ексклузија до инклузија во политиката за превенција

ЕКСКЛУЗИЈА	ИНКЛУЗИЈА
Маргинализираните групи не се вклучени во развојот и спроведувањето на законите и политиките што ги засегаат.	Законите и политиките за спречување и борба против организираниот криминал на национално/провинциско/локално ниво го користат и го зајакнуваат учеството на маргинализираните и групите во ранливи ситуации.
Законите и политиките не реагираат на интерсекциските прашања кои ги одредуваат потребите на луѓето и нивното искуство со различни закони и политики.	Законите и политиките за спречување и борба против организираниот криминал конкретно реагираат на идентификуваните потреби на одредени групи.

ЕКСКЛУЗИЈА	ИНКЛУЗИЈА
Законите и политиките не се засноваат на родово расчленетите податоци за да овозможат развој на превентивни пристапи што се базираат на докази.	Законите и политиките за спречување на организираниот криминал се засноваат на податоци што се расчленети според факторите како што се род, раса, етничка припадност, возраст, економски статус, ниво на образование и статус на попреченост.
Одредени групи (деца и млади, малцинства, жени, мажи, други) се маргинализирани и се соочуваат со бариери во социјалната заштита.	Законите и политиките за спречување и борба против организираниот криминал вклучуваат интервенции за социјалната заштита за маргинализираните групи.

Студија на случај 5. Позитивната машкост како зајакнување на момчињата против врбување во банди

Спречувањето на врбување деца во организирани криминални групи бара момчињата, девојчињата и адолесцентите да бидат едуцирани за родовите односи кои се темелат на еднаквост, а преку нивната експонираност на позитивна машкост да се зголеми нивната отпорност за отфрлање на „*марите*“ (младински банди) и организираниот криминал. Примерите ја вклучуваат програмата за *Успех на младите од јужната страна* во Белизе, во која се комбинираат можности за менторство, обука и вработување наменета да спречи регрутирање млади момчиња во вооружени банди. Центарот за превенција на насилство (ЦЕПРЕВ) работи на дестигматизирање на ненасилниот маскулинитет и на градење капацитети на целните групи во Аргентина, Чиле, Ел Салвадор, Хондурас, Мексико, Никарагва, Уругвај и на други места. ЦЕПРЕВ нуди и прирачници за промовирање на машкоста без насилство.[a]

[a] „Патфајндерс“, Женска меѓународна лига за мир и слобода и мрежа за родова еднаквост за контрола на малото оружје, „Мажите и машкоста во родово-одговорната контрола на малото оружје“, Бриф број 2 (2022), стр. 17.

Види глава 6.1.: список за проверки и ревизија на политиката

4.1.2 ИНТЕГРИТЕТ И ОТПОРНОСТ

Намалување на можностите за организирани криминални групи

Членот 31 од Конвенцијата бара од државите членки да го зајакнат интегритетот и отпорноста на државните и приватните институции за да се заштитат од инфилтрација и злоупотреба од страна на организирани криминални групи.[20] Мерките за спроведување на оваа одредба кои се дискриминаторски не можат да се оправдаат со спречување организиран криминал. На пример:

Табела 8. Примери на дискриминаторски закон и политика

ПРИЧИНИТЕЛ (право и политика)	ПОСЛЕДИЦА (во имплементација)
Стратегијата за спречување на перење пари вклучува барања за документи за идентификација и проверки на изворот на приход	Несразмерно се погодени жените – кои поради родовите норми во некои контексти, имаат помала веројатност да имаат пристап до услуги и информации или да ги исполнат стандардните барања за добивање документи
Законодавството против криминалот против дивиот свет и шумите, рибарскиот сектор, како и нелегалните рудници, го регулира користењето на природните ресурси.	Несразмерно се погодени локалните и домородните заедници кои зависат од природните ресурси

Потребно е да се постигне рамнотежа меѓу одземање на пристап на организираните криминалци до законските пазари и политички институции и почитувањето на човековите права на поединците на учество во економскиот, културниот, социјалниот и политичкиот живот.

Студија на случај 6: Влијание на спречувањето на криминалот врз правата на домордните и локалните заедници

Законодавството за заштита на дивиот свет, шумите, рибарството, металите и минералите од организираниот криминал е од суштинско значење за одржливоста на природните ресурси и екосистемите.[a] Законот и политиките мора да ги земат предвид правата на домородните и локалните заедници кои зависат од тие ресурси како потреба за културолошки практики, храна, засолниште и лек. На пример, кога се вложуваат напори да се спречи нелегалното поседување риба или производи од риба, мора да се земе предвид вообичаениот или традиционалниот однос што локалното домородно население ги има со рибарството. Тие права мора да се во рамнотежа со потребата да се зачуваат екосистемите, дивиот свет и видовите риби и да се заштитат од организираниот криминал. Домородните и локалните заедници мора да бидат ангажирани како сојузници во креирањето закони и политики за да се спречат кривичните дела против дивиот свет и шумите, во законот и политиката да се вклучат економските, социјалните и културните размислувања за човековите права и да се идентификуваат и да се решат основните причини за ранливост, а придобивките од природните ресурси да се насочат назад кон најпогодените заедници.[6]

[a] УНОДЦ и *Меѓународен конзорциум за борба против криминалот со дивиот свет и шумите: аналитички пакет со алатки*, второ издание. (2022), стр. 13.
[6] Ibid., стр. 233 и 234. Види УНОДЦ, *Одговор на илегално ископување и трговија со метали и минерали: Водич за добра законодавна пракса* (Виена, 2023).

[20] Мерките преземени за спроведување на овој дел од Конвенцијата може да вклучуваат мерки за спречување на злоупотреба на постапките за јавни тендери и правни лица, како и дисквалификација на лицата осудени за прекршоци според Конвенцијата, да дејствуваат како директори на правни лица инкорпорирани во нивната јурисдикција.

Зајакнување на отпорноста на луѓето и заедниците

Покрај зајакнувањето на интегритетот на јавните и приватните институции, превенцијата бара отпорност.[21] Законодавците и креаторите на политиките треба да го одредат начинот на кој иницијативите за зајакнување што се засноваат на докази, може да бидат интегрирани во законите, политиките, плановите и стратегиите за спречување на организираниот криминал и за трансформирање на ризичните групи во агенти на промени. Локалната сопственост на програмите за спречување на криминалот е од клучно значење бидејќи на тој начин се обезбедуваат иницијативи што се соодветни за целта и за луѓето и заедниците на кои им служат.[22]

Студија на случај 7. Унапредување на правата на малцинствата како клуч за превенција

Во некои земји, некои членови на етничките, верските или јазичните малцинства (вклучувајќи ги и децата) може да бидат презастапени во системот на кривичната правда. Во некои делови од Европа, преголема е застапеноста на мажите и жените Роми во затворите, поради нивната вмешаност во организиран криминал, вклучително и трговија со луѓе, трговија со дрога и перење пари. Комплексните врски помеѓу социјалната исклученост и дискриминацијата се клучни за превенцијата. На пример, програмите за инклузија на децата Роми и зголемување на нивносто присуство во училиштата се придржуваат до обврските во меѓународното право кое се однесува на човековите права и може да имаат значително превентивно влијание и да го намалат ризикот децата да бидат жртви на криминал или да го извршат.[a]

[a] Лорена Молнар „Императивната потреба за криминолошки истражувања за европските Роми: наративен преглед“, *Траума, насилство и злоупотреба*, кн. 24, бр. 2 (април 2023), стр. 1016–1031; и ОХЦХР, „Малцинствата во системот на кривичната правда“, придонес на Мрежата на Обединетите нации за расна дискриминација и заштита на малцинствата на осмата сесија на Форумот за малцински прашања, одржана во Женева на 24 и 25 ноември 2015 година.

Студија на случај 8. Зајакнување на отпорноста на заедницата од криминалот во време на кризи

Конфликтите и кризите нудат плодна почва за регрутирање во организирани криминални групи. „Рескју ми“ – либанска непрофитна организација – го спречува криминалот преку социјален развој и создавање на поврзани заедници. По експлозиите во Бејрут на 4 август 2020 година, „Рескју ми“ се мобилизираше за да одговори на траумата, да обезбеди социјална поддршка и брзо реагираше на кризата со менталното здравје. Со тоа, на возрасните и децата им ја обезбеди психосоцијалната поддршка што им беше потребна за да ја рехабилитираат нивната заедница и да ја зајакнат нивната отпорност на криминал.[a]

[a] Меѓународна акциска мрежа на граѓанското општество, „Либанската Рескју Ми: психосоцијална поддршка како одговор за итни случаи“, 19 ноември 2020 година.

Студија на случај 9. Инклузивни населби за намалување на штетите меѓу жртвите во ранливи ситуации

Во Финска, за да се намалат штетите се ангажираат засегнатите страни во заедницата, како што се властите, невладините организации и уживателите на дроги. Преку овој пристап се спојува комуникацијата, духот на заедницата, се координираат социјалните и здравствените услуги со полициското работење во заедницата, се обезбедува иновативно ангажирање на луѓето на јавни места за да се подобри состојбата на особено ранливите жени и млади луѓе и за да се намали на прагот за пријавување прекршоциа.[a]

[a] Види Сара Босман, „Пакет алатки за високо-ризични групи на жртви“ (Брисел, Европска мрежа за спречување на криминалот, 2022 година), стр. 15..

[21] За целите на овој Прирачник со алатки, „отпорност“ се однесува на капацитетот да се издржи, да се спротивстави или да се прилагоди на заканите или проблемите што ги создава организираниот криминал. Сепак, важно е да се разберат границите на концептот на отпорност. Иако тој може да ги оснажи поединците, заедниците и институциите за да ги намалат негативните ефекти од заканата, тој не може да се справи со систематското насилство што води до однесувања на преживување во услови на организираниот криминал.

[22] Консултативниот пристап промовиран во дел 4 е од витално значење за прилагодување на превентивната политика на локалниот контекст, традициите, социјалните, културните и родовите норми.

Поддршка за реинтеграцијата и рехабилитацијата на престапниците

Според член 31 (3) од Конвенцијата, рехабилитацијата и економската и социјалната реинтеграција на прекршителите е клучна стратегија за превенција. Интерсекцискиот пристап заснован на родови и човекови права гарантира напори што се прилагодени според поединците и со кои ефективно се спречува рецидивизмот.[23]

Слика 7. Составни делови за вклучување на рехабилитацијата и реинтеграцијата на прекршителите

Применете перспектива со интерсекциски родови и човекови права за да се избегнат претпоставки околу потребите на поединецот.

Препознајте ги дискриминаторските бариери со кои луѓето може да се соочат при пристапот до услуги и можности (на пр. закон што ги спречува жените да пристапат до поддршка за деца без нивните сопрузи).

Препознајте ги причините за навреди во контекст на родовите и човековите права (на пр. дискриминација и нееднаквост).

Отстранете ги бариерите до услугите за поддршка со тоа што ќе се осигурате дека законот и политиката не се дискриминаторски и се родово-сензитивни.

Изменете/донесувајте закони и политики за да обезбедите приспособена и родово -сензитивна поддршка при транзицијата од притвор во заедница.

Изменете/донесувајте закони и политики за да се обезбеди приспособена и родово -сензитивна поддршка по излегувањето од затвор (на пр. стручна обука, здравствена поддршка, грантови за микрофинансирање).

Студија на случај 10. Намалување на стапката на враќање во затвор кај криминализираните домородни жени

„Систерс Инсајд“ е австралиска независна организација која се залага за човекови права на криминализираните жени и девојки и нивните семејства. Таа успешно ја спроведе кампањата против законодавството во Западна Австралија со кое се затвораат луѓе и за неплатени казни, што имаше непропорционален и дискриминаторски ефект врз домородните жени. Стапката на враќање во затвор беше намалена преку програми со кои се обезбедуваше здравствена поддршка за криминализираните жени по нивното излегување од затвор, на мајките во затвор им помагаше да ги одржуваат односи со своите деца, а ги поддржуваше во родителството и по нивното ослободување.[a]

[a] Мелиса Лукашенко и Деби Килрој „Црна жена и затворска ќелија: работа со жените Мури во затворите во Квинсленд“ (Sisters Inside Inc., Бризбејн, Австралија, 2005 година).

[23] Види: УНОДЦ, „Затворско истражување: пилот студија за причините за рецидивизам во Албанија, Чешка и Тајланд“ (Виена, 2022).

4.1.3 ИНФОРМИРАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА

Вклучување на човековите и родовите права во информирањето и подигањето на свеста

Информациите и кампањите за подигање на свеста за спречување на организираниот криминал кои не се родово одговорни и засновани на човекови права може да бидат значително понеефективни. Пораките кои се неточни или не се прилагодени на нивната публика значи дека довербата во изворот на пораката е изгубена или дека пораката не е примена. Продолжувањето на стереотипите може да нанесе штети на човековите и родовите права. На пример, приказите на млади мажи од одредена етничка припадност во кампања за криминал може ненамерно да создаде или да ги засили стереотипите дека мажите од одредени групи се повеќе склони кон насилство, што последователно може да доведе до секундарна виктимизација. Освен што ѝ нанесува штета на прикажаната група, таквото стереотипизирање не го спречува организираниот криминал, туку напротив, им користи на криминалците, бидејќи органите на прогонот не обрнуваат внимание на оние што се надвор од тие стереотипи. Во табелата 9, можат да се видат примери за ефективни информации и тактики за подигање на свеста.

Табела 9. Вклучување на човековите и родовите права во информирањето и подигањето на свеста

	ПОРАКИТЕ НЕ ТРЕБА	Ненамерни последици	ПОРАКИТЕ ТРЕБА
Како се дизајнирани пораките	Да собираат, користат или дистрибуираат податоци за идентификација, вклучувајќи слики, видео или аудио, без целосно информирана согласност на субјектот.	Прекршување на приватноста; вознемирување или исфрлање од страна на семејството или заедницата; идентификација од организирани криминалци; изгубена доверба во изворот на пораката.	Да се во согласност со законите за приватност и заштита на податоците; да се засноваат на докази и консултации со претставници на целната публика и нивно вклучување во дизајнот и развојот на пораките.
Што велат пораките	Да стигматизираат или дискриминираат групи или поединци според тоа како се прикажани луѓето, на пример, од одредена етничка припадност, род, сексуалност или според други особини.	Засилување на штетните стереотипи; потврдување на претпоставките и предрасудите; поттикнување на прогон; пораките се неточни и неефикасни против организираниот криминал; изгубена доверба во изворот на пораките.	Да се спротивстават на наративите и стереотипите кои даваат генерализација на тоа кој учествува во организираниот криминал, било како жртви или како сторители; да ја поттикнат публиката да преземе позитивна акција врз основа на пораката.
Како се пренесени пораките	Да бидат пренесени на начини кои се недостапни за целната публика без разлика дали поради возраст, образование, род, попреченост, јазик или поради други фактори.	Пораки кои не се разбрани од целната публика; немање пристап до технологија/до социјални медиуми, што значи дека жените и девојките не пристапуваат до пораките на социјалните медиуми; граѓански групи и медиуми кои не поддржуваат пораки и/или шират спротивставени пораки; довербата во изворот на пораки е изгубена.	Да бидат достапни и адаптирани (според целната публика) за стари лица и деца, луѓето со различен род, јазични групи и образовни стандарди, географски локации и за лицата со попреченост; позитивно да го ангажираат граѓанското општество и медиумите во ширењето на содржината.

Студија на случај 11. Визуелно истражување на машкоста

На натпреварот за фотографија организиран од Женската меѓународна лига за мир и слобода се бараа поднесоци на тема милитаризирана машкост и нејзините алтернативи, со цел да се предизвикаат родовите улоги - особено ригидните идеи за машкоста - и да се промовира родовата еднаквост и ненасилството. Победникот, колумбиската фотографка Каролина Навас Гутиерез, понуди серија слики што ја прикажува ранливоста на младите мажи кои живеат во регионот Тумако на Пацифичкиот брег на Колумбија, еден од најнасилните региони во земјата. Нејзините портрети покажуваат како младите афро-колумбиски мажи користат танц и музика за да се борат против насилството, недостатокот на можности, заминувањето и сиромаштијата поврзани со трговијата со дрога.[a]

[a] Женска меѓународна лига за мир и слобода, „Мобилизирање на мажите за феминистички мир“ (2022).

Промовирање на различноста и плурализмот во информирањето и подигањето на свеста

Клучна улога на државите е да ги засилат различните гласови околу заканата од организиран криминал. Ризиците од несоодветни и неточни информации стануваат поголеми ако државите ги замолчуваат и вршат репресија против независните медиуми и социјалните медиуми. Меѓународното право ги обврзува државите да не се мешаат во слободата на изразување преку прекумерна регулација и позитивно да ја штитат слободата на изразување и правото на примање и пренесување информации.[24]

Студија на случај 12. Улогата на медиумите во борбата против организираниот криминал и поддршката на правата на жртвите

Медиумите и истражувачкото новинарство се од суштинско значење за спречување на организираниот криминал. Моќните транснационални организирани криминални групи генерираат милијарди долари од поликриминалноста во специјалните економски зони во Југоисточна Азија, вклучувајќи ја корупцијата, перењето пари, трговијата со дрога, кривичните дела против дивиот свет и шумите и транснационалната трговија со луѓе со која луѓето се вовлекуваат во сајбер измами. Преку работата на медиумите излегува на виделина индустрискиот размер на овој организиран криминал, сериозноста на кршењето на човековите права и прекршувањата што при тоа се извршуваат како и соучесништвото на корумпираните државни актери.[a]

[a] Види Женска меѓународна лига за мир и слобода, „Мобилизирање на мажите за феминистички мир“ (2022).

Некои држави имаат механизми за заштита на бранителите на човековите права и на новинарите. Во други, особено таму каде што вооружените групи и организираниот криминал се распространети и имаат моќ да ги корумпираат властите, бранителите на човековите права се особено ранливи на напади. Бранителите на човековите права, новинарите и нивните извори, како и активистите на граѓанското општество дури и се убиваат заради нивните активности за подигање на свеста и споделување информации за организираниот криминал, но други храбро го заземаат нивното место.[25]

[24] Да се видат, на пример, резолуциите усвоени од страна на Советот за човекови права за сигурност на новинарите, достапно на www.ohchr.org/en/ safety-of-journalists/resolutions.

[25] VВиди 4.3.1 подолу. Види ја исто и работата на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал за документирање на атентати од организирани криминални групи. Достапно на https://assassination.globalinitiative.net/about/.

Слика 8. Составни делови на закони и политики засновани на родова еднаквост и човекови права за заштита на новинарите, активистите, бранителите на човековите права и другите кои ја подигнуваат свеста за организираниот криминал

Изменете/донесувајте закон и политика за заштита, почитување и исполнување на човековите права на новинарите, активистите, бранителите на човековите права и другите кои ја подигнуваат свеста за организираниот криминал.

Воведете или зајакнете ги заштитните мерки против клевета и законот против клевета и навреда, закони за лажни и погрешни информации со кои се замолчуваат гласовите против организираниот криминал.

Воведете или зајакнете ја привилегијата на одбивање да се откријат изворите или да се произведуваат доверливи или необјавени информации.

Отстранете ги непотребните ограничувања за пристап до информации и цензура.

Отстранете ги непотребните ограничувања на слободата на движење или акредитирањето на новинарите и граѓанските организации.

Зајакнете ја заштитата на новинарите, граѓанските организации и бранителите на човековите права и другите кои се соочуваат со ризици од организиран криминал.

Законодавците и креаторите на политики, исто така, треба да се осврнат на размислувањата за *застапување* во Анекс I

Слика 9. Вклучување на родовите и човековите права во превенцијата

Мерки на вклучување

- Вклучете различни чинители во изработката и имплементацијата на законот и политиката
- Изработете ја легислативата и политиката на начин кој ќе ги исполни специфичните потреби на поединците и институциите
- Промовирајте разновидни информации и засилете го гласот на маргинализираните ранливи групи

Потенцијални проблеми со мерките за спроведување

- Недостаток на политичка волја за вклучување на родовите и човековите права во превенцијата
- Недостаток на интерес/ поддршка за ангажирање на засегнатите групи (на пр. криминализирани лица)
- Недоволно разбирање на економските, културните, социјалните, граѓанските, политичките и меѓусекторските родово базирани причинители за криминалот
- Недоволни ресурси и капацитет за спроведување на законот и политиката
- Законите или политиките насочени кон превенција претставуваат ризици за човековите права за ранливите луѓе, медиумите, активистите или другите засегнати групи
- Недоволна заштита на слободата на човековите права на здружување, информирање и изразување неопходни за превенција

Алатки и активности за решавање на предизвиците и за ублажување на ризиците

- Вклучете ги министерствата/агенциите за спроведување во дизајнирањето на законите и политиките
- Застапувајте ја ползата од партиципативни пристапи за превенција
- Застапувајте ја ползата од дискурсот на повеќе засегнати страни вклучени во превенцијата
- Вклучете ги меѓународните и граѓански организации за да ги премостите празнините во ресурсите и капацитетите
- Зајакнете ја заштитата на новинарите, граѓанските организации, бранителите на човекови права и други
- Промовирајте ги истражувањата и доказите како основа за дизајнирање на законот и политиката
- Проценете ги ризиците со човековите и родовите права во постојните превентивни закони и политики
- Спроведете/изменте го законодавството за заштита на правото на информирање, изразување и здружување и промовирање на различни информации (споделување и анализа на податоци)

4.2

ЦЕЛ ПРОГОН

ДА СЕ ЗАПОМНИ:

- **Следењето на организираниот криминал на начини кои се родово-одговорни и засновани на човекови права, и кои им служат на целите за превенција и заштита.**
- **Одредбите за криминализација не смеат да бидат дискриминаторски по која било основа и мора да ги ублажат ризиците од штета по човековите права што произлегуваат од нивното толкување или примена.**
- **Обезбедувањето на закони и политики за истражителите, што се родово-одговорни и засновани на човековите права го намалува нивниот ризик од прекршување на меѓународните и домашните обврски и ја зајакнува нивната способност за ефективно истражување и спречување на организираниот криминал.**
- **Обвинителството, пресудите и санкциите кои се родово-одговорни и засновани на човекови права за жртвите, сторителите и другите кои доаѓаат во контакт со процесот на кривичната правда се поефикасни против организираниот криминал отколку оние што не се такви.**

Слика од 4.2: Можности за законодавците и креаторите на политики да поддржат прогон на организирани криминалци којшто е родово-чувствителен и заснован на човекови права

4.2.1 Криминализација и опфат

Одредби за криминализација

Недискриминација

Изјава и заштита на принципите

4.2.2 Истрага

Меѓународните обврски на истражителите

Специјални истражни техники

4.2.3 Обвинение, судење и санкции

Третман на жртви, сведоци, обвинети/осудени лица пред, за време и по судењето

Родово-одговорни и санкции засновани на човекови права

Чекори за вклучување на човековите права и родот во кривичниот прогон на организираниот криминал

Чекор 1

Направете преглед на постојното законодавство и политичките инструменти релевантни за прогон на организираниот криминал, вклучувајќи го домашното законодавство за организиран криминал, кривичната постапка и овластувањата на органите за прогон.

Чекор 2

Анализирајте го степенот до кој постоечките инструменти ги интегрираат размислувањата за родовите и човековите права.

Утврдете ги родовите ризици и ризиците за човековите права кои произлегуваат од спроведувањето на постоечките нормативни рамки.

Идентификувајте ги механизмите за одговорност за неисполнување на родовите обврски и одговорностите за човекови права на практичарите од кривичната правда.

Чекор 3

Утврдете како може да се пополнат идентификуваните празнини и како може да се ублажат ризиците преку ново и/или изменето законодавство, политики и стратегии.

Слика 10. Забранети основи на дискриминација кои не се исцрпени

За повеќе информации, види Заштита на правата на малцинствата: Практичен водич за развој на сеопфатна антидискриминациона легислатива (објавување на Обединетите нации, 2023 година и Модел на законодавни одредби против организираниот криминал, второ издание. (Виена, 2021), стр. 9 и 10.

4.2.1 КРИМИНАЛИЗАЦИЈА И ОПФАТ

Спроведувањето на одредбите за криминализација од Конвенцијата без соодветно почитување на размислувањата за човековите права може да резултира со дискриминација, штети за човековите права и криминализација на жртвите.[26] На пример:

Табела 10. Примери на дискриминаторен закон и политика

ПРИЧИНА (закон и политика)	ПОСЛЕДИЦА (во спроведувањето)
Понудите и давањето мито се и криминализирани, но барањето сексуален поткуп (изнуда) во замена за повластен третман или други бенефиции не е.	Жртвите на сексуална злоупотреба (кои многу често се жени и девојчиња) се гонат за дела поврзани со корупција.[а]
Кривичните дела против дивиот свет се криминализирани без никакви исклучоци засновани на човековите права предвидени во законодавството.	Маргинализираните групи и луѓето што се во ранливи ситуации и чија безбедност на храна и учество во културниот живот зависи од употребата на наведените видови, се гонат како организирани криминалци.[б]
Лицата кои се занимаваат со проституција или сексуална работа се криминализирани.	Жртвите на трговија со луѓе за сексуална експлоатација (кои се претежно жени и девојчиња) се приведуваат и се гонат како криминалци.[в]

[а] УНОДЦ, Сега е времето: *Решавање на родовите димензии на корупцијата* (Виена, 2020), стр. 45 и 46.

[б] Види УНОДЦ, *Водич за подготовка на законодавство за борба против криминалот со дивиот свет* (Виена, 2018), стр. 26.

[в] Види УНОДЦ, *Пакет со алатки за вклучување на човековите права и родовата еднаквост во интервенциите во кривичната правда за справување со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти* (Виена, 2021).

[26] Учество во организирана криминална група (член 5); перење пари (член 6); корупција (член 8; и попречување на правдата (член 23).

За да се ублажат овие ризици преку вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права, законодавците и креаторите на политиките мора да спроведат интерсекциска родова анализа за тоа како луѓето го доживуваат криминалот и како учествуваат во него. Таа анализа мора да се заснова на докази и консултации, вклучително и со оние што се најпогодени (види глава 3).

Слика 11. Составни елементи со кои се обезбедуваат недискриминторни одредби за криминализација

Постојното законодавство за недискриминација да биде засновано на основи за дискриминација кои не се исцрпни.

Во законските одредби кои се однесуваат на извршување на организиран криминал да се користи недискриминаторски јазик (на пр. за да може сите родови да се сметаат за жртви или сторители; користете „полициски службеници“ наместо на полицајци „мажи“).

Обезбедете изземања во законите што се засновани на човекови права и изјави за релевантните принципи.

Изработете нацрт водичи за заштита од дискриминаторско толкување или примена на одредби.

Изработете нацрт водичи за експлицитно поврзување на законодавството за организиран криминал со законодавството за антидискриминација.

Изменете го законодавството со кој се гони организиран криминал, за да вклучува експлицитни одредби за недискриминација.

Изјави за принципи

Изјавите за принципите засновани на човекови права, што се адаптирани за специфични видови криминал и за различни културни и социјални контексти, може да бидат корисни за толкувањето и имплементацијата на законите засновани на еднакви родови и човекови права. На пример, прифаќањето на принципот на неказнување во домашното законодавство им овозможува на практичарите во кривичната правосудство да не ги апсат, притвораат, затвораат, гонат, осудуваат или затвораат лицата што не се кривично одговорни за незаконски активности во кои учествувале.

Студија на случај 13. Изјави за принципи во законите за животна средина

Во Лесото и Замбија, законодавството за животна средина поставува принципи кои го водат толкувањето и имплементацијата, вклучувајќи го принципот загадувачот плаќа, принципот на претпазливост, принципите на интегритет на екосистемот, учеството на јавноста во развојот на политиките и плановите за животна средина и интра и интер-генерациската еднаквост.[a]

[a] Види УНОДЦ, *Борба против трговија со отпад: Водич за добри законодавни практики* (Виена, 2022), стр. 27 и 28.

Изготвувачите на закони кои ги разгледуваат и/или подготвуваат одредбите за криминализација треба да се повикаат на списокот за проверка 6.2.2

За модел одредби за криминализација, видете *Модел на законодавни одредби против организираниот криминал*, 2. ed. (Виена, 2021), погл. II, стр. 29–46

За поголемо вклучување на човековите права во криминализацијата, види УНОДЦ, Издание: *Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Меѓународното право за човекови права*

За родовите димензии на криминализацијата, видете Издание: *Организиран криминал и род - прашања поврзани со Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022), стр. 17-22

4.2.2 ИСТРАГА

Законот и политиката мора да се заштитат од предрасуди и дискриминација што ги крши човековите права и е штетна за гонењето на организираните криминалци.[27] На пример:

Табела 11. Примери на дискриминаторски закони и политики

ПРИЧИНА (закон и политика)	ПОСЛЕДИЦА (во истражната практика)
Законодавството го криминализира сексуалното насилство врз жените, но не и врз мажите и момчињата.	Истражителите претпоставуваат дека мажите не се предмет на сексуално насилство од организирани криминалци и немаат соодветни родово одговорни вештини за интервјуирање на жртвите за да добијат информации.[a]
Законот и политиките не држат чекор со доказите и диверзификацијата на криминалитетот.	Истражителите прават застарени претпоставки за родова, етничка или културна припадност на членовите на одредени криминални групи.
Законите и политиките дозволуваат или не забрануваат расно и етничко профилирање.	Истражителите се оддалечени од истрагата заснована на докази и ги третираат луѓето на начини кои се дискриминаторски или на друг начин ги кршат човековите права.

[a] Види Канцеларија на Високиот комесаријат за човекови права на Обединетите нации (ОХЦХР), Интегрирање на родова перспектива во истрагите за човекови права: Насоки и пракса (Њујорк; Женева, 2018), стр. 33 и 34.

За да се заштитат од овие последици, истражителите треба да имаат родово одговорни и законски и политички рамки засновани на човекови права, за да им се помогне во справувањето со предрасудите и претпоставките и за да го зајакнат својот капацитет за гонење на организираниот криминал.

[27] ОХЦХР, „Малцинствата во системот на кривичната правда“, придонес на мрежата на Обединетите нации за расна дискриминација и заштита на малцинствата на осмата сесија на Форумот за малцински прашања, одржана во Женева на 24 и 25 ноември 2015 година.

Студија на случај 14. Законодавство против расното профилирање

Калифорнискиот Закон за расно и идентитетско профилирање од 2015 година забранува расно и идентитетско профилирање од страна на органите за спроведување на законот и бара од агенциите за спроведување на законот да ги пријават податоците до канцеларијата на јавниот обвинител околу жалбите во кои се наведува расно и идентитетско профилирање. Со него, исто така, се формира мултидисциплинарен советодавен одбор за профилирање и се даваат препораки за низа засегнати страни, вклучително и органите за спроведување на законот и креаторите на политики, за да се унапредат целите на законодавството.[a]

[a] Одделот за правда на Соединетите Американски Држави, Калифорнија, „Елиминирањето на расното и идентитетското профилирање во спроведувањето на законот бара учество на сите!", Канцеларијата на јавниот обвинител, 2015 година

Студија на случај 15. Расното и етничкото профилирање ги крши човековите права

Во некои европски држави, луѓето од мигрантско потекло или малцинствата Роми и Синти се предмет на непропорционална употреба на процедури за запирање и претрес, понекогаш придружени со прекумерна употреба на сила.[a] Слично, културата на расно профилирање постои и во правосудниот систем во Бразил, каде што поголема сила се употребува против Афро-Бразилците во споредба со другите.[6]

[a] Организација за безбедност и соработка во Европа, Канцеларија за демократски институции и човекови права, полиција и Роми и Синти: Добри практики во градењето доверба и разбирање, Серија за објавување на единицата за стратешки полициски прашања, кн. 9 (Виена, 2010), стр. 33.

[b] A/HRC/27/68/Add.1.

Слика 12. Составни елементи на законот и политиката засновани на човекови права со кои се истражува организираниот криминал

Забранете им на истражителите да ги прекршуваат човековите права, вклучително и преку употреба на тортура, сурово или друго нечовечко или понижувачко постапување.

Побарајте од истражителите да ги заштитуваат правата во текот на процесот, вклучително и со примена на пресумпција на невиност.

Изменете/донесувајте закони и политики со кои се обезбедува одговорност на истражителите кои ги прекршуваат човековите права.

Обезбедете јасни и достапни насоки за истражителите со кои ќе ги разберат нивните улоги и одговорности за човековите права.

Обезбедете јасни и достапни насоки за истражителите за да разберат кои дејства или пропусти доведуваат до крешење на обврските за човековите права.

Обезбедете јасни и достапни упатства за истражителите за да ги разберат правните, професионалните и другите последици од кршењето на човековите права.

Разбирање на истрагата како основа за вклучување на родовите и човековите права во законот и политиката

- Која е улогата на полицијата, царината, имиграцијата и граничните службеници во гонењето на организираниот криминал? Дали постојат полициски сили во заедницата? Дали имаат разбирање за културниот контекст во кој работат?
- Кои се клучните човекови права и родови прашања во истрагите за организиран криминал?
- На кој начин законот и политиките го препознаваат влијанието на траумата и дали тие го намалуваат ризикот од повторна трауматизација при истрагите на организираниот криминал?
- Кои модели за проценка на ризикот од ранливост и за нивно ублажување ги користат истражителите и како може да се развијат закони и политики со кои се поддржува добрата практика?
- На кој начин може да се изменат законите и политиките за да се поддржи полицијата во нејзиното практикување на законодавните овластувања на начини кои ја препознаваат траумата и реагираат на интерсекцискиот ризик за ранливост, кои се родово одговорни и ги заштитуваат човековите права?
- Каков е составот на полицијата во однос на род и разновидност, кој е нејзиниот капацитет за вклучување на родовите и човековите права? На кој начин можат законот и политиката да промовираат порепрезентативни и поодговорни полициски сили?

За да се одговори на горенаведените прашања потребни се докази и консултации (види глава 3).

Слика 13. Совети за вклучување во законот и политиката за истраги



Достапни се низа ресурси за поддршка на спроведување на родово-одговорни истраги засновани на човекови права.Табела 12 нуди неколку ресурси за справување со човековите права и родовите предизвици при интервјуа и собирање информации.

Табела 12. Ресурси за развивање родово-одговорни и пристапи засновани на човекови права за интервјуа и собирање информации од страна на истражителите

ПРЕДИЗВИЦИ СО РОДОВИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА	ПРЕПОРАЧАНИ РЕСУРСИ
Интервјуа со жртви/осомничени кои се присилни, ги кршат човековите права и резултираат со неточни информации.	**Принципи на Мендез**: Принципите за ефективно интервјуирање за истраги и собирање информации (ОБСЕ 2021) даваат преглед на законските рамки и политичките документи со кои се регулираат интервјуата, за да се обезбеди усогласеност со меѓународните правни обврски, особено, забраната на тортура и друго малтретирање.
Жртвите на сексуално насилство честопати непотребно се интервјуират повторно, не се информирани за нивните опции и не им се дава време и простор да одлучат дали да го поддржат кривичното гонење. Таквиот третман не ги става нивните потреби на прво место и е против правдата и одговорноста.	**Кодекс Мурад**: Глобалниот кодекс на однесување за собирање и користење информации за систематско и сексуално насилство поврзано со конфликти (наречен Кодекс Мурад, во чест на Надија Мурад) поддржува собирање информации од преживеаните на начини според основните човекови права на достоинство, приватност, здравје, безбедност, пристап до правда, вистина и ефикасен правен лек.
Истражителите немаат обука и/или ресурси за примена на се родово-одговорни пристапи во нивните интеракции со луѓе, вклучително и со жени и девојчиња кои преживеале насилство.	Глава 12 од Прирачникот за родово-одговорни полициски услуги за жени и девојки кои се предмет на насилство нуди увид во улогата на законодавството. Модулот 3 од Пакетот основни услуги за жени и девојки кои се предмет на насилство нуди увид во родово-одговорното собирање информации.[a]

[a] Увид во тоа како истражителите можат да ги препознаат и да одговорат на ризиците кога работат со ранливи луѓе, види ги, меѓу другото, ресурсите на Колеџот за полиција на Обединетото Кралство.

Истраги што се темелат на информираност за траумата и реагираат на ранливост

Истражителите кои ги препознаваат и реагираат на негативните ефекти на организираниот криминал врз жртвите или сторителите со кои се среќаваат во истрагите, се поефикасни во истражувањето на организираниот криминал.[28] Пристапот кон истрагите кој се базира на родови и човекови права може да ја зголеми веројатноста дека собраните докази во корист на обвинението ќе бидат прифатливи и убедливи на суд. Затоа, истражителите мора да имаат на располагање закони и политики кои се темелат на информираност за траума, кои се родово сензитивни и реагираат на ризиците од ранливоста.[29]

Табела 13. За да се утврди дали законот и политиката за истрагите се информирани за траума, се родово сензитивни и реагираат на ризиците што произлегуваат од ранливоста

	UKLJUČENI ASPEKTI TRAUME Da li zakoni i politike...	OSJETLJIVI NA RANJIVOST Da li zakoni i politike...
СОГЛЕДАЈТЕ	Ги поддржуваат практичарите да го сфатат широко распространетото влијание на траумата врз жртвите, престапниците и другите засегнати со организираниот криминал и како тоа може различно да влијае на жените, мажите и луѓето со различна родова припадност?	Реагираат на ранливоста и родовите ризици за жртвите, престапниците и другите погодени од организираниот криминал?
ПРЕПОЗНАЈТЕ	Ги подготвуваат практичарите да ги препознаат знаците и симптомите на траума кај жртвите, престапниците, семејствата, персоналот и другите вклучени во истрагата на организираниот криминал и дека тие може да изгледаат различно кај жените, мажите и луѓето со различна родова припадност?	Ги подготвуваат практичарите да ги препознаат ризиците поврзани со ранливоста за жртвите, престапниците, семејствата, персоналот и другите вклучени во истрагата на организираниот криминал?
ОДГОВОРЕТЕ	Ги подготвуваат практичарите да одговорат преку интегрирање на знаењето за траумата во истражните напори, вклучувајќи го и различниот третман на престапниците?	Ги подготвуваат практичарите да одговорат на ризиците поврзани со ранливоста преку изработка и имплементирање на стратегии за ублажување на ризикот кои се родово-сензитивни, вклучително и преку соодветни ресурси?
СПРОТИВС-ТАВЕТЕ СЕ	Ги подготвуваат истражителите активно да се спротивстават на повторната траумaтизација преку интерсекциски истраги засновани на родови и човекови права?	Ги подготвуваат практичарите да избегнат создавање на дополнителни ризици предизвикани од ранливоста на оние со кои се среќаваат во нивната работа, вклучително и преку соодветна обука и ресурси?

Инклузивно и разновидно регрутирање на истражители

Родово-одговорните институции за кривичната правда се од суштинско значење за постигнување трансформативни промени за родова еднаквост и се подобро подготвени да го следат организираниот криминал. Законодавците и креаторите на политики треба да размислат како можат да промо-

[28] Види, на пример, Кетрин Л. Малдонадо-Фабела, „Во духот на борбата: барио педагошки компас на љубов, грижа и сочувство“, *Журнал за образование за кривична правда* (2023).

[29] За повеќе околу траумата, види, меѓу другото, Соединетите Американски Држави, Администрација за злоупотреба на супстанции и ментално здравје, Министерство за здравство и човечки услуги, „Концептот на SAMHSA за траума и насоки за пристап информиран за траума“ (2014).

вираат инклузивно и разновидно вработување, вклучително на жени и малцинства, како истражители на организираниот криминал.[30] Застапеноста на жените во спроведувањето на законот довела до поефективен одговор на организираниот криминал кој бил фокусиран на жртвата. Законодавството кое ги исклучува жените или другите од службите за спроведување на законот или пак, наметнува дискриминаторски услови за вработување спротивни на правото на еднаквост, треба итно да се измени.[31]

Оние кои го разгледуваат законодавството за заштита од кршење на човековите права за време на истрагата треба да се повикаат на списокот за проверка 6.2.2

Специјални истражни техники

Специјалните истражни техники содржани во член 20 од Конвенцијата се осврнуваат на човековите права за лицата под истрага, жртвите и истражителите што ги применуваат.[32] Злоупотребата на специјалните истражни техники може да резултира со кршење на правата на приватност, правата на правично судење и правото на живот, меѓу другото. Во екстремни примери, прикриените истражители ја имаат злоупотребено својата моќ за да извршат физички и сексуален напад или родово засновано насилство, а владите вршеле злоупотреба на техниките на надзор и кривичен прогон на луѓето. Очигледно е дека се потребни заштитни мерки за човековите права.[33]

Слика 14. Составни елементи за урамнотежување на интересите на правдата при кривичниот прогон на организираните криминалци со човековите права, вклучително и на оние што се гонат

Забранете употреба на специјални истражни техники, освен ако надлежниот орган е уверен врз разумна основа дека природата и обемот на кривичното дело ја оправдува нивната употреба, а нивната употреба е пропишана со закон и служи за легитимна цел и е неопходна и пропорционална на таа цел.

Воведете законски заштитни мерки, вклучувајќи и овластување од високи службеници за спроведување на законот или судско овластување ако е соодветно, земајќи ги предвид влијанијата од нивната употреба врз родовите и човековите права.

Исклучете ги доказите добиени преку техники кои ги прекршиле човековите права или би ги прекршиле човековите права доколку се прифатат од судот.

Обезбедете насоки за истражителите за родово-сензитивна употреба на техники што се базираат на човекови права.

Обезбедете насоки за истражителите за да им се разјасни нивната кривична одговорност околу кршењето на човековите права што може да се случи при употребата на истражните техники.

Обезбедете дополнителни заштитни мерки за човекови права и контрола за користење на технологијата (на пр. биометрика, собирање податоци во финансиските истраги).

[30] УНОДЦ, Издание: Организираниот криминал и родот стр. 30 и 31 (види фуснота 1).

[31] Види Конвенција за елиминација на дискриминација врз жените, чл. 15.

[32] Техниките наведени во член 20 се неисцрпни и вклучуваат контролирана испорака, електронски или други форми на надзор, тајни операции и употреба на информатори.

[33] Види CTOC/COP/2022/9, резолуција 11/1, анекс I, на Конференцијата на страните на Конвенцијата за организиран криминал и CTOP/COP/WG.3/2020/3, ставови. 62–65.

Слика 15. Проверка дали може да се користат специјални истражувачки техники



Студија на случај 16. Европски стандарди за користење на надзор

Европската комисија за човекови права разви минимални заштитни мерки кои треба да се воведат во законот за да се избегне злоупотреба на моќта при користењето на надзорот:

- Природата на прекршокот што може да доведе до налог за надзор
- Категориите на луѓе кои се подложни на каква било мерка од тој вид
- Ограничување на времетраењето на надзорот
- Процедури што треба да се следат при испитување, користење и складирање на добиените податоци
- Мерки на претпазливост што треба да се преземат при доставување на податоците на други страни
- Околности во кои снимките може или мора да се избришат или уништат

Исто така, од органот што ги издава овластувањата се бара да биде независен и да има судска контрола или контрола од независно тело врз телото што ги издава. Според тоа, јавниот обвинител не би смеел да нареди следење без претходно одобрение од судија.[a] Во земјите надвор од Европската унија, соодветната постапка не мора да вклучува судија.

[a] CTOP/COP/WG.3/2020/3, ст. 27, повикувајќи се на Европската комисија за човекови права, *Малоун против Обединетото Кралство*, Апликација бр. 8691/79, пресуда од 2 август 1984 година, став. 67; *Хувиг против Франција*, Жалба бр. 11105/84, пресуда од 24 април 1990 година, ст. 33; *Аман против Швајцарија*, Жалба бр. 27798/95, пресуда од 16 февруари 2000 година, ст. 60; и *Јордачи и други против Молдавија*, Апликација бр. 25198/02, пресуда од 10 февруари 2009 година, ст. 40.

За повеќе информации за човековите права при употребата на специјалните истражни техники, види УНОДЦ, Издание: *Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права* (Виена, 2022), стр. 35–38

За модел на законодавни одредби за поддршка на употребата на специјални истражни техники, види *Модел на законодавни одредби против организираниот криминал*, 2-ри изд. (Виена, 2021), гл. III

Конфискација и отуѓување на имот

Одредбите на Конвенцијата кои се однесуваат на заплена, конфискација и располагање со приноси од криминал или имот (членови 12, 13 и 14) може да предизвикаат загриженост за човековите и родовите права. Опстанокот на семејствата може да зависи од приходите од криминал.[34] Конфискацијата може да има несразмерни родови ефекти, на пример, кога организирани криминални групи ги користат жените за да го прикријат имотот.[35] Спротивно на тоа и во идеални случаи, државите можат повторно да ги користат конфискуваните средства и криминалните приноси за унапредување на човековите права и родовата еднаквост, преку зајакнување на гонењето на организирани криминалци, исплаќање на надомест и реституција на жртвите, како и зајакнување на луѓето и заедниците во напорите за спречување на организираниот криминал.[36]

Слика 16. Составни елементи на отуѓување на конфискуваните приходи и средства кои се родово сензитивни и се засноваат на родови права

Законите бараат конфискуваните имоти да се ставаат на аукција, а средствата да се искористат за борбата на кривичното право против организираниот криминал, заштитата на сведоци или помош и компензација на жртвите.

Воспоставени закони и политики за користење на приходите стекнати со криминал/имоти за јавен интерес или социјални цели (на пр. имот што го користат криминалците во установи за згрижување деца или безбедни домови за жртвите).

Воспоставени закони или политики за користење на приходите од криминал за иасплата на компензација на жртвите.

Воспоставени закони/ политики за распределба на запленетите средства на граѓанското општество и поддршка на претпријатијата за поддршка на превенцијата.

Воспоставени и политики за користење на приходите/ средствата во корист на популациите конкретно изложени на ризик од организиран криминал.

Воспоставени закони и политики за користење на приходите/средствата кои даваат одговор на тоа како мажите, жените, девојчињата и момчињата можат подеднакво да ги користат.

[34] Во овој поглед, членовите 12 (8) и 13 (8) гарантираат дека конфискацијата не смее да ги прекршува правата на бона фиде трети лица.

[35] УНОДЦ, *Издание: Организираниот криминал и родот*, стр.35 (види фуснота 1).

[36] Види дел 4.1 за превенција. Граѓанските организации можат да се повикаат на Партнери Албанија за промени и развој, „Практичен водич за НПО: основање социјални претпријатија во конфискувани средства од организиран криминал“ (Тирана, 2020 година). [[LINK]]

Студија на случај 17. Конфискувани средства што се пренаменети за социјални цели во Западен Балкан

Повеќето земји од Западен Балкан имаат механизми кои овозможуваат конфискација на имотот и нивна повторна употреба за социјални цели. Во Албанија, законодавството воспоставува фонд за користење конфискувани средства за цел спречување на криминалот од страна на државата и социјалната заедница, за легалното образование и за социјални претпријатија.[а] Пример за такво претпријатие е проектот што е заеднички имплементиран со Глобалното партнерство за политики против наркотици и развој, преку кој конфискуваните автомобили кои претходно им припаѓале на криминалците се претвораат во мобилни библиотеки кои патуваат во оддалечените области од кадешто децата можат да позајмуваат книги.[б] Во Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија, средствата што не се продаваат може да се донираат во хуманитарни цели или да им се доверат на властите за повторна употреба. Во Северна Македонија, запленетата храна, облека и пијалоци може да се подарат на граѓанското општество. На пример, имоти конфискувани од криминалци во Србија се пренаменети безбедни центри за малолетни поранешни престапници, домови за лица со аутизам и центри за третман на деца кои боледуваат од рак.[в]

[а] Саша Ѓорѓевиќ, „Отпорен Балкан: социјална пренамена на конфискувани средства“ (Женева, Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал, 2022), стр. 10–12.

[б] Глобално партнерство за политики и развој за дроги, „Албанија: заработувачка за живот – пат на трансформација од незаконски во законски економски приход“, 2023 година.

[в] Ѓорѓевиќ, „Одржлив Балкан“, стр. 10–12.

Студија на случај 18. Повратени средства што се користат за поддршка на ранливите заедници

Истрагите спроведени по смртта на генералот Сани Абача во јуни 1998 година, инаку претседател на Нигерија од 1993 до 1998 година, откриј дека тој украл милијарди долари од народот на Нигерија, кои се переле низ неколку земји. Околу 800 милиони американски долари беа повратени како готовина и како имот, а Владата ги искористи за станбени проекти и образование во 36 области во Нигерија.[а]

[а] Игнацио Жиму, Управување со повратените приходи и средства: Случајот со Нигерија, Перу, Филипини и Казахстан, серија на работни документи, бр. 06 (Базел, Швајцарија, Базелски институт за управување и Меѓународен центар за наплата на средства, 2009 година), стр. 7.

4.2.3 ОБВИНЕНИЕ, СУДЕЊЕ И САНКЦИИ

Обвинителството, пресудата и санкциите наметнати од системот на кривичната правда мора да бидат родово одговорни и засновани на човекови права за жртвите, сторителите и другите кои доаѓаат во контакт со него. Членот 11 од Конвенцијата треба да се имплементира во согласност со процесните права. Онаму каде што има притвор без соодветна постапка, тоа може да резултира со арбитрарен притвор и повреда на презумпцијата на невиност, што пак може да биде ризик за поништување на пресудите, што последователно ќе влијае на правата на жртвите. Предистражниот притвор, исто така, може да влијае на способноста на обвинетото лице да се подготви за судење, што е спротивно на правото на правично судење и интересите на правдата. Политиките кои дозволуваат вонсудски дејствија против криминалот се спротивни на обврските на државите според меѓународното право.[37]

За повеќе околу човековите права во истражниот притвор, види УНОДЦ, Издаден документ: *Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права* (Виена, 2022), стр. 38–40

[37] На пример, наводните вонсудски дејствија во врска со „војните против дрогата“ предизвикуваат загриженост за човековите права. Види Меѓународен кривичен суд, „МКС предистражниот совет I го овласти обвинителот да ја продолжи истрагата на Филипините“, 26 јануари 2023 година.

Родово одговорни санкции засновани на човекови права

Припишаните санкции мора да ја земат предвид тежината на делото, во согласност со член 11(1) од Конвенцијата, на начини кои се усогласени со обврските на државата за човековите права. Според тоа, со санкциите мора да се постигне правда за жртвите, без да се прекршуваат човековите права на сторителот и на тој начин да се избегне произволно лишување од слобода или сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, вклучително и преку изрекување на смртна казна. Санкциите мора да ги земат предвид и родовите импликации на казните за човековите права. Овде може да биде релевантна историјата на виктимизација на многу жени престапници и нивната одговорност за грижа.[38]

ИНДИВИДУАЛНО ВЛИЈАНИЕ

- Какво влијание имаат казнените санкции врз поединци, земајќи ја предвид интерсекционалноста?
- Каква улога има траумата и ранливоста во искуството на едно лице во затвор и неговите изгледи за рехабилитација?

ОПШТЕСТВЕНО ВЛИЈАНИЕ

- Какво влијание има затворската казна на оној што е единствен хранител, примарен негувател или родител што дои врз нивните семејства (постари родители/деца)?
- Какво е економското и социјалното влијание на притворањето врз заедницата?

ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОДГОВОРОТ

- Како влијаат санкциите врз напорите за следење на организираниот криминал?
- Какво влијание имаат казнените санкции врз рецидивизмот?
- Какво влијание имаат казнените санкции врз социјалната маргинализација и нееднаквоста заради која цвета организираниот криминал?

Студија на случај 19. Пораст на затворските казни, особено на жените

Истражувањето на УНОДЦ откри пренатрупаност на затворите во половина од сите земји, при што бројот на лица притворени во затворите расте на глобално ниво (11,7 милиони до крајот на 2019 година). И додека повеќето луѓе во затвор се мажи (93 отсто), број на жените затворенички се зголемува со побрзо темпо.[а] На неколку места, стапката на затворени жени расте, особено во однос на делата поврзани со дрога. Во Тајланд, 84 отсто од затворените жени отслужуваат затворска казна за прекршоци за дрога.[б] Затворањето на жените, особено онаму каде што се тие образовно и економски обеспрaвени и/или примарни негуватели на деца и стари родители, може да влијание врз нивните семејства во однос на човековите права. Онаму каде што тие се престапници од ниско ниво, нивното затворање нема да ги попречува организираните криминални групи што се вклучени во трговијата со дрога, но ќе го продолжи циклусот на неповолни фактори од кои се одржува криминалот.[в] Оваа реалност треба да ги натера законодавците и креаторите на политики да ги земат предвид родовите димензии и човековите права при затворањето.

[а] УНОДЦ, „Речиси дванаесет милиони луѓе глобално затворени, речиси една третина без казна со затвори пренатрупани во половина од сите земји“, Data Matters бр. 1 (Виена, 2021).

[б] Тајландски институт за правда и Универзитет Грифит, Женски патишта во, низ и надвор од затвор: Разбирање на потребите, предизвиците и успесите на жените затворени поради дрога и нивно повторно враќање во заедниците во Тајланд (Бангкок, 2021), стр. 8

[в] УНОДЦ , Издание: Организиран криминал и род, стр. 37.

Разгледувањето на ваквите прашања е од клучно значење за да се обезбедат закон и политики кои на практичарите на кривичната правда ќе им дозволат применување на пристапи кои се родово сензитивни и засновани на човекови права, и кои се соочат наместо да ги влошуваат факторите што го поттикнуваат организираниот криминал.[39]

[38] УНОДЦ, Издание: Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, стр. 40–44 (види фуснота 6); и ОХЦХР, „Смртна казна: меѓународна рамка“. Достапно на www.ohchr.org/en/topic/death-penalty/international-framework.

[39] Види, на пример, Малдонадо-Фабела, „Во духот на борбата“ (види фуснота 30).

Вонпритворски мерки и пристапи на ресторативна правда

Креаторите на политиките и подготвувачите на законодавството треба да им овозможат на практичарите на кривичната правда да дозволат мерки што не се притворски. Тоа да бидат корисни родово-специфични алтернативи, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, економски санкции, домашен притвор, општествено корисна работа или вонинституционален третман. Преглед на потенцијалните мерки може да се најде во табелата 14 подолу.[40] Непритворските казни предвидени во законот и политиката мора да имаат казнен елемент кој е соодветен на дотичниот организиран криминал, а е во согласност со нормите и стандардите за човекови права.[41] Може да се разгледаат и ресторативните пристапи кон правдата за жртвите, престапниците и заедницата.[42]

Табела 14. Аспекти засновани на родови и човекови права за законите и политиките за санкции

ЗАКОНИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ НЕ ТРЕБА	ЗАКОНИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ ТРЕБА
Да вклучуваат задолжителни минимални казни што ги прекршуваат обврските за човековите права.	Да обезбедуваат санкции кои ја земаат предвид тежината на прекршокот во согласност со член 11(1) од Конвенцијата.
Да предвидуваат санкции кои се чисто казнени и не им служат на јавните интереси, бидејќи тие не служат за никаква рехабилитативна цел, ниту го намалуваат рецидивизмот.	Да воведуваат санкции кои се превентивни, но и казнени, и им дозволуваат на судиите да размислат за олеснителни, како и отежнувачки фактори во согласност со Правилата на Обединетите нации за постапување со затвореничките и непритворските мерки за жените сторители (Правилата на Бангкок) и Конвенција за правата на детето за деца во судир со законот.
Да ги дискриминираат престапниците од машки, женски род или од различни родови по која било основа.	Да ја земат предвид возраста, попреченоста, родот и другите интерсекциски динамики на затворање и наметнување кривична евиденција преку казнени мерки кои овозможуваат одлуките да се засноваат на индивидуалните околности (наместо, на пример, да дозволуваат непритворски мерки само за жени).
Да предвидуваат физичка или смртна казна спротивно на обврските од меѓународното право.[a]	Смртната казна ги попречува прогресивните човекови права. Во неколкуте држави кои сè уште ја немаат укинато, меѓународното право за човекови права бара, како минимум, целосно почитување на јасните ограничувања пропишани во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Конвенцијата за правата на детето.

[a] УНОДЦ, *Издание: Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права* (2022), стр. 40–44; и УНОДЦ, Издание: Организираниот криминал и род, стр. 37 и 38.

[40] Види Правила на Обединетите нации за постапување со жени затвореници и непритворски мерки за жени сторители (правила на Бангкок) (резолуција на Генералното собрание 65/229, анекс), правило 57. Види и правило 8.2 од Стандардните минимални правила на Обединетите нации за непритворски мерки (Правилата на Токио) (резолуција на Генералното собрание 45/110, анекс), за сеопфатна листа на алтернативи на затворот; .и УНОДЦ. *Прирачник за основните принципи и ветувачки практики за алтернативи на затворот, серија прирачници за кривична правда* (Виена, 2007).

[41] Види УНОДЦ, *Прирачник за основни принципи и ветувачки практики*. Законите и политиките, исто така, треба да обезбедат навремен и ефективен пристап до правдата за да се намалат одложувањата во системот на кривичната правда, особено за оние кои се во притвор, вклучително и преку обезбедување пристап до правна помош за обвинетите лица во согласност со принципите и насоките на Обединетите нации за пристап до Правна помош во казнено-правните системи (резолуција на Генералното собрание 67/187, анекс).

[42] Види УНОДЦ, *Прирачник за програми за ресторативна правда*, второ издание. (Виена, 2020 година).

Отежнувачки и олеснителни фактори при изрекувањето на казната

Отежнувачките и олеснителните фактори треба да бидат информирани со интерсекциска анализа заснована на родови и човекови права за тоа како функционираат организираните криминални групи. Отежнувачките фактори може да се однесуваат, на пример, на кршење на човековите права и родово-засновано насилство. Околностите кои може да се сметаат за олеснителни се дека сторителот бил под влијание на принуда, заплашување или експлоатација, или додека страда од намален ментален капацитет (на пример, поради попреченост). Принципот на неказнување треба да се применува во фазата на изрекување на казната за да се осигури дека лицето не е кривично одговорно кога му недостасува потребната mens rea (елемент на криминална намера).

Студија на случај 20. Олеснителни фактори во кривичните дела против дивиот свет во Малави

Малави обезбедува Упатства за казнување за злосторствата против дивиот свет во судовите во Малави (октомври 2017 година), во врска со прекршоци извршени според Законот за национални паркови и диви животни (Амандман) од 2017 година. Дел 110А од тој Закон се однесува на злосторства поврзани со загрозени видови за кои се предвидува затворска казна од 30 години. Отежнувачките и олеснителните фактори ги покажуваат напорите на изготвувачите на закони да ги избалансираат спротивставените интереси. Отежнувачките фактори вклучуваат прекршок кој што е сторен заедно со други кривични дела извршени за комерцијални цели кои што претставуваат висок ризик за јавното здравје, кога обвинетиот е јавен службеник или кога има влијание врз заедницата. Олеснителните фактори вклучуваат докази дека сторителот не бил нарачател, дека не му била нанесена никаква повреда на животното, дека сторителот бил вмешан преку принуда или заплашување, а целта била егзистенција на сторителот и неговото потесно семејство.

Табела 15. Размислувања за примена на интерсекциска родова перспектива при развивање закони и политики за спроведување на член 11 од Конвенцијата

ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА	• Која би можела да биде мотивацијата на лицето да изврши кривично дело? • Кои интерсекциски фактори, како класа, етничка припадност, економски статус и род одредуваат дали лицето има пристап до ресурси за правна помош и способност да плати кауција или да се вклучи во спогодување за вина? • Какво е веројатното влијание на предистражниот притвор врз лицето, со оглед на неговата возраст (младо или старо) и родот? • Какво влијание може да има предистражниот притвор врз правото на фер судење на лицето?[a] • Кои би можеле да бидат посебните потреби на едно лице за остварување на неговите права во притворот? • Кога и како треба да се одврати лицето од гонење? Кој може да ја донесе таа определба и врз која основа?
СУДЕЊЕ	• Како би можеле судиите да гледаат на различни сторители врз основа на нивниот пол или род и како нивните ставови влијаат врз нивните одлуки? • Кои докази се потребни за да се одредат нивоата на вмешаност во извршувањето на прекршоците? • Кои докази се потребни за да се утврди кој има корист од извршувањето на кривичното дело? • Кои отежнувачки и олеснителни околности би требало да бидат релевантни и кои се изворите на увид што им овозможуваат на судиите да донесуваат одлуки за нив?
ПО СУДЕЊЕ	• Како може санкциите да ги земат предвид интерсекциските карактеристики на поединецот, родовиот идентитет, вклучително и како родител и/или старател? • Кога би можеле алтернативите на затворската казна да бидат соодветни, на пример за родители/старатели кои можеби треба да бидат во близина на нивните семејства? • Како влијае затворањето и наметнувањето на казнена евиденција на мажите, жените и луѓето со различен сексуален и родов идентитет, како и на луѓето од различна етничка припадност и имиграциски статус? • Со какви бариери би можеле да се соочат луѓето од различен идентитет при пристапувањето до грижа по ослободувањето, и како законодавството и политиката можат да ги решат овие бариери? • Дали грижата по ослободувањето е примерена за интерсекциските потреби на мажите, жените и луѓето од сите родови? Како може да се идентификуваат овие потреби?

[a] Студија од 2022 година во Мексико, „Осудување без судење: родот и скратената постапка во мексиканскиот казнено-правен систем – извршно резиме“, покажа дека употребата на скратени постапки ги става во обесправеност жените сторители на федерални злосторства и не дозволува родовите размислувања да бидат соодветно потврдени во кривичната постапка.

За да се одговори на овие прашања од полза ќе бидат консултации и докази (види глава 3)

Студија на случај 21. Шкотски стандарди за деца во конфликт со законот

Во јуни 2021 година, Владата на Шкотска ги објави своите Стандарди за оние кои работат со деца во конфликт со законот од 2021 година. Стандардите обезбедуваат флексибилност во однос на алтернативите на обвинителството, судските и правосудските постапки и лишувањето од слобода, меѓу другите теми. Стандардите, исто така, им нудат на практичарите домашни закони и насоки за политики за да ја исполнат своката одговорност во согласност со обврските за човековите права, вклучувајќи го и членот 40 од Конвенцијата за правата на детето, кој ги штити правата на децата обвинети за извршување кривично дело.

Студија на случај 22: Постигнувањата на правосудниот систем во Кенија прилагоден кон децата

Правниот систем прилагоден кон децата е систем кој ги поддржува основните права на децата во судир со или во контакт со законот. Уставот на Кенија и релевантните меѓународни инструменти за правата на детето, во кои Кенија е членка, го поддржуваат правосудниот систем кој прилагоден на децата во Кенија. Канцеларијата на директорот на јавното обвинителство на Кенија изработи Водич за обвинителите за децата во системот на кривичната правда. Водичот има за цел да ја зголеми свеста и разбирањето за правата на децата во судир со или во контакт со законот и служи како практична рамка која ги насочува обвинителите како да постапуваат со случаи во системот на кривичната правда во кои се вклучени деца..[a]

[a] Кенија, Канцеларија на директорот на јавното обвинителство *Водич за обвинителите за децата во системот на кривичната правда* (Најроби, 2020).

Студија на случај 23. Правна помош во Африка

Африканската повелба за човекови и народни права го пропишува правото на одбрана и обезбедување правна помош во кривичните случаи. Принципите и насоките за правото на правично судење и правна помош во Африка ги повикуваат државите да обезбедат право на правна помош за обвинетите. Уставите на неколку земји го штитат правото на правна помош. Правната помош е уставно заштитена на државен трошок во Кабо Верде (член 33 (3)); Египет (член 67); Етиопија (член 52); Гамбија; Малави (дел 42 (1) (в)); Мозамбик (член 62 (2)), Уганда (член 28 (3) (д)), и без појаснување за тоа кој ги снои трошоците во Ангола (член 36 (1)); Буркина Фасо (член 4); Демократска Република Конго (член 19); Џибути (член 10); Гана (19 (2) (ѓ)); Лесото (поглавје II, 12 (2) (г)); Мали (член 9); Намибија (член 12 (1) (д)); Нигерија (поглавје IV, 36 (6)); Сао Томе и Принципе (член 40 (1) и (3)) и Сиера Леоне (член 23 (5) (в)).[a]

[a] УНОДЦ, *Пристап до правна помош во системите за кривична правда во Африка: Извештај од истражувањето* (Виена, 2011), анекс I.

Види *Модел закон за правна помош во казнено-правните системи со коментари* (УНОДЦ, 2017) и *Прирачник за обезбедување квалитет на услугите за правна помош во процесите на кривичната правда: Практични упатства и ветувачки практики* (УНОДЦ, 2019)

Слика 17. Вклучување на родовите и човековите права во кривичното гонење на организираните криминални групи

Мерки за вклучување

- Изменете/донесувајте ги одредбите за криминализација за заштита од дискриминација и штети на човековите права
- Изменете/донесувајте закони и политики за промовирање на истрага, гонење, пресудување и санкции што се родово-одговорни и засновани на права
- Изменете/донесувајте ги законите и политиките што обезбедуваат правилни процеси и ги штитат другите права на прекршителите

Потенцијални предизвици со мерките за имплементација

- Практичарите од кривичната правда сметаат дека пристапите засновани на правата кон лицата осомничени, обвинети или осудени за злосторства се спротивни на ефективниот кривичен прогон
- Недостаток на заложби за промоција на родно-рамноправна работни сила во правосудството
- Практичарите од кривичната правда имаат предрасуди кон одредени групи врз основа на род, сексуалност, етничка припадност, раса, попреченост или други особини
- Санкциите се смета дека служат само за казнени цели
- Неодоволни капацитет за родови прашања и човекови права
- Корупцијата во државата ја спречува конструктивната употреба на конфискуваниот имот и ја спречува правдата
- Практичарите од кривичната правда се несвесни за своите обврски кон човековите права

Алатки и активности со кои се решаваат предизвиците и ублажуваат ризиците

- Да се зајакне разбирањето за користа од родово-одговорни пристапи и пристапи засновани на човекови права за ефикасно спроведување на организираниот криминал
- Користете докази и подигнете ја свеста за негативното влијание на предрасудите и дискриминацијата врз истражните и обвинителските процеси и исходот
- Користете докази за да го зголемите разбирањето на ресторативните, рехабилитативните и превентивните пристапи кон казнувањето
- Да се промовира сфаќањето за полезноста на родово-еднаква работна сила во борбата против организираниот криминал
- Подигнете ја свеста за можностите за користење конфискувани средства и приноси од криминал за унапредување на човековите права и ефикасно гонење на организираниот криминал
- Обезбедете им на практичарите од кривичната правда достапни, практични упатства за нивните обврски за човекови права

4.3
ЦЕЛ ЗАШТИТА

ДА СЕ ЗАПОМНИ:

- **Пристапите за заштита кои се родово-одговорни и засновани на човекови права се поефективни, а исто така помагаат за остварување на целите за гонење и спречување на организираниот криминал.**
- **Разбирањето на родовите димензии на одмаздувањето и заплашувањето што ги вршат организираните криминални групи, ја зголемува способноста на државите да ги исполнат обврските за заштита на оние кои се изложени на ризик.**
- **Пристапите фокусирани кон жртвите и кои се родово-одговорни ги намалуваат ризиците од нанесување штети на човековите права во кривичните процеси и ги зајакнуваат резултатите на кривичната правда.**
- **Надоместокот и реституцијата што се родово-одговорни и се засноваат на човековите права обезбедуваат ефикасна поддршка за жртвите, со намалување на товарот што е резултат од долгорочното влијание на кривичните дела, а се и поисплатливи за државите.**

Слика 4.3: Компоненти за заштита во легислативата и политиката

Чекори за вклучување на човековите и родовите права во заштитата

Чекор 1

Направете преглед на постојното законодавство и политичките инструменти релевантни за заштитата, вклучувајќи ги домашните закони за транснационален организиран криминал, кривична постапка, заштита на жртви/сведоци, заштита на децата и визни режими за заштита.

Чекор 2

Анализирајте го степенот до кој постоечките инструменти ги интегрираат родовите и човековите права.

Идентификувајте ги бариерите со кои може да се соочат ранливите или маргинализираните групи при пристапувањето до заштита.

Утврдете ги родовите ризици и ризиците за човековите права кои произлегуваат од спроведувањето на постоечките нормативни рамки.

Чекор 3

Утврдете како може да се ублажат идентификуваните ризици за заштита и како да се зајакне заштитата преку ново и/или изменето законодавство, политики и стратегии.

КОЈ Е ЖРТВА? КОЈ Е СВЕДОК?

Термините „жртва“ и „сведок“ се користат во Конвенцијата, но таа не ги дефинира. Во согласност со тој инструмент, Прирачникот со алатки го користи терминот „жртва“, притоа признавајќи дека терминот „преживеан“ може да се смета за посоодветен во различни контексти.[43] Пристапот фокусиран кон жртвата значи дека најсоодветен термин е оној што поединецот го претпочита.[44] Терминот „сведок“ за целите на овој Прирачник за алатки го означува секое лице, без оглед на неговиот правен статус (доушник, сведок, судски службеник, таен агент или друго), кое поседува информации што може да бидат релевантни како доказ. Законодавците и креаторите на политики треба да проверат како нивната јурисдикција ги дефинира или подразбира овие термини.

4.3.1 ЗАШТИТА ОД ОДМАЗДА И ЗАПЛАШУВАЊЕ

Со членовите 24 (1) и 25 (1) од Конвенцијата се бара сведоците и жртвите да бидат заштитени од одмазда или заплашување. Не се потребни закони за сите мерки за заштита, но за некои да. Многу случаи против организирани криминалци не успеваат ако нема сведоштва на жртвата/сведоците, со што нивната заштита станува инструмент за достигнување на правдата. Влоговите се високи; убиството на сведоци, па дури и на практичарите во кривичниот процес станува секојдневие.

Мерките за заштита се однесуваат на вистински луѓе. Активистот за заштита на животната средина, Чут Вути, беше убиен во 2012 година додека информираше за нелегална сеча во провинцијата Кох Конг во Камбоџа.[45] Добитникот на меѓународната награда за слобода на печатот, Хавиер Валдез Карденас, беше убиен за известување за организираниот криминал и корупцијата во Мексико во 2017 година во Синалоа, Мексико. Мариел Франко, која стана градски советник од фавела во Рио, беше убиена со својот возач во 2018 година, оставајќи ги зад себе свршеникот и нејзината десетгодишна ќерка. Луѓето како овие - и оние кои ќе бидат убиени во иднина - треба да ги потсетуваат законодавците и креаторите на политиките за тежината и за итноста на нивната одговорност да обезбедат заштита.[46]

Локалниот уметник-активист Данте Агилера работи на мурал организиран од заедницата кој ја одбележува петгодишнината од убиството на новинарот Хавиер Валдез Карденас во Кулијакан, Синалоа, Мексико.

Фотографија на д-р Мајкл Летиери, 15 мај 2022 година.

Завршен мурал на Хавиер Валдез Карденас со митингот „Овде никој не заборава. Хавиер Валдез живее“.

Фотографија на д-р Сесилија Фарфан-Мендез, 15 мај 2022 година.

[43] Некои сугерираат дека терминот „жртва“ имплицира пасивност или слабост и не ја препознава отпорноста и одлучноста. Многу луѓе кои минале ниу искуството на организиран криминал не ја сакаат стигмата дека биле „жртви“. Други сметаат, пак, дека терминот „преживеан“ е проблематичен бидејќи ја негира виктимизацијата и ја занемарува реалноста дека не сите жртви на криминал преживуваат.

[44] Види, меѓу другото, UN-Women, основни пакети услуги за жени и девојки кои се предмет на насилство: Основни елементи и насоки за квалитет (2015).

[45] Види Глобална иницијатива против организиран криминал, Лицата на атентатите, „Чут Вути“, 26 април 2012 година

[46] Глобалниот монитор за убиства бележи атентати на новинари, активисти, полицајци и водачи на заедницата поради нивната работа против организираниот криминал. Извештајот „Лицата на атентатите“ е отрезнувачки потсетник на фактот дека илјадници мажи, жени, па дури и деца ги загубија животите.

Слика 18. Составни елементи од вклучувањето на човековите и родовите права во легислативата за заштита

Анализирајте го постојното законодавство за заштита за да се осигурате дека е недискриминаторно кон сведоците/жртвите без разлика на правниот или друг статус или карактеристика.

Истражете ги законските опции за отстранување на бариерите за пристап до правда и фер третман, вклучително и со обезбедување дополнителна поддршка врз основа на возраст, пол, попреченост, јазик, националност или други фактори.

Осигурете се дека законодавството ги штити роднините и лицата блиски до жртвите/сведоците од одмазда.

Изменете/донесете законодавство за заштита во согласност со Конвенцијата за правата на детето.

Изменете/донесете законодавството за заштита во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Изменете/донесете законодавството за заштита за да им се овозможи на странските жртви/сведоци да останат во државата.

Одмаздата може да биде силно родово обоена; во мачо-мафијашките култури, сведочењето од жена – и кривичните постапките што ги водат жените – може да се гледаат како навреда на кодексите на честа на криминалните кланови управувани од сексистички родови правила.[47]

Студија на случај 24. Родот и сексуалната ориентација како фактор на ризик кај организираните криминални групи

Беа извршени убиства од чест против машки членови на организирани криминални групи за неверство со жени во врска со други членови или за хомосексуалност, како во случајот со бруталното убиство на Џон Д'Амато во 1992 година, висок член на криминалното семејство Декавалканте. Како одмазда за расправија, девојката на Д'Амато му кажала на друг член од групата за сексуалните активности на Д'Амато со мажи и жени. Еден од неговите убијци, Ентони Капо, наводно му рекол на судот „Никој нема да нè почитува ако имаме геј хомосексуалец [sic] за шеф кој седи и разговара за бизнисот Ла Коза Ностра".[a] Централноамериканските банди како Барио 18 и МС 13 (Мара Салватруча-13) ги иницираат машките членови со тешки претепувања, а на женските членови, за да ги иницираат во бандата, им даваат да изберат меѓу тешко претепување или сексуални односи со повеќе членови на бандата. Се смета дека со првото се добива членство врз основа на псевдо-мажественост и демонстрација на особини како сила, издржливост и храброст.

[a] Антонио Никасо и Марсел Данези, Организиран криминал: културен вовед (Абингдон, Оксон, Обединетото Кралство; Њујорк, Рутлеџ, 2021), стр. 152 и 153. Види исто така Алан Фојер, „Му кажа на судот дека е геј, мафијашкиот информатор ја премина линијата" , Њујорк Тајмс, 20 октомври 2009 година.

[47] Антонио Никасо и Марсел Данези, Организиран криминал: културен вовед (Абингдон, Оксон, Обединетото Кралство; Њујорк, Рутлеџ, 2021), стр. 153 и 154.

Укажувачи и информатори

Иако заштитата на укажувачите и информаторите не е експлицитно наведена во Конвенцијата, членот 34 ги повикува државите да го надминат минимумот на стандарди. Со оглед на врската помеѓу корупцијата и организираниот криминал што резултира со одмазда против пријавувачите, државите би можеле да обезбедат заштита за укажувачите во согласност со член 33 од Конвенцијата против корупција. Понатаму, меѓународните обврски на државата за човековите права значат дека животот треба да се заштити без оглед на тоа кој е во опасност.[48] Постои акутен ризик ако државниот кривично-правен апарат е вклучен во организиран криминал.

Слика 19. Составни елементи за вклучување на родовите и човековите права во зашттата на укажувачите

Затворете ги празнините во законодавството што ги одвраќаат луѓето од пријавување или пријавувачите ги изземаат од заштита.

Изменете го законодавството за заштита за да ги опфати специфичните ризици со кои се соочуваат мажите, жените, момчињата, девојчињата кои пријавуваат, како и членовите на нивните семејства.

Разјаснете ги механизмите за известување за укажувачите.

Усогласете ги законите кои се однесуваат на укажување, антикорупција, пристап до информации и вработување со човековите права за слобода на мислењето и изразувањети и правото на информации.

Усогласете ја заштитата во законите и политиките за лицата што пријавуваат според родовата динамика на одредени сектори и видовите криминал што се случуваат во нив.

Развијте насоки за родово одговорна соработка заснована на човекови права помеѓу истражните и заштитните органи за да одговори на посебните потреби на укажувачите.

Студија на случај 25. Заштита на укажувачите за криминал со фалсификувани медицински производи

За да ги заштити укажувачите за криминал со фалсификувани лекови, козметика и медицински помагала, Министерството за здравство и семејна благосостојба на Индија воведе законодавство со кое го поттикнува укажувањето и ги штити укажувачите, конкретно за таа индустрија. Законот во некои случаи предвидува и награда што треба да ја додели Централната организација за стандарди и контрола на лекови, а предвидува и заштита на идентитетот на укажувачите.[a]

[a] УНОДЦ, Борба против фалсификуван криминал поврзан со медицински производи: Водич за добра законодавна практика (Виена, 2019) стр. 69.

[48] Не постои меѓународна дефиниција за „укажувач“, но широкото значење на поимот лица кои на јавноста или медиумите им пријавуваат незаконски, неетички или нелегитимни практики на организации во кои членуваат. Види УНОДЦ, Модел на законодавни одредби против организираниот криминал (Виена, 2021), стр. 125 и УНОДЦ, Водич за ресурси за добри практики во протоколот за практики за известување (Виена, 2015).

Вклучувањето на родот и човековите права во законите за заштита на луѓето – вклучително и укажувачите и информаторите – е поефективно кога се заснова на докази и консултации со релевантните засегнати страни. Види глава 3

Види *Водич за ресурси за добри практики во заштитата на пријавувачите* (Виена, 2015)

Види: *Зборувајте за здравје! Насоки за овозможување заштита на укажувачите во здравственио сектор* (Виена, 2021)

4.3.2 ЗАШТИТА ЗА ВРЕМЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Пристапите насочени кон жртвите им даваат приоритет на интересите на жртвите во сите фази на постапката, за да се избегне и ревиктимизација од страна на организираните криминалци и секундарна виктимизација од страна кривичните процеси. Законодавството и политиката кои ги содржат интерсекциските димензии во текот на постапката, како возраста, родот, јазикот, етничката припадност и другите фактори, ќе бидат поефективни. Табелата 16 дава преглед на чекорите што може да се преземат во текот на кривичната постапка за да се постигне пристап фокусиран на жртвата.

Табела 16. Законски одредби за ублажување на ризиците за жртвите и сведоците

РИЗИЦИ ЗА ЖРТВИТЕ/СВЕДОЦИТЕ	ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ
Ревиктимизација (од страна на криминалци) Одмазда, заплашување или вознемирување од организирани криминалци или нивни соработници.	• Физичка заштита на сведоците • Преместување на сведоците, вклучувајќи финансиска и социјална поддршка за да им се овозможи на сведоците да останат под заштита на државата • Неоткривање или ограничување на откривањето на сведоците и нивното место на живеење
Секундарна виктимизација (од страна на државата) Судски постапки или третман од страна на кривичната правда или други службеници кои ги ревиктимизираат и/или ретрауматизираат жртвите.	• Допуштеност на предистражни изјави наместо судски исказ • Сведоштво преку видео врска/зад екран/затворени сослушувања • Дозволено присуство на лицата за поддршка • Обезбедување професионална родово-одговорна поддршка • Овозможена комуникација со децата и со нив да се комуницира на начин што е соодветен • Разумен третман во случај на попреченост • Толкување на потребните јазици

Мерките за заштита на жртвите/сведоците во постапката мора да бидат избалансирани со правото на обвинетиот на правично судење, вклучително и пресумпцијата на невиност, а во некои јурисдикции, правото на лицето да се соочи со сведоците што сведочат против него.

Студија на случај 26. Испитување на деца преку посредници

Член 212 од Законот за кривична постапка на Костарика (закон бр. 7594), во случаите кога исказ даваат деца, дозволува помош од членови на семејството или од специјализирани експерти, како на пример за детски труд или специјалисти за детска заштита. Слично на тоа, член 351 дозволува малолетниците да бидат придружувани од вештаци за време на сведочењето. Треба да се преземат сите мерки што се во најдобар интерес на малолетникот и да се избегне или намали ревиктимизацијата. Малолетниците треба да имаат помош од соодветни стручни лица и да добиваат стручни услуги. Малолетните жртви на сексуални злосторства можат да бидат придружувани од медицински персонал, психијатри и психолог (член 120 и 121 од Законот бр. 7739). Законот за кривична постапка им дозволува на судовите да ги намалат формалностите при сведочењата на деца. При примената на сите тие мерки треба да се заштити правото на одбрана.

Студија на случај 27. Донесување судски пресуди со родова перспектива

Во 2013 година, Мексико го објави протоколот наменет за судиите за да применуваат родова перспектива во нивната работа, на начин кој ќе ја почитува нивната независност и автономија. Протоколот беше ажуриран во 2020 година со широки консултации. Во јули 2022 година, настан на кој се формираше Првата меѓуамериканска мрежа на родови врски на судството, судијката Патриша Перез Голдберг, членка на Меѓуамериканскиот суд за човекови права, го опиша протоколот во Мексико како пионерска работа во вклучувањето на родот во федералната правда.[a]

[a] Меѓуамерикански суд за човекови права, „Судијката Патриша Перез Голдберг го отвори семинарот одржан во Мексико за создавање на Првата меѓуамериканска мрежа за правда со родова перспектива и го претстави својот воведен збор“, јули 2022 година.

Студија на случај 28. Услуги за жртвите кои се фокусирани на жртвата, информирани за траумата и прилагодени на децата

Со отстранување на формалните сослушувања и со поедноставување на процесите за поднесување барања, Шемата за финансиска помош во Викторија, Австралија ја намалува повторната трауматизација на жртвите на насилен криминал. Оваа посредничка програма им дава поддршка на возрасните со когнитивни попреченості и на децата во пристапот до правдата. Обезбедена е специјалистичка поддршка за децата која ги подготвува за сведочење. На работниците и персоналот за поддршка на жртвите помош им даваат и водачите за културолошка сензитивност за да им се помогне на домородните жртви на криминал преку програмата за помош на жртвите. Судските кучиња за поддршка (Кики и Луси) се дресирани за да им помогнат на сведоците и на децата за време на распитот во полицијата, и то преку собите за сведоци на далечина и на клупата за сведоци во судот, сè со цел да се намали трауматизацијата. Шемата работи и на подобрување на пристапноста за членовите на ЛГБТИКА+ заедницата.[a]

[a] Австралија, Влада на државата Викторија, Ажурирање за поддршка на жртвите (Мелбурн, Влада на Викторија, 2021 година); Државната влада на Викторија, „Новото судско куче „Кики“ за поддршка на децата кои сведочат“, 8 февруари 2021 година; Џон Силвестер, „Сите тие ја сакаат Луси: како еден пријател на четири нозе може да ни помогне на суд“, The Age (Мелбурн, Австралија), 14 мај 2021 година; и Австралија, Кучињата во служба на правдата, „Да го направиме правосудниот систем почувствителен на траума, едно по едно куче“. Достапно на /.https://justicefacilitydogs.asn.au/.

За повеќе информации за човековите права во заштитата на жртвите/сведоците, видете *Конвенција на Обединетите нации против транснационален организиран криминал и меѓународно право за човекови права* (Виена, 2022), стр. 60–68

За родовите димензии на заштитата на жртвата/сведокот, видете Издание: *Организиран криминал и род - прашања поврзани со Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022), стр. 46–49

Изготвувачите на законодавството кои ги разгледуваат и/или подготвуваат одредби во врска со заштитата на жртвата/сведокот, треба да се повикаат на списокот за проверка 6.2.3

4.3.3 РЕСТИТУЦИЈА НА ЖРТВАТА И ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Правото на обештетување е заштитено во меѓународните инструменти за човекови права и во Конвенцијата.[49] Член 25 (2) од Конвенцијата бара од државите да воспостават процедури со кои на жртвите на организираниот криминал им се дава пристап до обештетување и реституција.[50] Според тоа, законот и политиката треба да ги направат кривичните и граѓанските рамки за реституција и обештетување достапни за жртвите, без оглед на нивната возраст, род, етничка припадност, домородна припадност, попреченост, јазик, статус на имиграција, националност или други фактори, и да ги решат сите бариери што го попречуваат пристапот.

1. Кои постоечки механизми се воспоставени за реституиција и обештетување на жртвите?
   - Кој е изворот на средства за реституција и обештетување?
   - Дали тој извор е одржлив? Дали државата издвоила доволен буџет?
   - Кој има пристап до тие механизми, а кој нема?

2. До кој степен жртвите на организиран криминал добија реституција и обештетување според механизмот? Дали жртвите се соочиле со секундарна виктимизација или други штети при пристапот до обештетување?

3. Со какви бариери се соочуваат при пристапот до реституција и обештетување (да се анализираат за сите релевантни домашни закони/политики идентификувани во точка 1?)

Табела 17. Анализа за идентификување и решавање на бариерите за враќање и обештетување на жртвите

БАРИЕРА	ПРИМЕР НА БАРИЕРА	ПРИМЕРИ КАКО ЗАКОНОТ И ПОЛИТИКИТЕ МОЖАТ ДА ГИ РЕШАТ ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ БАРИЕРИ
Структурна	Механизмите за реституција и обештетување не постојат или се недоволно финансирани; механизмите се премногу регулирани со критериуми за подобност кои го ограничуваат пристапот на одредени жртви на одредени видови организиран криминал; информациите за услугите се тешко достапни, а процедурите се долги и бирократски.	На пример, реституцијата се смета за дел од рочиштето за изрекување казна; таму каде што е дозволено, се обезбедува обештетување од страна на државата, независно од кривичната постапка; процесите на апликација се направени што е можно поедноставно и достапно.[a]

[49] Член 2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, член 6 од Меѓународната конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување, член 14 од Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, член 39 од Конвенција за правата на детето и член 8 од Универзалната декларација за човекови права.

[50] Реституцијата ја враќа жртвата во нејзината положба пред злосторството. Со обештетување им се плаќа за настаната загуба или штета.

БАРИЕРА	ПРИМЕР НА БАРИЕРА	ПРИМЕРИ КАКО ЗАКОНОТ И ПОЛИТИКИТЕ МОЖАТ ДА ГИ РЕШАТ ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ БАРИЕРИ
Индивидуална	Правото на поединецот на информации за неговото право на обештетување/ реституција не е поткрепено; информациите не се достапни на јазиците што ги зборуваат жртвите; не е направено разумно прилагодување за попреченостите; не се пренесува на начини прилагодени за децата; не им се пренесува на жртвите кои се вратиле во домицилните држави.	На пример, каде што е можно, достапна е правна помош и други форми на помош; релевантните информации се преведени на релевантните јазици; информациите им се објаснети на жртвите на начин што им е разбирлив.
Практична	Жртвите на транснационалниот криминал не знаат како да аплицираат за фондови во странски јурисдикции; критериумите за подобност се разликуваат помеѓу јурисдикциите.	На пример, таму каде што е можно, соработка со практичари во странска јурисдикција за советување

[a] Видете, ОН-Жени, пакети за основни услуги за жени и девојки кои се предмет на насилство (Модул 3, глава 3, Основна услуга 6 (Одговорност на сторителот и репатријации).

Студија на случај 29. Обештетување на жртвите во Европската Унија засновани на правата

Олеснувањето на пристапот на жртвите до обештетување е клучна приоритетна област во Стратегијата за правата на жртвите на Европската унија за 2020-2025 година. Законодавците и креаторите на политики можат да научат од дејствијата што се утврдени за земјите-членки на оваа политика:

- За да ги оценат националните механизми за обештетување и да ги елиминираат постоечките процедурални пречки
- За да се предвиди правично и соодветно обештетување за жртвите од страна на државата во националните буџети
- За да ги преземат активностите за избегнување секундарна виктимизација за време на постапките за обештетување
- Соработка со други членови во прекуграничните случаи[a]

[a] Европска комисија „Прашања и одговори: права на жртвите – нова стратегија за осилување на жртвите, 24 јуни 2020.

Види *Модел на законодавни одредби против организираниот криминал, второ издание*, (Виена, 2021), чл. 29, погл. V, стр. 128 и 129

Изготвувачите на законодавството кои ги разгледуваат и/или ги подготвуваат одредби во врска со враќањето на жртвите и обештетување, треба да се повикаат на списокот за проверка 6.2.3

Слика 20. Вклучување на родовите и човековите права во заштитата

Мерки за вклучување

- Донесете/изменете ги законите и политиките кои нудат заштита која е насочена кон жртвите, информирана за траума и е родово-одговорна
- Отстранете ги правните и политичките бариери за пристап до заштита на жртвите, пријавувачите и другите изложени на ризик од организиран криминал
- Обезбедете недискриминаторски механизми за обештетување и реституција

Потенцијални предизвици со мерките за имплементација

- Недоволно ресурси за заштита
- Недоволен капацитет за да им се обезбедат човекови права и родова заштита на лицата кои се изложени на ризик од одмазда/заплашување
- Недоволен извор на средства за обештетување / реституција
- Практичарите од кривичното право (полиција, обвинители и членови на судството) даваат отпор на родово одговорните пристапи засновани на човекови права
- Ниско или никакво разбирање за вредноста на родово одговорните кривични постапки засновани на човекови права, и за поединци и за резултатите од кривичната правда
- Жртвите и практичарите не се запознаени за начинот и процесите за обештетување и реституција

Алатки и активности за решавање на предизвиците и ублажување на ризиците

- Користете докази за да ја подигнете свеста за корисноста од родово-одговорната заштита и заштитата заснована на права, за зајакнување на процесите и резултатите на кривичната правда
- Соработувајте со граѓанските организации за решавање на недостатоците во капацитетите за помош
- Подигнете ја свеста за потребата за обештетување на жртвите како дел од превенцијата и отпорноста против организираниот криминал
- Градење на капацитетите на полицијата за примена на родово одговорни пристапи и пристапи засновани на права
- Осврнете се на законите, политиките и практиките за заштита во земји со слични правни системи и капацитет на ресурси за учење и пренесување искуства за вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права
- Дистрибуирајте достапни информации за процесите за аплицирање за обештетување и реституција

4.4
ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ

ДА СЕ ЗАПОМНИ:

- **Државите кои се придржуваат до меѓународните стандарди за човекови права се во подобра позиција да ги затворат празнините во владеењето што ги злоупотребуваат организираните криминални групи и се доживуваат како партнери кои уживаат поголема доверба за меѓународна соработка.**
- **Законодавците и креаторите на политики можат да ги вклучат родовите и човековите права како услови за неформална соработка; како се собираат, споделуваат и користат информациите; дали се прифатливи доказите; и за обезбедување одговорност за кршење на човековите права.**
- **Законодавците и креаторите на политиките треба да ги земат предвид причините засновани на родови и човекови права зошто би требало активно да се бара соработка, или обратно, да се забрани.**
- **Земјите за соработка треба да се стремат да се усогласат со оние држави што поставиле највисоки стандарди за човекови права и родова еднаквост, а не да ги почитуваат пониските стандарди.**

Слика 4.4 Соработка како одговор на организираниот криминал



Табела 21. Чекори за воведување на човековите права и родот во соработката

Чекор 1

Направете преглед на постојното законодавство и политичките инструменти релевантни за националната координација и меѓународната соработка, вклучувајќи ги релевантните домашни закони за транснационалниот организиран криминал, меѓународната соработка и билатералните и регионалните меморандуми за разбирање и други договори.

Чекор 2

Анализирајте го степенот до кој постоечките инструменти ги интегрираат размислувањата за родовите и човековите права, вклучувајќи ги условите и ограничувањата за соработка.

Утврдете ги родовите ризици и човековите права кои произлегуваат од имплементацијата на постојните нормативни рамки.

Чекор 3

Утврдете како може да се ублажат ризиците и да се зајакне заштитата преку ново и/или изменето законодавство, политика и билатерални или регионални договори или аранжмани.

Соработката, исто така, мора да се унапредува во однос на целите ПРЕВЕНЦИЈА, ПРОГОН и ЗАШТИТА, со зголемување на инклузивноста во нивниот развој и зајакнување на нивното севкупно влијание

4.4.1 НАЦИОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА

Законодавството и политиката можат да го зајакнат мулти-агенцискиот, сè-општествениот пристап потребен за ефективно вклучување на родовите и човековите права на национално ниво.

Слика 21. Составни елементи на вклучувањето на родовите и човековите права во националната координација против организираниот криминал

Распределете ја одговорноста за вклучување на родот и човековите права на државните извршни органи.

Создадете национално координативно тело/комитет (на државни и недржавни актери) за поставување заеднички норми и стандарди преку акциски планови/политики и следење на човековите права и родовите влијанија од спроведувањето.

Пресликајте ги механизмите за координација на локално/регионално ниво.

Промовирајте го назначувањето на посветени советници за родови и човекови права во извршните органи.

Унапредете ја размената на информации меѓу чинителите за димензиите на родовите и човековите права во специфични видови криминал.

Застапувајте ја улогата на граѓанското општество и другите недржавни актери во родово одговорната координација заснована на права.

Вклучувањето на граѓанските организации, приватниот сектор, засегнатите страни во заедницата, академската заедница и другите недржавни актери е од витално значење за поддршка на државите во процесот на вклучување на родовите и човековите права за превенција, прогон и заштита. Нивната улога треба да се застапува и конкретизира во законот и политиката, а нивната експертиза да се примени во нејзиниот развој.

Можности за зајакнување на ангажманот на граѓанските организации

- Консултирајте се со организациите на граѓанското општество, женските и другите интересни групи и академската заедница во развојот на законот и политиката против организираниот криминал (види Дел 4), вклучително и преку дискусии во работни групи и фокус групи.
- Отстранете ги законските и политичките бариери со кои може да се соочат граѓанските организации при работењето, вклучително и сложените барања за регистрација и ограничувањата на слободите на собирање, здружување и изразување.
- Вклучете ги граѓанските организации како членови на националните координативни тела за организиран криминал.
- Идентификувајте ги и ублажете ги ризиците со кои се соочуваат граѓанските организации од организираните криминални групи во нивната секојдневна работа и поради нивната вклученост во развојот и спроведувањето на законодавството и политиката против организираниот криминал.

Студија на случај 30. Мулти-агенциски одговор на организираниот криминал

Во Австралија, организираните криминални групи се инфилтрираа во Националната шема за осигурување за попреченост. Преку отварање лажни сметки и заплашување на луѓето кои живеат со посебни потреби, организираните криминалци украдоа милијарди долари наменети за корист на најмаргинализираните групи во општеството. Како одговор, австралиската влада формираше полициска работна група за разбивање на организираните криминални групи. Преку координирани операции на повеќе агенции помеѓу австралиската федерална полиција, Националната агенцијата за осигурување за попреченост, Сервис Аустралиа и австралискиот Центар за трансакциски извештаи и анализи (АУСТРАЦ), беа запленети повеќе од 2 милиони австралиски долари криминални средства, вклучувајќи автомобили, криптовалути и златни шипки.[a]

[a] Австралија, Национална шема за осигурување за попреченост, „Австралиската влада се движи за да го заштити НШОП од организиран криминал“, 22 април 2021 година.

Види *Модел на законодавни одредби против организираниот криминал*, 2. ед. (Виена, 2021), чл., гл. VII, стр. 152 за модел одредба за формирање национален координативен комитет

4.4.2 ЗАЕДНИЧКИ ИСТРАГИ И НЕФОРМАЛНА СОРАБОТКА (ПОЛИЦИЈА СО ПОЛИЦИЈА)

Неформалната соработка (што значи дека полицијата во две или повеќе јурисдикции директно соработува без да поминува низ формални канали) честопати има форма на спроведување одредени истраги и обезбедување и размена на информации (член 27 од Конвенцијата).[51] Можеби ќе бидат потребни законски одредби за да се им се обезбеди соодветна рамка на спроведувачите на законот, обвинителите и судството за заштита на човековите права при соработка со странски јурисдикции и при управување со доказите добиени од нивна страна.[52] Земјите кои соработуваат не треба да се приклонуваат на државата која има пониски стандарди за човекови права и родова еднаквост, туку да се стремат да ги исполнат стандардите поставени од највисоките.

Табела 18. Можности за вклучување на човековите права во неформалната соработка

УСЛОВЕНА	ПРОЦЕДУРАЛНА	ОТЧЕТНА	ПРИФАТЛИВА
Заедничката истрага, распитот и аранжманите за размена на информации условуваат почитување на нормите и стандардите за човекови права во меѓународното, регионалното и/или домашното право. Воведување заштитни мерки за спречување на дискриминација во заедничката истрага каде што барањата се засноваат на дискриминација.	Осигурајте се дека собирањето, размената и анализата на информации се прави според стандардите за човекови права. Наведете ја заштитата на податоците, приватноста и правото на фер процес што се применуваат на информациите што се разменуваат помеѓу агенциите за спроведување на законот, вклучително и во однос на електронските податоци и информации. Преведете ги информациите каде што е релевантно.	Да се разјаснат граѓанските и кривичните одговорности на службениците за спроведување на законот кои се вклучени во соработката кои инаку би довеле до прекршување на човековите права и на територијален и на екстратериторијален план. Да се разјаснат обврските на странските службеници за спроведување на законот кои ги прекршуваат човековите права на територијата или во контекст на договорот за соработка.	Наведете ги правилата за прифатливост на доказите добиени со аранжманите за соработка кои се засновани на човекови права. Направете доказите (вклучувајќи ги и дигиталните докази) да бидат неприфатливи доколку се собрани на начини кои се во спротивност со човековите права или би ги прекршиле човековите права во која и да било јурисдикција доколку бидат прифатени.

[51] УНОДЦ, Издание: *Организираниот криминал и родот*, стр. 42 и 43 (види фуснота 1). Види исто така УНОДЦ, Модел на законодавни одредби против организираниот криминал, гл. III, во врска со соработката за спроведување на законот и заедничките истраги.

[52] УНОДЦ, Модел на законодавни одредби против организираниот криминал, стр. 95. Види исто така, студии на случај за употреба на дигитални докази во Улрих Гармс и Конор Мекарти, Модул 4: Одговори на човековите права и кривичната правда на тероризмот, Наставна програма за правна обука за борба против тероризмот (Виена, 2014), стр. 98 и 99.

Член 28 од Конвенцијата, исто така, ги повикува државите да развијат и споделуваат аналитичка експертиза едни со други и преку регионални и меѓународни организации, како и да се консултираат со научни и академски заедници. Исто така, ги повикува државите да ја следат ефективноста и ефикасноста на политиките за справување со организираниот криминал. Родово одговорните информации и информациите засновани на човекови права додаваат вредност на таа анализа.[53]

Студија на случај 31. ИНТЕРПОЛ и меѓународната соработка за спроведување на законот

Во 2022 година, во контекст на својата иницијатива „ENACT" Меѓународната организација за криминална полиција (ИНТЕРПОЛ) започна „womENACTion" за да се справи со недоволната застапеност на жените во анализата на криминално разузнавање во Африка. Ова виртуелно мрежно опкружување им овозможува на службѣницитѣ кои работат на полето на организираниот криминал, да споделуваат искуство, алатки и ресурси и да се вклучат во вежби за подобрување на нивните аналитички вештини. Во 2022 година беа организирани два вебинари на WomENACTion со 155 учесници од 34 африкански земји.[a]

[a] Види, исто така, ИНТЕРПОЛ, „Жените како актери на транснационалниот организиран криминал во Африка" (Лион, Франција, 2021).

4.4.3 МЕЃУНАРОДНА СУДСКА СОРАБОТКА

Меѓународната судска соработка (преку екстрадиција, заемна правна помош, конфискација на имот и трансфер на осудени лица) ги зголемува ризиците и можностите за вклучување на родовите и човековите права. Изготвувачите на законодавството и креаторите на политиките се повикуваат да обезбедат најширока можна соработка според Конвенцијата, истовремено ублажувајќи ги ризиците по човековите права и родовите права, и идеално, за унапредување на двете.[54]

Види УНОДЦ, Издание: *Организираниот криминал и родот - прашања поврзани со Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* (Виена, 2022), стр. 39-43 и

УНОДЦ, Издание: *Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународноро право за човекови права* (Виена, 2022), стр.46–59

Разбирање на потенцијалните партнери за соработка

Пред да се склучат договори за соработка или аранжмани за организиран криминал со странска јурисдикција, силно се препорачува формирање на база на докази за профилот на човековите права во таа држава. Релевантните прашања вклучуваат:

- Меѓународни договори за човекови права во кои државата е членка (види список за проверка 6.2.1)
- Капацитетот на државата да ги исполни своите обврски за човекови права и родова еднаквост
- Евиденција за човековите права и родовата еднаквост во системот на кривичната правда на државата

Релевантните јавно достапни извори на информации ги вклучуваат профилите на земјите на ОХЦХР, Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации и независните извештаи на организации како што е Хјуман рајтс воч.

Според законот и политиката, меѓународната соработка мора да се спроведува на начини кои ги штитат, почитуваат и исполнуваат човековите права, вклучително и на лицата кои се предмет на

[53] Види на пример, „Студија на случај: интерсекционална „Анализа заснована на родови плус" погоре во глава 3.
[54] УНОДЦ, Издание: *Организираниот криминал и родот*, стр. 39 и 40.

мерки за меѓународна соработка. Според тоа, билатералните или регионалните договори или ад хок аранжманите мора да гарантираат дека лицата кои се предмет на заемна правна помош, екстрадиција или трансфер ќе бидат заштитени во согласност со нивните човекови права и во согласност со Стандардните минимални правила на Обединетите нации за третман на затворениците (Правила Нелсон Мандела).[55]

Трансфер на осудени лица[56]

Законот и политиката треба да поттикнуваат трансферот на лица осудени и затворени во странство да се извршува врз основа на човекови права.

Слика 22. Причини заради кои се бара трансфер заснован на човековите права



Родово-одговорното право и политиката промовираат трансфер на затворенички во нивната матична земја што е можно порано за време на нивното затворање, особено ако имаат деца во нивните матични земји или ако жената упати молба според правилата на Обединетите нации за третман на жените Затвореници и непритворски мерки за жени престапници (правила од Бангкок).

Студија на случај 32. Третман на лица според билатерален договор за трансфер на осудени лица во согласност со нивните човекови права

Во 2009 година, Уганда и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска склучија билатерален договор за трансфер на осудени лица. Членот 9 од тој договор вели: „Секоја страна ќе ги третира сите осудени лица пренесени според овој Договор во согласност со нивните важечки меѓународни обврски за човекови права, особено во однос на правото на живот и забраната за тортура и сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување."[a]

[a] аДоговор меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Уганда за трансфер на осудени лица, серија на Уганда, бр.1 (2009).

Основи за човекови права за забрана на екстрадиција или трансфер на осудено лице

Кога властите знаат или би требало да знаат дека засегнатото лице ќе се соочи со вистински ризик од повреда на човековите права, тогаш треба треба да се преземат законски и/или политички мерки за да се забрани екстрадиција и трансфер на осуденото лице.[57] Законодавците и креаторите на политиките треба да размислат за забрана на транфер/екстрадиција таму каде што:

- Станува збор за дискриминација по која било основа

[55] Види исто така резолуција 10/4, став. 11, од Конференцијата на страните на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.

[56] Види УНОДЦ, *Прирачник за меѓународен трансфер на осудени лица, серија прирачници за кривична правда* (Виена, 2012).

[57] Вклучувајќи тортура (вклучително одредување на смртна казна), повреда на правото на живот, флагрантно кршење на правото на слобода и безбедност или флагрантно негирање на правдата во однос на нивното правично судење.

- Се однесува на однесување кое не е криминализирано во домашното законодавство
- Го загрозува животот или слободата спротивно на вообичаеното начело на протерување
- Постои ризик од малтретирање врз основа на родов идентитет или сексуална ориентација
- Ја загрозува слободата поради раса, религија, националност, членство во одредена социјална група или која било друга основа
- Се однесува на кривично дело за кое се предвидува смртна казна (освен ако не се добијат веродостојни и ефективни гаранции дека истата нема да биде изречена)

Правото и политиката можат да се залагаат за практични мерки за обезбедување на човековите права при извршувањето на меѓународната соработка.

Табела 19. Вклучување во однос на присилните мерки во барањата за заемна правна помош

МИНИМАЛНО ПРАВО НА ЛИЦЕТО КОЕ Е СУБЈЕКТ НА ПРИСИЛНИ МЕРКИ	МЕРКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ
Правото да бидат информирани за обвиненијата против нив и за побараните мерки, освен тогаш кога обезбедувањето на таквите информации ќе ги загрози побараните мерки.	Отстранување на дискриминаторските закони и политики кои можат да претставуваат бариери за пристап до правна помош и толкување, вклучително и за странски сторители. Барањето информациите да бидат обезбедени на начин кој лицето може да го разбере, во смисла на јазикот, образованието и каква било попреченост.
Право да бидат слушнати за аргументите против мерките за меѓународна соработка на кои тие ќе се повикаат.	
Право да им помага адвокат и да имаат бесплатна помош, доколку немаат доволно средства да платат, како и бесплатна помош од преведувач.	

Види: CTOC/COP/WG.3/2018/5, став. 15 и 16.

Види УНОДЦ, ревидирани прирачници за модел на договор за екстрадиција и за модел на договор за заемна помош во кривична материја; Прирачник за меѓусебна правна помош и екстрадиција (2012); Прирачник за меѓународна соработка за цели на конфискација на приноси од казниво дело (2012); и Прирачник за меѓународен трансфер на осудени лица (2012 г)

Изготвувачите на законодавството кои ги разгледуваат и/или подготвуваат одредбите во врска со формалната меѓународна соработка, треба да се повикаат на списокот за проверка 6.2.4

Слика 23. Вклучување на родовите и човековите права во унапредувањето на соработката

Мерки за вклучување

- Формирајте/назначете координативно тело за организиран криминал за да ги вклучи родовите и човековите права
- Закон и политика за промовирање родово одговорна и неформална (полиција со полиција) соработка заснована на човекови права
- Обезбедете рамки за формална соработка кои се во согласност со стандардите за родови и човекови права

Потенцијални предизвици со мерките за имплементација

- Националните/локалните засегнати страни имаат различни интереси/капацитети во однос на вклучувањето во главните политики
- Државите со клучен стратегиски интерес за партнерство имаат слаби резултати за човековите права и родовата еднаквост
- Недостаток на политичка волја/интерес на странските јурисдикции да склучуваат родово одговорни договори засновани на права и
- Различните приоритети за различни видови организиран криминал резултираат со нерамномерен одговор, дуплирање и разводнување на напорите
- Државите од клучна важност за партнерството не даваат приоритет и/или немаат капацитет да ги вклучат родовите и човековите права
- Соработката против организираниот криминал појавува ризик од кршење на човековите права

Алатки и активности со кои се решаваат предизвиците и ублажуваат алатките

- Мултидисциплинарен дијалог кој вклучува државни и недржавни актери на национално и локално ниво за зајакнување на заедничкото разбирање на предизвиците во однос на вклучувањето на родовите аспекти во главните политики и човековите права
- Споделете информации со колегите за пречките за соработка кои произлегуваат врз основа на човековите права и родовите ризици
- Бидете партнер со држави кои имаат стратегиска цел да ги изградат нивните човекови права и родови капацитети, за да биде партнерството поизводливо и за да се намалат ризиците
- Вклучете ја неформалната соработка пред и за време на процедурите за формална соработка, за да се идентификуваат и ублажат ризиците од кршење на човековите права
- Комуницирајте со колегите за условите за прифаќање или одбивање барања за соработка кои се базираат на човековите и родовите права

Глава 5.

КЛУЧНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ЗАКОНОТ И ПОЛИТИКАТА

5.1 ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето е почетна точка на трансформативната промена. Потребен е доволен буџет за да се создаде поволна средина за вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права. Законите и политиките со кои се вклучуваат родовите и човековите права, а со кои не се распределуваат буџети, создаваат пречки за министерствата од кои се очекува имплементација и истите ги лишуваат од постојани финансии со кои ќе можат да ги исполнат обврските во текот на политичкиот циклус.[58] Веројатниот резултат е дека нема да се случи вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права, или дека ќе се преземаат само мерки којшто се ефтини, и имаат мало, никакво или имаат негативно влијание.

Буџетските ограничувања не значат дека вклучувањето на родовите аспекти и човековите права во главните политики не треба да е приоритет. Напротив, човековите права и родовите аспекти треба да бидат одлучувачки за тоа како се распределуваат ресурсите. **Законите и политиките треба да се стремат кон унапредување на еднаквоста и човековите права, а не да ги конкретизираат и да ги зацврстуваат недостатоците**. Вклучувањето на родот во главните политики не е „луксузен елемент“ што можат да си го дозволат само богатите јурисдикции. Напротив, вклучувањето на родовите аспекти во главните политики е суштинско за ограничување и за спречување на активностите на организираниот криминал.

5.1.1 ДОСТАПНОСТ И РАСПРЕДЕЛБА

За да се постигне анализа заснована на докази за предизвиците на државата во однос човековите и родовите права низ времето, како и да се одговори на тие наоди во законот и политиката, потребно е се распределат средства. Економското здравје на државата; криза, конфликт, безбедност, нивоата на корупција и степенот до кој државата и нејзините агенти имаат корист од организираниот криминал, се фактори кои одредуваат дали се достапни доволни ресурси и дали постои политичка волја истите да се распределат за да се овозможи вклучувањето на правата во главните политики. Можно е распределување на недоволно средства онаму каде што човековите права и родовите димензии на организираниот криминал не се препознаваат или каде што вклучувањето на овие права во главните политики не се сфаќа како долгорочен процес за кој се потребни долгорочни инвестиции.

[58] Само 26 проценти од земјите имаат воспоставени сеопфатни системи за следење на родовите буџетски распределби (Цел за одржлив развој 5 (Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки).

Во Анекс II дадени се поентите за вредноста и полезноста од вклучувањето на овие права на главните политики кои се поребни за нивно застапување.

Практични совети кога се бара буџет за воведување на човековите и родовите права:

- Назначете службеници за финансии кои ќе ги подготват, промовираат и бранат буџетските линии за вклучување на родовите аспекти и човековите права во главните политики
- Поврзете ги барањата за финансии со постоечките национални стратегии, политики, меѓународни стандарди и обврски во меѓународното право
- Поврзете ги барањата за финансии со интересите на донаторите за човековите права и родовата еднаквост
- Користете проверливи податоци за да ги прикажете размерите и влијанието на организираниот криминал и неговите импликации врз родовите и човековите права (види подолу)
- Користете проверливи податоци за да ги покажете социо-економските трошоци за општеството како резултат на нефинансрањето на родово-одговорни пристапи кон организираниот криминал кои се засноваат на човековите права

5.1.2 ИЗВОРИ

Изворите на финансирање може да бидат внатрешни (обезбедени од владата преку распределба на буџетот), надворешни (обезбедени од други влади, меѓународни организации или приватниот сектор) или комбинација од двете. Средствата може да се добијат и преку креативна употреба на конфискувани средства (види 4.2.2 погоре). Преголемото потпирање на одредени извори може да значи дека имплементацијата не е одржлива и е ранлива на политички и кадровски промени. Изворот на финансирање може да има импликации врз вклучувањето во главните политики заради приоритетите на донаторите околу тоа што да финансираат а што не, како и од условите што ги наметнуваат. Резултатот може да биде или унапредување или намалување на човековите права и родовата еднаквост.

Размислувања за буџетот за изготвувачите на законодавството и креаторите на политики:

Дијагноза

- Идентификувајте го државниот буџет кој е достапен за вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права во развојот и спроведувањето на законот и политиката за транснационален организиран криминал
- Идентификувајте ги изворите на финансирање за вклучување на родовите аспекти и човековите права во главните политики и одредување на нивната одржливост
- Идентификувајте кој е одговорен за вклучување на човековите и родовите права во развојот на политиките и законодавството
- Идентификувајте како се финансираат агенциите за имплементација, кои се нивните буџети, како и финансиските недостатоци и потреби

Интервенција

- Да се преземат мерки за усогласување на законот и политиката со ресурсите и реалноста
- Вклучете буџетски линии за вклучување на родовите аспекти во главните политики и во законодавните и политичките рамки
- Идентификувајте алтернативни извори на финансирање за воведување на родовите и човековите права во развојот и спроведувањето на законот и политиката

Евалуација

- Индикатори за следење и оценување на одговорноста и учењето (дел 6.2)

Студија на случај 33. Родово одговорно буџетирање во Мексико

Мексиканската граѓанска организација „Equidad de Género" ги поддржува владините власти за тоа како да генерираат и распределуваат ресурси за праведна корист на луѓето и како поефикасно да ги трошат парите. Овој процес вклучува (1) родова дијагностика за утврдување на диференцирани состојби на населението и нееднаквости во него; (2) програмска ревизија од самата владина институција; (3) давање приоритет на активностите; (4) прераспределба на буџетот врз основа на приоритети; и (5) следење и прилагодување како што е соодветно. Родово -одговорното буџетирање имаше позитивно влијание врз прашања кои се однесуваат од здравје до мобилност. За спречувањето на криминалот, Equidad de Género со својата работа ги намали нападите и вознемирувањето преку инсталирање на заштитни кабини, осветлување и копчиња за паника долж напуштен автопат и воведе диференциран транспорт во системот на метро и автобус.[a]

[a] Грејс Џенингс-Едквист и Емилија Рејес, „Студија на случај на добра практика: Equidad de Género и родово одговорно буџетирање во Мексико" (Њу Јорк, Женска меѓународна лига за мир и реформи, н.д.).

Студија на случај 34. Родово буџетирање во Канада, Национален буџет за 2021 година

Како дел од посветеноста на Владата на Канада за изградба на земја без родово-базирано насилство, во буџетот за 2021 година беше вклучен и развојот на Националниот акциски план за ставање крај на родовото насилство. Овие инвестиции ќе имаат директна корист за жените и девојките, особено жените и девојчињата со попреченост, црните, домородните и расилизираните жени и девојки и ЛГБТИК+ лицата. Тоа се групи кои се соочуваат со значително поголем ризик да доживеат родово-базирано насилство и со зголемени бариери во пристапот до поддршка и услуги..[a]

[a] Канада, Буџет 2021.

5.2 МОНИТРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА, ОТЧЕТНОСТ И УЧЕЊЕ

Мониторингот и евалуацијата се клучни за обезбедување на ефективен закон и политика. Истовремено, овие активности се неефикасни доколку не се применуваат научените лекции. Наодите од мониторингот и евалуацијата треба да се користат за:

- Информирање за законодавните и политичките промени и случувања
- Зајакнување на отчетноста на одговорните за креирање и спроведување на законите, политиките и стратегиите
- Прифаќање од страна на националните засегнати страни преку покажување на додадената вредност на вклучувањето на родовите и човековите права, и за луѓето и за спречување на криминалот

Мониторинг на влијанието на законот и политиката е предизвик, со оглед на неповрзаноста помеѓу законодавните и политичките инструменти и нивното спроведување. Сепак, квантитативните и квалитативните индикатори можат да понудат увид во улогата што ја играат законот и политиката во промовирањето на човековите права и родовата еднаквост.

Од самиот почеток треба да се спроведе независна/надворешна ревизија за родовите и човековите права. Основните податоци и целите на индикаторите за човекови права и родова еднаквост треба редовно да се собираат за да може промените да се мерат со текот на времето. Она што претставува соодветна временска рамка за собирање податоци ќе зависи од влезните податоци, резултатите, очекуваните исходи и прагматичните размислувања кои се однесуваат на ресурсите и капацитетот.

Слика 24. Влезни и излезни податоци и резултати од вклучувањето



Индикаторите дадени подолу се за следење и оценување на активностите кои:

(а) Имаат конкретна цел да ги вклучат човековите права и родот, и

(б) Не се специфично наменети за родовите и човековите права, туку имаат влијание врз едното или врз двете.

Корисниците треба да ги прилагодат овие показатели според нивниот контекст и да одредат до кој степен нивното законодавство и политика ги исполнуваат целите на човековите права и родовата еднаквост.

Слика 25 Мониторинг, евалуација, отчетност и учење

Конференцијата на страните на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал воспостави Механизам за преглед на имплементацијата на Конвенцијата за организиран криминал и нејзините протоколи

Изготвувачите на законодавството и креаторите на политики ќе сметаат дека прашалникот за самооценување за Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и нејзините протоколи се корисни за да се постигне основна основа за оценување на спроведувањето на одредбите од Конвенцијата за организиран криминал

И покрај тоа што информациите за вклучувањето на родовите аспекти во главните политики и човековите права Механизмот за преглед на имплементацијата не ги бара експлицитно, државите можат да ги вклучат човековите права и родовите размислувања во нивните проценки и да известуваат за овие димензии. Врска до анекс II

Показателите кои се родово-одговорни и се засновани на човековите права може да бидат развиени врз основа на меѓународните инструменти за кои државата е обврзана да ги имплементира (види список за проверка 6.2.1), како и ресурсите, вклучувајќи го Прирачникот на УНОДЦ: Рамка за мерење и извештај за родово-одговорни резултати за СДГ (Виена, 2021)

Табела 20. Индикативни примери на метрика и индикатори за правото и политиката

ОЦЕНКА	КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНКА ЗА ЦЕЛОКУПНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ТЕКОТ НА ДЕФИНИРАН ПЕРИОД ВРЗ ОСНОВА НА СЛЕДНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ	
Цел Домен во рамките на кој се оценува влијанието	**ПРЕВЕНЦИЈА** Мерење на степенот до кој законот и политиката што го спречуваат транснационалниот организиран криминал се родово-одговорни и засновани на човекови права	**ПРОГОН** Мерење на степенот до кој законот и политиката ги следат транснационалните организирани криминалци на начини кои одговараат на родот и на начини засновани на права
Индикатори на ниво на резултат	Број на институции кои презеле родово-одговорни мерки засновани на човекови права за намалување на можностите за организиран криминал Подигната свест кај целната публика за ризиците од организираниот криминал Намалени стапки на рецидиви на осудените организирани криминалци Намалени стапки на вклученост во организиран криминал на луѓе од маргинализирани заедници или заедници во ранливи ситуации Број и резултат на родово одговорни и консултации засновани на човекови права со лица погодени од организиран криминал	Број на истраги, гонења и пресуди на организирани криминалци кои ги применуваат нормите и стандардите за родови и човекови права Позитивни промени во свеста, вештините, ставовите и капацитетот на практичарите од кривичната правда (полицијата, обвинителите, судиите, давателите на услуги) за примена на пристапи кои одговараат на родот и се засноваат на човекови права Зголемени родово-одговорни санкции засновани на права против организираните криминалци Зголемена родова еднаквост и разновидност во кадарот во кривичната правда
Индикатори на ниво на излез	Број на јавни и приватни институции со родово одговорни и политики засновани на човекови права против организираниот криминал Број на производи или кампањи за подигање на свеста кои се засновани на докази, родово одговорни и засновани на човекови права Број на маргинализирани луѓе или лица во ранливи ситуации кои имаат корист од превентивните кампањи Ресурси распределени за вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права во кампањите за превенција	Воспоставено законодавство за криминализирање на одредбите на Конвенцијата во согласност со меѓународното право за човекови права Поставени заштитни мерки за да се обезбеди употреба на специјални истражни техники засновани на родови и човекови права Законите и политиките што се во сила за да се овозможи судски постапки чувствителни на жртвите и погодни за деца, вклучително и за решавање на посебни потреби
Индикатори на ниво на влез	Воспоставени политики за промовирање на родово одговорна и заснована на права реинтеграција и рехабилитација на организираните криминалци Број на групи на граѓанското општество и други консултирани при дизајнирањето на превентивната политика Употреба на истражувањата и податоците за родови и човекови права во базата на докази за развој на законите и политиките	Ресурси за спроведување на законот (финансиски и човечки) распределени за вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права во истрагата за организираниот криминал Број на истраги и обвиненија што се спроведуваат врз основа на одредби за криминализација со родово информирање и засновани на права Родово одговорна примена на специјални истражни техники заснована на човекови права

ОЦЕНКА	КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНКА ЗА ЦЕЛОКУПНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ТЕКОТ НА ДЕФИНИРАН ПЕРИОД ВРЗ ОСНОВА НА СЛЕДНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ	
Цел Домен во рамките на кој се оценува влијанието	**ЗАШТИТА** Мерење на степенот до кој законот и политиката промовираат родово одговорна заштита на жртвите, сведоците, информаторите и укажувачите заснована на човекови права	**УНАПРЕДУВАЊЕ** Мерење на степенот до кој законот и политиката ја унапредуваат соработката што е родово-сензитивна и заснована на човекови права
Индикатори на ниво на резултат	Број на жртви, сведоци, информатори и укажувачи заштитени од одмазда од организирани криминалци Број на кривични постапки кои применуваат пристапи насочени кон жртвата, пријателски настроени кон децата и кои што се достапни Број на родово-одговорни механизми за известување/пријавување засновани на човекови права Број на жртви (по возраст, пол, етничка припадност, домородност, националност, инвалидитет, миграција и друг статус) кои ќе добијат реституција и обештетување	Перцепција и профил на јавните, приватните и граѓанските чинители во контекст на родовите одговорности и човековите права, во соработката против организираниот криминал Број на заеднички истраги и операции меѓу полиција- полиција, кои биле преземени или одбиени врз основа на човекови права Измерено зголемување на дојдовните и појдовните барања за формална соработка и родово одговорно извршување на барањата, засновано на права
Индикатори на ниво на излез	Законодавство и политика со кои се затвараат празнините и да се намалат бариерите за пристап до заштита на жртвите, сведоците, информаторите и укажувачите Воспоставени политики/планови за зголемување на финансирањето и намалување на бариерите за реституција и обештетување Законодавството содржи неисцрпни клаузули за недискриминација, човекови права и одредби кои одговараат на родот	Национални акциски планови/политики кои ги насочуваат пристапите кои се родово-одговорни и се засноваат на човекови права за организираниот криминал Број на билатерални и мултилатерални меморандуми за разбирање или други договори кои експлицитно ги спомнуваат родовите и човековите права Закони и политики кои вклучуваат основи засновани на родови и човекови права за одбивање на формална соработка
Индикатори на ниво на влез	Број на поднесени барања за обештетување или реституција и профил на жртви кои бараат обештетување и реституција (разделен по возраст, пол, етничка припадност, домородност, националност, инвалидитет, миграција и друг статус) Износот и изворот на надоместокот доделен на жртвите на организираниот криминал Структури и способности за заштита на жртвите, сведоците, информаторите и свиркачите во согласност со апсектите за родовите и човековите права	Меѓуагенциско координативно тело кое има мандат да ги вклучи родовите и човековите права во одговорот Број на заеднички операции и неформални операции кои применуваат родово-одговорни пристапи засновани на човекови права Број на барања за формална соработка (за МПП, екстрадиција или трансфер на осудено лице) поднесени, примени, одбиени и извршени во согласност со стандардите за човекови права

Глава 6.

СПИСОК ЗА ПРОВЕРКА

6.1 СПИСОК ЗА ПРОВЕРКА И РЕВИЗИЈА НА ПОЛИТИКАТА

Следниот список за проверка служи како подршка во процесот на ревизија и креирањето на политиките против организираниот криминал, во согласност со меѓународните норми и стандарди за родови и човекови права. Без оглед на пристапот на креирање политики во дадена земја, креаторите на политиката мора да ја земат предвид нивната улога во обликувањето:

РАМКИ

Родово-одговорни и цели засновани на права

ИНСТИТУЦИИ

Агенции кои доделуваат одговорности според целите

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Адекватни ресурси и капацитет за исполнување на одговорностите

ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ	
Рамка: Воспоставените политики засновани на докази за спречување на организираниот криминал се справуваат со вкрстени економски, културни и социјални основни причини за маргинализација и ранливост, вклучувајќи ја родовата нееднаквост и бариерите за човековите права.	
Институционално: Политиките прецизираат кои владини агенции се одговорни за спречување на организираниот криминал (вклучувајќи ги оние одговорни за безбедноста, здравјето, заштитата на децата, заштитата на животната средина и женските прашања) и ја појаснуваат улогата на недржавните актери како што се граѓанските организации.	
Имплементација: Релевантните владини агенции имаат воспоставено политики за човекови и родови права, свесни се за нив и имаат доволно ресурси (вклучувајќи го и доделениот буџет) за воведување на родовите и човековите права при спроведувањето и оценувањето на нивните превентивни одговорности.	

ПРОГОН НА ОРГАНИЗИРАНИТЕ КРИМИНАЛЦИ

Рамка: Воспоставени се политики со кои се обезбедува дека лицата кои се вклучени во организираниот криминал како жртви и/или како сторители не се дискриминирани, преку изградба на капацитетот на учесниците во кривичното право да се соочат со своите предрасуди околу интерсекцискиот род и други предрасуди, и преку постигнување родова еднаквост кај вработените и преку активностите во кривичното право.

Институционално: Постојаната нормативна рамка појаснува кои владини агенции се одговорни за гонење на организирани криминалци, која е нивната одговорност за вклучување на родовите аспекти и човековите права во главните политики и во прогонот на организираните криминалци, кои се нивните можности за исполнување на човековите права и родовата еднаквост и санкциите што им следат за прекршување на човековите права.

Имплементација: Практичарите на кривичната правда ги разбираат своите одговорности и можности да ги почитуваат обврските за човековите права, да ја следат родовата еднаквост и да преземат пристапи насочени кон жртвите и да се соочат со последиците од прекршувањето на човековите права при кривичното гонење на организирани криминалци.

ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА ПОГОДЕНИ ОД ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Рамка: Воспоставени се политики за да се обезбеди пристап насочен кон жртвата за заштита на лицата погодени од организираниот криминал пред, за време и по кривичната постапка, во согласност со човековите права и обврските за родова еднаквост, балансирајќи ги правата на жртвите со правата на обвинетите.

Институционално: Нормативната рамка ги наведува заштитните улоги на практичарите од кривичната правда, како и за службениците вклучени во физичкото и менталното здравје, заштитата на децата, женските прашања и други. Како релевантни се спомнуваат попреченоста, малцинствата, спасувањето, рехабилитацијата и реинтеграцијата.

Имплементација: Агенциите вклучени во заштитата на жртвите, сведоците, информаторите и укажувачите ја разбираат нивната улога во заштитата заради што им се распределуваат доволно ресурси (вклучувајќи буџет) за да обезбедат заштита во согласност со човековите права и родовите обврски и да ја прилагодат заштитата според проценката на ризикот пред, за време и по кривичната постапка.

УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА

Рамка: Усвоените политики против организираниот криминал ја утврдуваат националната соработка во целото општество, вклучително и државните актери кои се надвор од кривичната правда како и недржавните актери, за да промовираат пристап насочен кон жртвите и главните родови и човекови права.

Воспоставени политики за меѓународна соработка за вклучување на родовите и човековите права во одлуките и за барање, прифаќање и/или одбивање формална и неформална меѓународна соработка за организираниот криминал, вклучително и во билатерални и мултилатерални договори.

Институционално: Национално координативно тело создадено за да одговори на организираниот криминал, главните стандарди за родови и човекови права меѓу засегнатите страни, да пренесува информации меѓу нив и да ги следи влијанијата на активностите врз родот и човековите права. Релевантните чинители имаат заедничко разбирање и хармонизирани пристапи за вклучување во главните политики.

Поставени политики и процедури за да се овозможи соработка помеѓу централните власти и другите агенции одговорни за извршување на барањата за меѓународна соработка, во согласност со човековите права и родовите стандарди.

УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА	
Имплементација: Државните и недржавните партнери ги разбираат нивните обврски околу родовите и човековите права во заедничките напори на домашно, билатерално или мултилатерално ниво. Политики и процедури за меѓународна соработка достапни за странските колеги. Воспоставени се неформални канали за комуникација со странските колеги за да се овозможи размена на процедури, законски барања и услови и стандарди за човекови права во меѓународната соработка.	

6.2 СПИСОК ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕВИЗИЈА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА

СПИСОК 6.2.1 МАПИРАЊЕ НА НОРМАТИВНАТА РАМКА

Напомена за користење на списокот за проверка: Следниот список за проверка им служи како водич на корисниците за да ги мапираат празнините во постојните нормативни рамки за родови и човекови права во соодветната држава и тоа:

- Статусот на придржување и резервираноста кои државата можеби ги прифатила може да се најдат на линковите дадени за секој договор или преку Базата на податоци на договорното тело на Обединетите Нации или Интерактивната табла на Канцеларијата за човекови права на Обединетите нации.
- Списокот за проверка не е сеопфатен; Корисниците се поттикнуваат да ги идентификуваат дополнителните обврски за човековите права според опционалните протоколи на овие матични инструменти, како и според домашните и регионалните инструменти.

МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ВО КОИ ДРЖАВАТА Е УЧЕСНИК		ПРАЗНИНИ И ПРЕДИЗВИЦИ СО НИВНОТО ТРАНСПОНИРАЊЕ
Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (2000)		
Протокол за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, дополнување на Конвенцијата (2000)		
Протокол против криумчарење мигранти по копно, море и воздух, дополнување на Конвенцијата (2000)		
Протокол против недозволено производство и трговија со огнено оружје, нивни делови и компоненти и муниција, дополнување на Конвенцијата (2000)		
Меѓународен пакт за граѓански и политички права (1966)		
Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (1966)		
Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (1966)		

МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ВО КОИ ДРЖАВАТА Е УЧЕСНИК		ПРАЗНИНИ И ПРЕДИЗВИЦИ СО НИВНОТО ТРАНСПОНИРАЊЕ
Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (1979)		
Конвенција против тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување (1984)		
Конвенција за правата на детето (1989)		
Меѓународен пакт за заштита на правата на сите работници мигранти и членови на нивните семејства (1990)		
Конвенција за правата на лицата со попреченост (2006)		
Меѓународна конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување (2006)		

ДАЛИ СЛЕДНОТО ПРАВО Е ЗАШТИТЕНО СО ДОМАШНИОТ ЗАКОН?		ВО КОЈ ИНСТРУМЕНТ? (ПР.УСТАВОТ? ЗАКОНОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА? КРИВИЧНИОТ ЗАКОН? ДРУГО?)
Прабо на живот		
Право на фер судење		
Право на еднаквост пред законот и право на еднаква заштита пред законот		
Слобода од арбитрарно лишување од слобода		
Слобода од тортура и друго сурово, нечовечко и деградирачко казнување и третман		
Слобода на мислење, свес и религија		
Слобода на информации и изразување		
Слобода на движење		
Слобода на собирање и здружување		

ДАЛИ СЛЕДНОТО ПРАВО Е ЗАШТИТЕНО СО ДОМАШНИОТ ЗАКОН?		ВО КОЈ ИНСТРУМЕНТ? (ПР.УСТАВОТ? ЗАКОНОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА? КРИВИЧНИОТ ЗАКОН? ДРУГО?)
Право на приватност		
Право на работа		
Право на здравје		
Рамноправност во бракот		
Право на образование		
Право да не бидеш жртва на присилно изчеснување		
Други релевантни права за предложениот закон/ политика		

СО КАКВИ ПРЕЧКИ СЕ СООЧУВААТ НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВАТА ПРИ ПРИСТАПОТ ДО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА?	ПРЕЧКИ ВО НАЦИОНАЛНОТО ПРАВО/ЗАКОН
Мажите	
Жените	
Родово различни луѓе	
Малолетници и деца	
Недржавјани (документирани/недокументирани)	
Жртви на организиран криминал	
Сторители на организиран криминал	
Луѓе со различен род и сексуален идентитет	
Етнички малцинства	

СО КАКВИ ПРЕЧКИ СЕ СООЧУВААТ НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВАТА ПРИ ПРИСТАПОТ ДО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА?	ПРЕЧКИ ВО НАЦИОНАЛНОТО ПРАВО/ЗАКОН
Лица со попреченост	
Луѓе во рурални/оддалечени области на државата	
Други групи во ранливи ситуации (корисникот да дефинира):	

Горенаведената листа за проверка може да биде корисна и за анализа на трети земји со кои се бара соработка. (Види глава 3.4 за целите на соработката).

СПИСОК ЗА ПРОВЕРКА 6.2.2 ПРОГОН

Напомена за користење на списокот за проверка: Овој список за проверка им служи како водич на корисниците за да анализираат дали постојат домашни одредби за криминализирање, истрага, гонење и осудување на организираниот криминал во согласност со Конвенцијата и за воведување на родовите и човековите права. Овој список за проверка не е сеопфатен, но се нуди како основа што засегнатите страни можат да ја прошират и да ја приспособат на нивното специфично законодавство, предизвици и цели.

ПРОГОН Криминализација (членови 5,6,8 и 23 од Конвенцијата)	
Принцип на легалност[a]	
Законот *не* го криминализира однесувањето што е заштитено со меѓународното право за човекови права, (на пример, криминализацијата на учество во организирана криминална група не треба да се користи како изговор за елиминирање на политичките ривали, криминализирање на протестите и застапувањето или за казнување на социјални групи или други начини кои несразмерно и непотребно ја ограничуваат слободата на собирање или другите граѓански и политички права).	
Законот *нема* ретроактивно дејство за кривични дела, ниту наметнува казни кои не постоеле во времето на прекршокот. Лицата кои се прогласени за виновни за прекршоци не треба да подлежат на казни поголеми од максималната казна што е запретена во моментот на прекршокот.	
Законите се јасни и достапни, така што може да се предвидат последиците од делото (дејствие или отсуство на дејствие).	
Учеството во организирана криминална група е криминализирано на начин што јасно покажува кое однесување резултира со кривична одговорност: • Прекршок на заговор: дали е потребно дело за постигнување на договорот? • Дело злосторничко здружување: опсегот на криминализација на учество во други активности освен криминалните од страна на организирана криминална група (со сознание дека учеството ќе придонесе за постигнување на криминалната цел).	

ПРОГОН Криминализација (членови 5,6,8 и 23 од Конвенцијата)	
Законот вклучува одредба за криминализација на начин што е конзистентен со други прекршоци, дефиниции и употреба на термини во домашното право, наместо буквално да го препишува текстот на Конвенцијата.	
Усвоени се законодавство и политики за регулирање на употребата на инвазивни или потенцијално инвазивни мерки со кои се обезбедува дека нивната употреба е предмет на судско одобрување и/или ревизија околу почитувањето на човековите права (пропорционалност, легитимна цел и неопходност).	
Цел на добивање финансиска или друга материјална корист (FoMB)[b]	
Онаму каде што учеството во организирана криминална група е криминализирано за да го вклучи елементот ФОМБ, тоа подразбира парична и друга материјална добивка, како што е сексуалната корист.	
Онаму каде учеството во организирана криминална група е криминализирано за да се исклучи елементот ФОМБ, постојат законски заштитни мерки за заштита од примената на Конвенцијата на групи кои дејствуваат од политички, идеолошки или социјални мотиви.	
Воспоставување надлежност[б]	
Надлежноста се воспоставува за транснационален организиран криминал извршен на територијата на државата, на брод што плови под нејзино знаме или на авион регистриран според нејзиниот закон.	
Надлежноста се воспоставува за прекршоци од Конвенцијата каде што наводниот сторител е присутен на територијата, а државата не врши екстрадиција врз основа на државјанство.	
Се воспоставува законодавство за да се отстранат јурисдикциските празнини и за да се стави крај на неказнивоста, во согласност со изборните основи на јурисдикција, за сторени прекршоци од Конвенцијата: • Против државјанин • Од страна на државјанин или постојан жител • Надвор од територијата со цел да се изврши сериозно кривично дело на територијата, како што е наведено во Конвенцијата • Кога сторителот е присутен на територијата и не е екстрадиран од неа[в] • Кога јурисдикцијата е заснована на меѓународен договор што е обврзувачки за државата, како што е резолуцијата на Советот за безбедност во глава VII	
Воспоставување одговорност[г]	
Однесувањето е криминализирано и отежнувачките и олеснителните околности се утврдени на начин што го зема предвид фактот дека мажи, жени, момчиња, девојчиња и лица од различен род може да бидат вклучени во прекршок, дека не е дискриминаторско по намера или ефект, и е сензитивно за различните улоги што можат да ги играат поединците и нивните различни степени на дејствување.	
Законите утврдуваат кривична, граѓанска или административна одговорност на правните лица за учество во тешки кривични дела во кои е вклучена организирана криминална група и за извршување на прекршоци од Конвенцијата, без да се нарушува кривичната одговорност на физичките лица.[д]	
Воспоставено е законодавство за исполнување на должноста на државата да спречи, истражува, казнува и исправа кршење на човековите права од трети страни, вклучително и правни лица (корпорации, бизниси, добротворни организации, верски организации или други субјекти).	
Законски исклучоци засновани на човекови права се предвидени онаму каде што е потребно за да се заштитат човековите права при криминализирање на одредено однесување.[ѓ]	

ПРОГОН
Криминализација (членови 5,6,8 и 23 од Конвенцијата)

Истраги[e]	
Воспоставена е легислатива за да се заштитат процесните права на секое обвинето лице.	
Законодавството ја криминализира тортурата и другото сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и забранува допуштеност на докази или изјави добиени преку тортура или друго сурово нечовечко или понижувачко постапување или казнување.	
Законодавството гарантира дека секоја употреба на сила од страна на органите за спроведување на законот е ограничена во согласност со меѓународните обврски и дека огненото оружје се користи само во самоодбрана или одбрана на други од непосредна закана од смрт или сериозна повреда.	
Законодавството гарантира дека сите апсења мора да се извршат според налог или врз основа на разумно сомневање дека некое лице извршило или ќе изврши прекршок, и дека полицијата или другите службеници за спроведување на законот што спроведуваат апсење ќе може да се идентификуваат.	
Воведени се законодавство и мерки за спроведување за да се осигури дека лицата се информирани за причините за апсењето на јазик што го разбираат и се информирани за нивните права од квалификуван преведувач.	
Законодавството вклучува правни и процедурални заштитни мерки за да се обезбеди дека секој уапсен или приведен од страна на службениците за спроведување на законот: • Веднаш е изведен пред судија • Има пристап до адвокат без непотребно одлагање, а кога е потребно и до механизмите за правна помош • Има пристап до лекар без непотребно одложување, вклучувајќи, каде што е потребно, медицински преглед кој одговара на возраста и родот • информиран за неговите права за конзуларно известување за апсење, притвор или гонење, како и за конзуларните службеници кога е применливо	
Законската регулатива и мерките за имплементација ја промовираат употребата на неприсилни техники за интервјуирање и ја намалуваат потребата да се обезбеди обвинение само преку признание.	
Законодавството и мерките за имплементација ги поддржуваат најдобрите интереси на децата во контакт со системот на кривичната правда, за да се осигури дека тие се третирани на сензитивен начин кон децата, земајќи ги предвид специфичните потреби на оние кои се во особено ранливи ситуации.	
Законодавството бара службениците за спроведување на законот да преземат ефективни мерки за заштита на човековите права, достоинството и интегритетот на сите лица, почитувајќи го принципот на недискриминација, особено во ситуации на ранливост или маргинализација, како и врз основа на пол, возраст, физичко или ментално здравје или попреченост.	
Законодавството, политиките и мерките за имплементација промовираат родово-одговорно полициско работење и забрануваат расизам, ксенофобија, расна и друга дискриминација во полициското работење, како и дека одредбите за недискриминација важат за полицијата.	
Законодавството и мерките за имплементација промовираат одговорност за службениците за спроведување на законот преку воспоставување јасни процедури за известување и независни жалбени постапки, како што се механизмите за надворешен полициски надзор.	
Законодавството бара независна, брза, ефективна и непристрасна истрага за сите наводи за тортура или друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување од страна на службениците, како и казнување на оние за кои ќе се утврди дека се вклучени на начин несразмерен на тежината на прекршокот.	

ПРОГОН **Криминализација (членови 5,6,8 и 23 од Конвенцијата)**	
Законите забрануваат службеници за спроведување на законот кои се обвинети за тортура или друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување да бидат вклучени во истрагите.	
Законодавството и мерките за имплементација обезбедуваат заштита и помош на жртвите на тортура или друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, со должно внимание на возраста, попреченоста и потребите специфични за родот, како и обезбедување поддршка која е информирана за траума и пристап до обештетување и рехабилитација.	
Законите создаваат независни и ефективни механизми за надзор на местата на притвор, вклучително и полициски изјави за да се спречи тортура или друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.	
Казни	
Казните треба да бидат пропорционални и да ги земат предвид: • Тежината на делото и меѓународните обврски на државата за човекови права, вклучително и во врска со лишувањето од слобода, суровото, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и изрекувањето на смртна казна. • Законодавствоте не треба да утврдува задолжителни минимални казни што ги прекршуваат обврските за човековите права.	
Законската регулатива дозволува да се земат предвид интерсекцискиот род и другите фактори при ублажувањето на казните, вклучително и разгледувањето на импликациите на казните врз човековите права на издржуваните лица на осудениците.	
Законодавството дозволува ублажување на казните на обвинетите лица кои обезбедуваат суштинска соработка во истрагата или гонењето на кривично дело опфатено со Конвенцијата, земајќи ги предвид човековите права на жртвите и обвинетите лица.[ж]	
Воспоставено е законодавство за да се осигури дека кршењето на човековите права, вклучително и родовото насилство, може да се смета како отежнувачка околноста при изрекувањето на казната.	
Условите за притвор се во согласност со меѓународните стандарди за човекови права, вклучувајќи ги и правилата Нелсон Мандела.	
Во земјите каде што смртната казна е сè уште дозволена со законот, таквата казна треба да се изрече само за најтешките злосторства, со целосно почитување на меѓународните гаранции за човекови права, и не треба да се изрекуваат за злосторства извршени кога обвинетото лице имало помалку од 18 години или била бремена жена.	

[а] УНОДЦ, Issue Paper: Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права (Виена, 2022), стр. 26 и 27.

[б] Ibid., стр. 28 и 29. Видете ја и дефиницијата за „организирана криминална група“ во член 34 (3) од Конвенцијата.

[в] УНОДЦ, Издание: Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународно право за човекови права, стр. 34 и 35.

[г] Види Конвенција, чл. 15, став. 2 и 4.

[д] Види Конвенција, чл. 10.

[ѓ] Види УНОДЦ, Модел на законодавни одредби против организиран криминал 2-то издание, (Виена, 2021), стр. 51–58; и УНОДЦ, Издание: Креирање политики и улогата на онлајн посредниците во спречувањето и борбата против недозволената трговија (Виена 2022) .

[е] На пример, при утврдувањето одговорност за кривични дела против дивиот свет и шумите , државите можеби ќе сакаат да воведат законски исклучоци кои дозволуваат исполнување на основните човекови права, како на пример во случаи кога безбедноста на храната зависи од употребата на наведените видови или кога употребата на дивиот свет е неопходна за уживање на правата за учество во културниот живот. Види УНОДЦ, Водич за подготовка на законодавството за борба против криминалот со дивиот свет (Виена, 2018), стр. 26.

[ж] Адаптиран од резолуцијата 46/15 на Советот за човекови права.

[з] Види Конвенција за организиран криминал, чл. 26, ст. 2.

СПИСОК ЗА ПРОВЕРКА 6.2.3 ЗАШТИТА

Напомена за користење на списокот за проверка: : Овој список за проверка им служи како водич на корисниците да анализираат дали постојат домашни одредби за заштита на жртвите, сведоците и другите во согласност со Конвенцијата, како и за воведување на родовите и човековите права. Овој список за проверка не е сеопфатен, но се нуди како основа што засегнатите страни можат да ја прошират и да ја приспособат на нивното специфично законодавство, предизвици и цели.

ЗАШТИТА	
Мерки за заштита на сведоци (член 24 од Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал)	
Законодавството го штити идентитетот на лицата кои пријавуваат пред надлежните органи, во согласност со нивните човекови права на живот, слобода на изразување и приватност	
Законодавството ги штити сведоците во кривичната постапка кои даваат исказ од потенцијална одмазда и заплашување (член 24 (1)) (член 24 (2))	
Заштитата на сведоците се обезбедува без разлика на нивниот правен статус (информатор, жртва, сведок, судски службеник, таен агент, друг) или друг статус.	
Заштитата на сведоците не е во спротивност со правата на обвинетиот (на пр. право на правично судење и право на соочување)	
Воспоставена е легислатива за да се обезбедат соодветни мерки за заштита од каков било неоправдан третман на сите пријавувачи кои со добра волја и на разумна основа пред надлежните органи пријавуваат прекршоци поврзани со корупција и/или транснационален организиран криминал.	
Законодавството за заштита на укажувачите е усогласено со кривичното право, законот за антикорупција, законот за пристап до информации, законот за вработување и законот за човекови права.	
Законодавството воспоставува процедури за физичка заштита на сведоците (на пр. релокација, неоткривање или ограничувања во откривање на идентитетот и локацијата (член 24 (2) (а)).	
Ваквите постапки се усогласени со човековите права и се родово-чувствителни и може да се адаптираат според специфичните индивидуални потреби, преференции и профили.	
Законодавството воспоставува домашни правила за докажување со кои се дозволува сведочењето на сведоците да се дава на начин што ќе ја осигури нивната безбедност, како на пример преку употреба на комуникациска технологија (член 24 (2) (б)).	
Мерките за физичка заштита ги земаат предвид посебните потреби на сведоците според возраста, родот и други фактори.	
Воведени се судски постапки специфични за возраста и родот (вклучувајќи мерки прилагодени на возраста за намалување на судската формалност за децата и за постарите лица).	
Заштитата се протега на родините и другите лица блиски до сведоците.	
Државите треба да размислат за склучување договори или аранжмани со други држави за релокација на сведоците, нивните роднини и други блиски лица, за да ги заштитат од одмазда или заплашување (член 24 (3)).	

ЗАШТИТА	
Државите треба да ги земат предвид човековите права и родовиот статус на релоцираните лица во дотичната земја, како и капацитетот на наведената земја да ги почитува, заштити и исполнува човековите права на релоцираните лица.	
Заштита на жртвите/сведоците во текот на кривичната постапка	
Дозволете им на жртвите сведоци заштита и помош, вклучително и во случај на закана со одмазда и заплашување (член 25 (1)).	
Дозволете лицата за поддршка на жртвите да бидат присутни на судењето.	
Дозволете ставовите и грижите на жртвите да бидат презентирани и разгледани во соодветните фази на кривичната постапка против престапниците вклучени во организирани криминални активности на начин што не е во спротивност со правата на одбраната (член 25 (3)).	
Опција за обичајното право за учество на жртвите: изјави за влијанието на жртвата и изјавите за влијанието на заедницата (жртвите имаат можност да се слушне нивниот глас преку изјавите за влијанието на жртвата што се читаат на судењето и истите да се земат предвид за време на изрекувањето на казната).	
Граѓанско-правна опција за учество на жртвата: жртвата како „граѓанска страна“. Согласно одредбите во националното законодавство, жртвите може да бидат застапувани од адвокат за да може да им поставуваат прашања на сведоците и обвинетите лица, да даваат воведни и завршни зборови и да имаат пристап до информациите во списите на случајот. Граѓанските организации, здруженијата на жртви или трети лица можат да бидат претставени како граѓанска страна.[a]	
Реституција и обештетување на жртвата	
Законодавството им овозможува на жртвите пристап до обештетување и реституција во согласност со Конвенцијата за организиран криминал (член 25 (2)), со (барем една од): • Одредби кои им дозволуваат на жртвите да го тужат престапникот според законски или вообичаени деликти за граѓанска штета • Одредби кои им дозволуваат на кривичните судови да им наредат на сторителите да платат надомест на жртвите или да наметнат налози за обештетување или реституција против осудените лица • Одредби со кои се воспоставуваат фондови или механизми со кои жртвите можат да бараат обештетување од државата за повреди или штети претрпени како резултат на кривичното дело	
Законодавството дозволува враќање на конфискуваните приноси на државата-членка барател да ги користи како обештетување на жртвите на криминалот (или враќање на легитимните сопственици) (член 14 (2)).	
Законската регулатива која дозволува обештетување на жртвите не треба да се толкува дека ги нарушува правата на бона фиде трети страни.	
Законодавството им обезбедува на жртвите други форми на репарација според меѓународното право за човекови права, вклучувајќи рехабилитација, сатисфакција и заштита од ревиктимизација.	
Обезбедете им на групите жртви колективна репарација за грубо кршење на човековите права.[6]	

[a] УНОДЦ, портал SHERLOC, Образование за универзитети, терцијарно, организиран криминал, Модул 8: Алатки за спроведување на законот, Клучни прашања, „Правата на жртвите и сведоците во истрагите“.

[6] УНОДЦ, Издание: Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и меѓународното право за човекови права (Виена, 2022), стр. 66.

СПИСОК ЗА ПРОВЕРКА 6.2.4 УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА

Напомена за користење на списокот за проверка: Овој список за проверка им служи на корисниците како водич за да анализираат дали постојат домашни одредби за унапредување на соработката како одговор на организираниот криминал во согласност со Конвенцијата и за воведување на родовите и човековите права. Овој список за проверка не е сеопфатен, но се нуди како основа што засегнатите страни можат да ја прошират и да ја приспособат на нивното специфично законодавство, предизвици и цели.

УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА	
Заемна правна помош (чл.18 од Конвенцијата)	
Воспоставено е легислатива за да се осигури дека секое барање за заемна правна помош што би резултирало со физичко префрлање на лицето во друга држава нема да го попречи правото на слобода и слободата од арбитрарно притварање на такво лице.	
Воспоставена е легислатива за да се осигури дека секое барање за заемна правна помош ќе ги почитува правата на приватност, углед и правилен процес на секое лице на кое таквото барање се однесува.	
Воспоставена е легислатива за заштита на правата на бона фиде трети лица кои можат да имаат интерес во имотот за кој е поднесено барањето за помош.	
Екстрадиција (член 16 од Конвенцијата)	
Законодавството ги специфицира условите кои се однесуваат на исполнувањето на условот за двојна инкриминација.	
Законодавството утврдува основи врз кои може да се одбие екстрадицијата: • Кога постојат суштински основи за верување дека државата барател бара екстрадиција со цел да гони или казни лице поради родот, расата, религијата, националноста, етничкото потекло или политичките мислења на тоа лице, или дека исполнувањето на барањето би предизвикувало предрасуди кон таа личност • Кога екстрадицијата би била спротивна на принципот на невраќање според меѓународните човекови права и бегалското право	
Законската регулатива предвидува гонење наместо екстрадиција (таму каде што е забранета екстрадиција на државјани), или спроведување казна против лицето, како што е соодветно (*aut dedere aut judicare*), за да се поддржи правото на жртвите да добие правда.	
Воведени се процедури за давање дипломатски гаранции на замолената држава: • Дека лицето кое се бара за екстрадиција ќе биде третирано во согласност со стандардите за човекови права • Дека лицето кое се соочува со обвиненија за смртна казна нема да биде осудено на таква казна	
Условите под кои екстрадицијата може да се одобри врз основа на гаранции или да се одбие дури и кога се обезбедени гаранции, се јасно поставени, и во вториот случај тие вклучуваат конзистентна практика на грубо, флагрантно или масовно кршење на човековите права на државата барател.	
Процедурите предвидуваат забрзана и/или поедноставена екстрадиција за да се намалат одложувањата во интерес на правдата и за жртвите и за престапниците, како и за одржување на основните законски права на лицето кое се бара, вклучително и со дозволување на доброволна и целосно информирана согласност на лицето, на начини кои ги земаат предвид попреченоста, родот, писменоста и другите фактори при информирањето на лицето за неговите права и последиците од откажувањето од вообичаената постапка за екстрадиција.	

УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА	
Воведени се заштитни мерки за да се обезбеди правото на слобода и слобода од арбирарно притварање при било кое привремено апсење извршено пред екстрадицијата.	
Надлежноста над екстрадираното лице е ограничена на делото за кое е побарана или одобрена екстрадицијата (начело на специјалност).	
Трансфер на осудени лица (член 17 од Конвенцијата)	
Законската регулатива налага одбивање на соработката доколку со осудата на осуденото лице му е повредено правото на правично судење.	
Законодавството дозволува трансфер на осудените лица во нивната матична земја само со нивна согласност и го вклучува правото да бидат информирани за подобноста да аплицираат за таков трансфер.	
Законодавството бара одбивање на соработката ако со трансферот би се прекршиле меѓународните стандарди за човекови права, како што се принципот на протерување, правото на живот, забраната за тортура или ако условите за притвор во државата на прием не ги исполнуваат стандардите за човекови права .	
Воспоставени се судски или административни процедури за да се признае казната, било со прилагодување на казната за да се усогласи со стандардите за човекови права во домашната легислативс на државата на прием (продолжено извршување) или со преобразување на казната врз основа на фактите што ги утврдил судот во државата што ја изрекла казната, во согласност со принципот на законитост.	
Воспоставени се одредби со кои се бара времето што е веќе отслужено да се одземе од периодот изречен во државата во која се префрла осуденото лице.	
Условите за затворање на префрлените лица се регулирани во согласност со нивните човекови права во домашното и меѓународното право, земајќи ги предвид и посебните потреби и хуманитарните услови, кои обезбедуваат недискриминација меѓу домашните затвореници и затворениците префрлени од странство.	

Анекси

I. ЗАСТАПУВАЊЕ

Засегнатите страни често наидуваат на противење за вклучувањето на родовите и човековите права во законодавните и политичките одговори. Аргументите дадени подолу може да се ставаат во контекст кој ќе означува застапување за човекови права и родово-одговорни пристапи кон организираниот криминал.

ПРОТИВЕЊЕ/ПРЕДИЗВИК	АРГУМЕНТИ СО КОИ СЕ ЗАСТАПУВА ВКЛУЧУВАЊЕТО
ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ	
Прашањата за родовите и човековите права не се сметаат значајни за спречување на организираниот криминал.	Одговорите на кривичното право сами по себе се несоодветни за решавање на основните причини за транснационалниот организиран криминал, вклучувајќи ја ранливоста и маргинализацијата. Превентивните стратегии и активности кои не се засновани на права и не се родово-одговорни честопати се неефикасни. Пристапите кои се родово-одговорни и се засноваат на човекови права ги решаваат основните причини за организираниот криминал и се засноваат на обврските што државите ги имаат во меѓународното право.
ПРОГОН НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ	
Вклучувањето на родовите и човековите права во главните политики се смета за пречка за ефективно следење на организираните криминалци.	Човековите права и родово-одговорните пристапи во истрагите и гонењето на организирани криминалци ја зголемуваат веројатноста доказите да бидат прифатливи и убедливи на суд.
Практичарите од кривичната правда им пристапуваат на сите лица кои се вклучени во организираниот криминал како сторители на тежок криминал.	Постојат различни улоги, степени на одговорност и нивоа на дејствување на лицата кои учествуваат во организираниот криминал. Само тешкото кривично дело за кое нема олеснителни фактори треба да се гони и казнува со максимални казни. Ограничените ресурси на кривичната правда наменети за справување со организираниот криминал не треба да се злоупотребуваат за да се гонат прекршителите од ниско ниво. Во стратегиите за организиран криминал треба да се даде приоритет на потрагата по сериозен криминал.

ПРОТИВЕЊЕ/ПРЕДИЗВИК	АРГУМЕНТИ СО КОИ СЕ ЗАСТАПУВА ВКЛУЧУВАЊЕТО
Родовата еднаквост во органите за прогон не се смета за вредна во борбата против организираниот криминал.	Родовата разновидност на кадрите во кривичната правда го зголемува капацитетот на агенциите за спроведување на законот да воспостават родово-одговорни пристапи во истрагите, а со тоа се зголемуваат резултатите од истрагата преку поуспешни процеси на интервјуирање.
Се верува дека жените ги имаат истите можности да работат во кривичната правда како и мажите, но избираат да не го прават тоа.	Во законот и политиката, многу жени имаат еднакви можности да влезат во системот на кривичната правда како оние на мажите, но во пракса тие се соочуваат со дополнителни бариери како што се родови стереотипи, вознемирување, дискриминација и предизвикот усогласување на работата и семејниот живот поради доделените родови улоги. Потребна е родова одговорност за да се отстрани оваа нееднаквост.
Обуката на адвокатите на одбраната и пружањето правна помош на обвинетите лица не се вреднува ниту има приоритет во гонењето на организираните криминалци.	Правото на правично судење е клучна компонента за ефективни системи на кривичното право. Правичните судења кои ги поддржуваат правата на обвинетите се помалку подложни на жалба. Доколку адвокатите на одбраната не се обучуваат заедно со обвинителите, обвинителите нема да можат целосно да ги развијат вештините за да им се спротивстават на транснационалните организирани криминалци кои ангажираат високо квалификувани адвокати на одбрана.
Смртната казна е достапна за дела поврзани со транснационалниот организиран криминал.	Примената на смртната казна ги одвраќа колегите од другите земји да споделуваат разузнавачки информации и соработка преку системот на заемна правна помош, екстрадиција и трансфер на осудени лица. Примената на смртната казна може да ги одврати сведоците од целосно и вистинито сведочење против сторителите. УНОДЦ и другите агенции на Обединетите нации, како и донаторите, се соочуваат со предизвици во ангажирањето или обезбедувањето поддршка на државите кои применуваат смртна казна.
ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА ПОГОДЕНИ ОД ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ	
Мажите, момчињата и родово различните луѓе не се сметаат за потенцијални жртви на транснационален криминал.	Системите за идентификација ослабуваат доколку содржат дефицитарни или неточни информации за тоа кој е жртва на транснационален организиран криминал. Процесите на идентификација и проверка мора да бидат инклузивни и да овозможат сите жртви на транснационален криминал да бидат идентификувани како жртви или сведоци на транснационален криминал.
Одредени категории на жртви немаат доволен пристап до услуги за заштита и помош.	Неопходна е родовата анализа на динамиката на организираниот криминал за да се обезбеди достапност на услугите за сите лица подеднакво, и на мажи и момчиња, жени и девојки, државјани и не-државјани, лица со попреченост или други маргинализирани групи или лица во ранливи ситуации.
Жртвите/сведоците не се третирани во согласност со нивните човекови права за време на процесите на кривичната правда. Во судските постапки не се применуват пристапите насочени кон жртвите.	Почитувањето на правата на жртвата/сведокот е клучно за постигнување и зачувување на сведочењата. Сведочењата на жртвите/сведоците може да опаднат како резултат на изгубената доверба во кривичното правосудство. Судовите кои не се фокусираат на жртвите не добиваат ефективни сведочења, а судските/судските одлуки се подложни на жалба
УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ	
Државните актери го гледаат граѓанското општество како штетно за напорите против организираниот криминал.	Граѓанските организации можат да бидат клучните партнери во напорите да се одговори на транснационалниот организиран криминал, вклучително и преку обезбедување информации и премостување на празнините во државниот капацитет. Граѓанските организации можат да бидат силни поборници за доверба и транспарентност.

ПРОТИВЕЊЕ/ПРЕДИЗВИК	АРГУМЕНТИ СО КОИ СЕ ЗАСТАПУВА ВКЛУЧУВАЊЕТО
Вклучувањето на родот и човековите права се смета за пречка за меѓународна соработка.	Соработката со други држави на начини кои не се родово - одговорни или се спротивни на човековите права може да резултира со неефективен одговор и да го ризикува угледот на владата поради учество во кршење на човековите права.
ДРУГИ предизвици за вклучување, идентификувани од законодавците и креаторите на политиките	
Прашањата за родовите и човековите права се сметаат за „луксуз" резервиран за државите со повеќе финансиски и човечки ресурси.	Родовите и човековите права не се прашања надвор од ефективната имплементација на Конвенцијата, туку се составен дел на процесот. Сите држави имаат обврски кон човековите права.

II. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРАШАЊЕТО ЗА РОДОВИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МЕХАНИЗМОТ ЗА ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ПРОТИВ ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И НЕЈЗИНИТЕ ПРОТОКОЛИ

Механизмот за следење на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и нејзините протоколи е процес на колегијална рецензија со кој државите членки на Конвенцијата за организиран криминал и нејзините три протоколи се поддржуваат во обезбедувањето на ефективна имплементација на овие инструменти. Прегледот на имплементацијата на одредбите содржани во овие правни инструменти е структуриран во четири тематски кластери врз основа на нивната тема, а секој ќе се разгледува во временски период од две години:

- Криминализација и јурисдикција
- Превенција, техничка помош, мерки за заштита и други мерки
- Спроведување на законот и судскиот систем
- Меѓународна соработка, меѓусебна правна помош и конфискација

Прегледите на земјите се вршат прво преку одговарање на прашалниците за самооценување, алатка развиена и договорена од државите членки со која се овозможува нивна самооценка на спроведувањето на Конвенцијата и нејзините протоколи.[1] Иако размислувањата за родовите и човековите права не се директно опфатени во тематските кластери на прашалниците за самооценување, тие може да се земат предвид во одговорите на целните прашања, каде што со прашалниците на државите членки им се нуди можност да споделат информации за националното законодавство, предизвиците и најдобри практики, вклучително и за вклучување на родовите аспекти во главните политики и човековите права.

Понатаму, во согласност со процедурите и правилата за функционирање на Механизмот за преглед на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и нејзините протоколи,[2] државите членки се охрабруваат да ги подготват своите одговори на прашалникот за самооценување преку широки консултации со релевантните засегнати страни, вклучувајќи го приватниот сектор, невладините организации и академската заедница, со

[1] Прашалникот за самооценување за четирите тематски кластери е усвоен преку резолуцијата 10/1 на Конференцијата на страните, анекс III

[2] Види анекс на Конференцијата на страните, Резолуција 9/1

што се овозможува зголемена одговорност за вклучување на родовите и човековите права во имплементацијата на Конвенцијата за организиран криминал.

Во табелата подолу, корисниците можат да најдат неисцрпна листа на потенцијални прашања од прашалникот за самооценување, каде што државите можат да размислат за известување околу нивните напори за воведување на родовите и човековите права.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ОРГА-НИЗИРАН КРИМИНАЛ, РЕЛЕВАНТЕН ЧЛЕН	ТЕМА НА ПРАШАЊЕТО	РЕЛЕВАНТНОСТ	КЛАСТЕР	ПРАШАЊЕ – ПРАШАЛНИК ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ
Член 24 – Заштита на сведоци	Заштита на сведоците од потенцијална одмазда и заплашување	Човекови права и родови размислувања	II	Прашање 1, 2 и 3 – Конвенција за организиран криминал, Кластер II
Член 25 – Помош и заштита на жртвите		Човекови права и родови размислувања	II	Прашање 5,6 и 7 – Конвенција за организиран криминал, Кластер II
Член 29 – Обука и техничка помош		Човекови права и родови размислувања	II	Прашање 8 (а) – Конвенција за организиран криминал, Кластер II
Член 31 – Превенција	Национални проекти/ најдобри практики или политики за спречување на транснационалниот организиран криминал	Родови размислувања	II	Прашање 16 (а) – Конвенција за организиран криминал, Кластер II
Член 31 (3) – Превенција	Реинтеграција на прекршителите	Размислувања за човекови права	II	Прашање 18 (а) – Конвенција за организиран криминал, Кластер II
Член 31 (7) – Превенција	Проекти кои ги ублажуваат околностите кои ги прават социјално маргинализираните групи ранливи на организираниот криминал	Родови размислувања	II	Прашање 22 и 22 (а) – Конвенција за организиран криминал, Кластер II
Член 7 – Мерки за борба против перење пари	Идентификација на клиентот	Родови размислувања	III	Прашање 1 (b) (i) – Конвенција за организиран криминал, Кластер III
Член 19 – Заеднички истраги	Добри практики и примери за воспоставување договори за заеднички истраги	Размислувања за човекови права	III	Прашање 10 - Конвенција за организиран криминал, Кластер III

Член 20 – Посебни истражни техники	Правни услови за примена на овие техники	Размислувања за родови и човекови права	III	Прашање 14 - Конвенција за организиран криминал, Кластер III
Член 28 – Собирање, размена и анализа на информации за природата на	Информации за трендовите во организираниот криминал	Родови размислувања	IIII	Прашање 27 (а) – Конвенција за организиран криминал, Кластер III
Член 12 – Конфискација и заплена	Конфискација заснована на неосудителна пресуда	Размислувања за човекови права	IV	Прашање 3 – Конвенција за организиран криминал, Кластер IV
			IV	Прашање 8 (c) – Конвенција за организиран криминал, Кластер IV
	Управување со запленет имот		IV	Прашање 8 (d) – Конвенција за организиран криминал, Кластер IV
Член 14 – Располагање со конфискувани приноси од казниво дело или имот	Враќање на конфискуваните средства за обештетување на жртвите	Размислувања за човекови права	IV	Прашање 15 (а) – Конвенција за организиран криминал, Кластер IV
Член 14 – Располагање со конфискувани приноси од казниво дело или имот	Продажба на приходи доделени на меѓувладини тела специјализирани за борба против организираниот криминал	Човекови права и родови размислувања	IV	Прашање 16 – Конвенција за организиран криминал, Кластер IV

ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ

Клучни ресурси за процесот на вклучување на родовите и човековите права (во оригинал)

Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал

Model Legislative Provisions against Organized Crime, 2021

Issue Paper: Organized Crime and Gender – Issues relating to the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, 2022

"Organized crime strategy toolkit for developing high-impact strategies", 2021

SHERLOC портал

Issue Paper: The United Nations Convention against Organized Crime and International Human Rights Law, 2022

UNODC, SHERLOC portal, Education for Universities, Tertiary, Organized Crime, Module 15: Gender and Organized Crim

UN-Women

Intersectional Resource Guide and Toolkit: An Intersectional Approach to Leave No One Behind, 2021

I Know Gender 17: Gender Equality and Organized Crime Module, 2022

Други ресурси релевантни за одредени видови криминал или компоненти на одговор(во оригинал)

Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал

Combating Falsified Medical Product-Related Crime: A Guide to Good Legislative Practices, 2019

Combating Transnational Organized Crime Committed at Sea: Issue Paper, 2013

Combating Waste Trafficking: A Guide to Good Legislative Practices, 2022

Criminal Intelligence: Manual for Front-line Law Enforcement, 2010

Criminal Intelligence: Manual for Analysts, 2011

Criminal Intelligence: Manual for Managers, 2011

Current Practices in Electronic Surveillance in the Investigation of Serious Organized Crime, 2009

Digest of Cases of International Cooperation in Criminal Matters Involving the United Nations Convention against Transnational Organized Crime as a Legal Basis, 2021

Digest of Cyberorganized Crime, 2021

Good Practices for the Protection of Witnesses in Criminal Proceedings involving Organized Crime, 2008

Guidance on the Use and Preparation of Serious Organized Crime Threat Assessments: The SOCTA Handbook, 2010

Guide on Drafting Legislation to Combat Wildlife Crime, 2018

Handbook on Identity-related Crime, 2011

Handbook on the International Transfer of Sentenced Persons, 2012

Justice in Matters involving Child Victims and Witnesses of Crime: Model Law and related commentary, 2009

Manual on International Cooperation for the Purposes of Confiscation of Proceeds of Crime, 2012

Manual on Mutual Legal Assistance and Extradition, 2012

Model Law on Extradition, 2004

Model Law on Mutual Assistance in Criminal Matters, 2007, as revised in 2022

Model Treaty on Extradition (General Assembly resolution 45/116, annex, as amended by General Assembly resolution 52/88, annex)

Model Treaty on Mutual Assistance in Criminal Matters (General Assembly resolution 45/117, annex, as amended by General Assembly resolution 53/112, annex I)

Implementation of the United Nations Convention against Transnational Organized Crime: Needs Assessment Tools, 2016

Issue Paper: Policymaking and the Role of Online Intermediaries in Preventing and Combating Illicit Trafficking, 2021

Practical Guide for Requesting Electronic Evidence Across Borders, 2019

Responding to Illegal Mining and Trafficking in Metals and Minerals: A Guide to Good Legislative Practices, 2022

United Nations Counter-Kidnapping Manual, 2006

UNODC Toolkit for Mainstreaming Human Rights and Gender Equality into Criminal Justice Interventions to Address Trafficking in Persons and Smuggling of Migrants, 2021

Chatham House

Integrating Gender in Cybercrime Capacity-Building: A Toolkit, 2023

Меѓународен конзорциум за борба против криминалот против дивиот свет

Wildlife and Forest Crime Analytic Toolkit, 2012

Wildlife and Forest Crime Analytic Toolkit, 2nd ed, 2022

UNODC
United Nations Office on Drugs and Crime

Vienna International Centre, P.O. Box 500, 1400 Vienna, Austria
Tel.: (+43-1) 26060-0, Fax: (+43-1) 263-3389, www.unodc.org

2313100